**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk


# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК


| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **02.12.2019 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 13 – 2019 год.** |

ДЕКЕМВРИ 2019

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

# ПРОГРАМА

## за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2020 година

Ноември - 2019 Македонски Брод

Врз основа на член 20 точка 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18 год.) член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод" бр.02/03, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 29.11.2019 година донесе:

# ПРОГРАМА
## ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2020 ГОДИНА

## ВОВЕД :

Со оваа Програма се уредува :

1.Урбанизација на територијата на општината Македонски Брод
2.Извори на финансирање на Програмата
3.Средства наменети за изработка на урбанистички планови
4.Динамика за извршување на програмата
5.Преодни и завршни одредби

**1.УРБАНИЗАЦИЈА**

Изготвувањето на урбанистичките планови има за цел да обезбеди услови за континуиран процес на планско насочување на просторниот развој преку спроведување на основните поставки и насоки за идната просторна организација, уредување, користење и заштита на просторот како во градот така и на целата територија на општината.

Исто така општините се должни урбанистичко-планската документација со која се врши вклопување на бесправно изградените објекти да ја донесат во рок од 5 години од донесувањто на законот за постапување со бесправно изградени објеки.

Со спроведување на горе спомenатите поставки општината ќе обезбеди уредување и хуманизација на просторот како и заштита и унапредување на животната средина и природата.

Како основни задачи од аспект на урбанистичкото планирање во 2019 година треба да се реализираат следните активности, а целокупната постака се води преку електронскиот систем Е-урбанизам:

-Довршување на постака за изработка и донесување на започнатата урбанистичко-планска документација и тоа:

1.Ревизија на Генералниот урбанистички план (ГУП) за Македонски Брод,

2.Изменување и дополнување на Детален урбанистички план (ДУП) „Блок-4" за Македонски Брод- вклопување на бесправно изградени објекти,

3.Изработка на Детален урбанистички план (ДУП) за село Брод,

4.Изработка на Урбанистички план (УП) за село:Ижиште, Русјаци, Самоков,

5. Изработка на Урбанистички план (УП) за село Брест,

6.Изработка на Урбанистички план за вон населено место (УПВНМ) -викенд зона „Долна Брезница" и

7. Изменување и дополнување на Урбанистички план за вон населено место (УПВНМ) -викенд зона „Долна Белица".

8. Изработка на Локална урбанистичко планска документациаја за градби со основна класа на намена А-1 домување во станбени куќи на КП бр.1174/161, КП бр.1668/70, КП бр.1173/2, КП бр.1173/3, КП бр.1173/4 , дел од КП бр.1730 и дел од КП бр.1667/1 за КО Здуње, с.Здуње, Општина Македонски Брод.

Во наредниот период како континуитет на досегашните активности од доменот на урбанистичкото планирање потребно е да се изработат:

**А.ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА МАКЕДОНСКИ БРОД**

-Измена и дополна на Деталниот урбанистички план (ДУП) „Блок-1“за Македонски Брод.

**Б.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛА**

Во нашата општина постои урбанистичка документација за неколку села, која сега треба да се усогласи со Законот за просторно и урбанистичко планирање, односно потребно е да се изврши ревидирање и донесување на ниво на урбанистички планови за села.Исто така потребно е ревидирање на постојните и донесување на нови урбанистички планови за села и тоа за:

-Урбанистички план за с.Здуње
-Урбанистички план за с.Близанско
-Урбанистички план за с. Белица
-Урбанистички план за с.Црешнево

**В.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО**

Урбанистички план за вон населено место, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, се донесува по потреба за плански опфат, за подрачје од рурален карактер.Со овој план се уредува намена и начин на користење на просторот, како и услови за градење на комплексни градби вон од градот и другите населени места.Бидејќи овие урбанистички планови се изработуваат врз основа на предходно издадени услови за планирање на просторот од страна на Агенцијата за планирање на просторот и Министерството за животна стедина и просторно планирање и нивното донесување ќе биде согласно законските процедури , изработена и усвоена Планска програма. Се предвидува изработка на нови урбанистички планови и измени и дополување на постојните за следните локалитети:

1.Изработка на урбанистички план вон населено место за електроцентрали од обновливи извори на енергија на КП бр.1 и КП бр.303 за КО Манастирец во површина од 240.740 м2

2.Изработка на урбанистички план вон населено место за електроцентрали од обновливи извори на енергија на КП бр.1574/1 за КО Манастирец во површина од 712.800 м2.

3.Изработка на урбанистички план вон населено место за електроцентрали од обновливи извори на енергија на КП бр.1668, КП бр.1664,КП бр.1667, КП бр.1665/1, КП бр.1855/1, КП бр.1865 и КП бр.1857/1 за КО Манастирец во површина од 485.923 м2.

4.Изработка на урбанистички план вон населено место за изградба на локалитет „Белица“ со намена А-4 времено сместување на КП бр.215, КП бр.216, КП бр.181/7 и КП бр.181/8 за КО Белица општина Македонски Брод за плански опфат во површина од 21.865 м2.

**Г-ИЗРАБОТКА НА ОПШТИ АКТИ ЗА СЕЛА**

Врз основа на член 84, став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16) до донесување на план за село,изградбата на селата кои немаат урбанистичка документација,може да се врши под услови и на начин што со општ акт ќе ги утврди општината.Општиот акт се донесува по предходна согласност на Министерството за транспорт и врски –Сектор за уредување на просторот Скопје.

Општите акти содржат задолжително текстуален дел –Предлог одлука, најмалку еден графички прилог и нумерички дел.

Предлог-Одлуката и графичкиот дел ги изработува правно лице кое поседува лиценца согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Градоначалникот на општината формира комисија за одобрување на Предлог-Одлуката составена од најмалки три члена и тоа:Лице од општинската администрација одговорно за урбанистичко планирање и две стручни лица од обласа на урбанистичкото планирање, од кои еден архитект со овластување за изработка на урбанистички планови.

Одобрената Предлог-Одлука ,нумеричкиот дел и градфиччкиот прилог се доставуваат до Министерството за транспорт и врски –Сектор за уредување на просторот ,со барање за издавање на согласност.

Министерството за транспорт и врски ја издава бараната согласност односно го одбива барањето за нејзино издавање во рок од 15 работни дена од приемот.

По издавање на Согласноста од страна на Министерството за транспорт и врски Општиот акт го донесува Советот на општината.

Општиот акт задолжително содржи еден графички прилог во размер 1:2500,со дефинирана граница на опфатот на селото, граници на зони според намената на земјиштето и дефиниција на наменската употреба на тие површини, основни влезни и излезни постојни правци во селото и означени траси за истите.

Изготвувањето на Општите акти имаат за цел да обезбедат услови за континуиран процес на планско насочување на просторниот развој преку спроведување на основните поставки и насоки за идната просторна организација, уредување, користење и заштита на просторот, хуманизација на просторот како и заштита и унапредување на животната средина и природата во селата на целата територија на општината Македонски Брод.

Како основни задачи од аспект за изработка на Општи акти за села, кои немаат урбанистичка документација на територијата на општината Македонски Брод во наредниот период се предвидуваат изработка на Општи акти за следните лена:

- Општ акт за с.Сланско,
- Општ акт за с.Локвица,
- Општ акт за с.Зркле,
- Општ акт за с.Косово,

**Д.ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

По барање на правни и физички лица Градоначалникот на Македонски Брод со решение одобрува Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти вон населени места согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

1.Изработка на Локална урбанистичко планска документациаја за градби со основна класа на намена А-1 домување во станбени куќи во с.Пласница за КО Ореовец и КО Ижиште, Општина Македонски Брод.

## Ѓ.ДРУГИ АКТИВНОСТИ

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање во подготовка за изработка на урбанистичко-палнска документација за потребите на општината Македонски Брод се предвидуваат и следните активности:

-Изработка на ажурирани геодетски подлоги и геодетски услуги ,

-Изработка на плански програми за добивање на Услови за планирање на просторот од страна на Агенцијата за планирање на просторот

-Изработка на Проекти за инфраструктура (ПИ)

-Изработка на Архитектонско-урабанистички проекти (АУП)

## 2.ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за урбанистичко планирање на подрачјето на општина Македонски Брод за 2020 год. се финансира од:

-Буџетот на општината Македонски Брод за 2020 година ,

-Од правни и физички лица чии што барања ќе се вградат во оваа Програма и -

-Од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.

## 3.СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Општина Македонски Брод ја финансира Програмата за изработката на урбанистишки планови со средства што ќе се предвидат во Буџетот за 2020 година во износ од 3.100.000,00 денари.

## 4.ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето ќе зависи од приливот на средства:

- Од надоместок за уредување на градежно земјиште,

-Средства наплатени согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти и

-Средства од правни и физички лица.

## 5.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на програмата ја врши Градоначалникот на Општина Македонски Брод.

Програмата може да се дополнува и изменува во текот на годината доколку има потреба.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето,а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.18 – 893/3**
**29.11.2019 год.**
**Македонски Брод**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
.
**на Советот на Општина Македонски Брод**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Програма**
**за урбанистичко планирање на територијата на**
**општината Македонски Брод за 2020 година**

Се прогласува Програма за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2020 година, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Бр.08- 893/25**
**02.12.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Дипл.шум.инг.Живко Силјаноски с.р.**

МАКЕДОНСКИ БРОД

# *ПРОГРАМА*
# *ЗА ИЗГРАДБА,РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2020 ГОДИНА*

*Ноември,2019 година*

Врз основа на член 22 став 1 и точките 1 и 4 и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа на РМ („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03....бр.4/2017), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 29.11.2019 година, ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**
**за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2020 година**

## 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Согласно надлежностите произлезени од Законот за локална самоуправа,Општина Македонски Брод ја изготви Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици на територијата на Општина Македонски Брод.

Со оваа Програма се планираат активностите на општината Македонски Брод за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици на подрачјето на општината Македонски Брод за 2020 година.

При изготвување на програмата се има во предвид дореализацијата на планираните активности од 2019 година, постојната состојба на инфраструктурата, барањата на месните заедници и граѓаните, согледувањата на општинската администрација и можностите за обезбедување на финаснсиски средства.

## 2.АКТИВНОСТИ

### 1.Изработка на проектна документација за проекти

За изработка на проектна документација (ажурирани подлоги, проекти за инфраструктура, ревизии на проектот за инфраструктура, основни проекти и ревизии на основните проекти и решавање на имотно-правни работи) за локални патишта и улици се предвидуваат средства во износ од ...........................................................**3. 000.000 денари.** за следните проекти:

**1.** Подготовка на техничка документација за изградба на локален пат од с.Модрипште до с.Вир;
**2.** Подготовка на техничка документација за изградба на локален пат од с.Тажево до с.Брезница;

**3.** Подготовка на техничка документација (проект за инфраструктура и основен проект ) за изградба на улици во с.Сувидол
**4.** Подготовка на техничка документација (проект за инфраструктура и основен проект ) за изградба на улици во с.Црешнево –Старовци
**5.** Подготовка на техничка документација (проект за инфраструктура и основен проект ) за изградба на улици во с.Брест
**6.** Изработка на проектна документација за поставување на бекатон плочки на улици каде неможе да се асфалтира ( ул.„Песјак“, „Илија Игески Цветан-крак“, „Поречка“ до „Јане Сандански“ крак и др.)
**7.** Проектна документација за реконструкција на улици во Македонски Брод
**8.** Изработка на проектна документација за изградба на улици во с. Пласница на делот кој се најдува на територија на Општина Македонски Брод
**9.** Изработка на проектна документација за изградба на тротоари на дел од регионалниот пат Р 1303 ( Кичево - М.Брод - Прилеп) кој минува низ населеното место Ижиште
**10.** Изработка на основен проект за реконструкција на локален пат Р1303 до млекара „Маврово“
**11.** Изработка на сообраќаен проект за хоризонтална и вертикална сигнализација во Македонски Брод;
**12.** Проект за изградба на улица во с.Слатина од главниот пат до селската црква
**13.** Проект за асфалтирање на улици во с.Требино
**14.** Подготовка на техничка документација за локален пат с.Зркле крак 2 и крак3
**15.** Изработка на проектна документација за локален пат од с.Здуње до с.Требовље во должина од 12 000 м.
**16.** Изработка на проект за санација на локален пат за с.Долно Крушје на место викано Иванова Река

**2. Доизградба на локалната патна мрежа во општината**

За 2020 година со нови барања до домашни и странски фондови и агенции за финансиска поддршка се планира да се аплицира за следните локални патни правци:

**1**. Реконструкција – рехабилитација на локален пат од Р1303 м.в.Барбарос до с.Крапа во должина од 7.844м. и вредност од 28.385.680 ден.

**2**. Изградба на локалниот пат од Р408 до с.Рамне со должина од 4 500м. и вредност од 37.452.624 ден.

**3**. Изградба на локален пат за с.Бенче со должина од 5.784м и вредност од 48.022.145 ден.

**4**. Доизградба на локалниот пат кој ги поврзува викенд населбите Здуње и Близанско со должина од 10.400м. и вредност од 59.729.362 ден.

**5**. Изградба на локален пат од Р408 до Долно Ботушје должина 4540метри и вредност од 38.457.387 денари.

*Ноември,2019г.*

**6**. Изградба на локален пат од Р1106 до с.Брезница со должина 8 725 метри и вредност од 85.192.906 денари.

**7**. Доградба на локален пат од Томино село до с.Сушица - Делница 2 (дел од лок. пат Василковци – Томино село до раскрсница со с.Сушица и до Томино село) во должина од 1 366м. и вредност од 20.115.646 денари

**8**. Доградба на локален пат од Томино село до с.Сушица - Делница 3 (од раскрсница с.Сушица-Томино село до горно маало во с.Сушица) со должина од 1952 м. и вредност од 35.957.779 денари

**9**. Доградба на локален пат од Томино село до с.Сушица - Делница 4 (од раскрсница с.Сушица-Томино село до долно маало во с.Сушица) со должина од 787 м. и вредност од 11.388.871 денар.

**3.Изградба –модернизација и реконструкција на улици:**

**1**. ул.„Илинденска“ – крак 3 и 4

**2**. ул.„ М.Пупин - крак “

**3**. ул.„Даме Груев“ – крак

**4**. Изградба на пешачка улица од ул. „Партизанска“ до ул.„15-та Бригада“

**5.** Изградба на пешачка улица од ул „Јане Сандански“ до ул.„Поречка“

**6**. Изградба на пешачка улица од ул. „Ѓ.Ѓаковиќ“ до ул.„Илија И. Цветан“

**7**. Изградба на пешачка улица ул.Песјак-крак

**8.** Доизградба на улица од мост на река Треска до градските гробишта во Македонски Брод

**9.** Изградба на улици во с.Сувидол

**10.** Изградба на улици во с. Црешнево - Старовци

**11**. Изградба на улици во с.Брест

**12**.Тампонирање на улици во селски населени места по барања на МЗ

Износот на предвидените средства за овие активности е...................... **8.000.000 денари**. За дел од проектите ќе се обезбедуваат средства од донации.

**4. Изградба на мостови**

**1**. Санација на конструктивни делови и огради на мостови

**Предвидени средства ........................................................................ 750.000 денари**

**5.Одржување на локални патишта, улици и јавни површини**

**1.** Реконструкција на спомен паркот и фонтаната на излезот за Кичево 4.531.536 ден.

**2.**Тековно одржување на локални патишта и улици ....2.000.000 ден

**Вкупно предвидени средства за овие активности......................................... 6.531.536 ден.**

**За буџетската 2020 година за реализација на наведените проекти потребни се средства во висина 18.281.536 денари.**

## 3. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката ќе се одвива согласно приходите на Буџетот на општината М.Брод во текот на календарската година.

Се овластува Градоначалникот да ја реализира оваа програма согласно приходите во текот на 2020 год.

## 4. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа програма во текот на календарската година може да се изменува и дополнува согласно барањата и потребите на граѓаните.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

Бр. 18 – 893/4
29.11.2019 г.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**БРАНЕ ЈОВАНОСКИ с.р**

*Ноември,2019г.*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Програма**
**за изградба, реконструкција, одржување и заштита на**
**локални патишта и улици во Општина Македонски Брод**
**за 2020 година**

Се прогласува Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2020 година, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Бр.08- 893/25**
**02.12.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Дипл.шум.инг. Живко Силјаноски с.р.**

# ПРОГРАМА
# ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ВОДОВОДИ, КАНАЛИЗАЦИОНИ МРЕЖИ И СОБИРАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКИ ВОДИ ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2020 ГОДИНА

*Ноември,2019г.*

Врз основа на член 22 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 15 точка 4 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03….04/17), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.11.2019 година ја донесе следната:

# ПРОГРАМА

## за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод за 2020 година

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод ги утврдува планираните активности во областа на изградбата, реконструкцијата и одржувањето на локалните водоводи, канализационите мрежи и собирањето и одведувањето на атмосферските води и потребните финансиски средства за нивна реализација.

### 2. АКТИВНОСТИ

#### А. ВОДОСНАБДУВАЊЕ

- **Изработка на проектна документација**

Потребно е да се изработат ажурирани геодетски подлоги, проекти за инфраструктура, ревизии на проекти за инфраструктура, основни проекти и ревизии на основни проекти за изградба и реконструкција на водоводни мрежи за следните населени места:

1. Изработка на проектна документација за реконструкција на старата водоводна мрежа во с.Самоков.
2. Изработка на проектна документација за доизградба на водоводна мрежа со резервоар во с.Ижиште (населбата која се најдува покрај регионалниот пат Р1303)

3. Изработка на проектна документација за замена на азбестцементни цевки од водоводната мрежа на улиците „15-та Бригада“, „Партизанска“, „Илија Игески Цветан“ и „Вера Јоциќ“
4. Изработка на проектна документација за реконструкција на резервоари во населени места по барање на месни заедници ( с.Долно Крушје, с.Томино село, с.Заград, с.Звечан)
5. Изработка на проектна документација за водоснабдување на с.Тополница и заселок Василковци со приклучок на регионалниот водовод
6. Изработка на проектна документација за водоснабдување на с.Могилец и с.Калуѓерец со приклучок на регионалниот водовод
7. Изработка на проектна документација за проширување и реконструкција на водоснабдителен систем во с.Битово
8. Изработка на проектна документација за реконструкција на водоснабдителниот систем од с.Крапа до с.Локвица и с.Вир.

**Потребни средства за реализација на овие активности ......................... 400.000 денари.**

- **Изградба на водоснабдителни системи**

**1**. Водоснабдување на селата Црешнево и Старовци … 15.136.529 ден.

**2**. Реконструкција и подобрување на водоснабдувањето во село Сланско...14.000.000 ден.

**3**. Водоснабдување на викенд населба Здуње ....................................10.247.324 ден

**4.** Водоснабдување на викенд населба Близанско ...............................2.258.744 ден.

**5**. Водоснабдување на викенд населба Долна Белица ......................… 7.387.855 ден.

**6**.Водоснабдување на с. Драгов Дол (во тек е подготовка на проектна документација)

**7**. Водоснабдување на с.Калуѓерец (во тек е подготовка на проектна документација)

**8**. Изработка на проектна документација за реконструкција на водоснабдителниот систем од с.Крапа до с.Локвица и с.Вир.

**9**. Согледување на состојбите на постојните резервоари и нивно одржување и заштита.

Средствата потребни за реализација на овие проекти ќе се обезбедуваат тековно од домашни или странски фондови.

*Ноември,2019 година*

**Б. ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА**

- **Изработка на проектна документација**

**1.** Изработка на проектна документација за изградба на фекална канализација во с.Самоков..... 60.000 ден

**2.** Изработка на проектна документација за реконструкција на пречистителна станица во с.Самоков.....100.000 ден.

**3.** Изработка на проектна документација за доизградба на фекална канализација во с. Пласница на делот кој се најдува на територија на Општина Македонски Брод;.. 60.000ден.

**4.** Изработка на проектна документација за доизградба на фекална канализација во с. Ижиште ( населбата кој се најдува покрај регионалниот пат Р1303) ........ 60.000 ден.

**Вкупно предвидени средства за овие активност се 280.000 денари.**

- **Изградба на фекална канализација**

**1.**Доградба на фекална канализација со пречистителна станица за с. Брест ....................................................................................... 4.334.944 ден.

**2.**Изградба на фекална канализација во с.Девич со пречистителна станица ....................................................................................... 7.370.000 ден.

**3**.Доизградба на фекална каналиацијa во Македонски Брод покрај каналот Песјак ( во тек е изработка на проектната документација)……..

**4**. Изградба на фекална канализација во населба Долни Звечан со приклучна шахта во с.Самоков.......

Средствата потребни за реализација на овие проекти ќе се обезбедуваат тековно од домашни или странски фондови.

**В. АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА**

**1.** Доизградба на отворен канал за атмосферски води Лоштица до вливот во река Треска во должина од 320 м. ....................................................6.388.450 ден.

**2.** Доизградба на отворен канал за атмосферски води Песјак во должина од 200 м. 2.288.551,00 ден.

**Вкупно предвидени средства ........................................................................ 13.000.000ден.**

*Ноември,2019 година*

**За буџетската 2020 година за реализација на наведените проекти потребни се средства во висина од 13.680.000 денари.**

**3.ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ**

За дел од предвидените активности во оваа Програма се аплицира во Министерството за транспорт и врски преку Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ кој се финансира со средства од Европската инвестициона банка, согласно договорот СЕРАПИС бр.2008-0446 за финансирање на проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“, склучен меѓу Европската инвестициона банка и Република Македонија.

Активностите кои се однесуваат на подготовка на проектната документација ќе бидат финансирани од Буџетот на Општина Македонски Брод.

За останатите активности Општина Македонски Брод планира да аплицира со проекти пред други донатори и фондови.

**4.ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ**

Динамиката на реализација на активностите предвидени во оваа Програма пред се зависи од обезбедувањето и приливот на финансиските средства.

**5. ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.18 – 893/5**
**29.11.2019 година**
**Македонски Брод**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**БРАНЕ ЈОВАНОСКИ с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Програма**
**за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во**
**Општина Македонски Брод за 2020 година**

Се прогласува **Програма за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод за 2020 година**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Бр.08- 893/25**
**02.12.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Дипл.шум.инг.Живко Силјаноски с.р.**

# П Р О Г Р А М А
# за одржување на јавната чистота во Општина Македонски Брод за 2020 година

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота („Службен весник на РМ“ бр.111/08, 64/09, 88/10, 23/11, 53/11, 80/12….бр.31/16), член 22 точка 4 и член 36 од Законот за локалната самоуправа(Сл.весник на РМ бр. 05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл. Гласник бр.02/03…..бр.4/2017) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 29.11.2019 година, ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**
**за одржување на јавната чистота во Општина Македонски Брод**
**за 2020 година**

## I.Вовед

Со оваа програма се утврдуваат работите за одржување на јавната чистота во Општина Македонски Брод за 2020 година и тоа:

- Вид и обем на работите што треба да се извршат, финансиските средства, временските рокови за извршување, динамиката, начинот на вршење на работите ,одржувањето и обезбедувањето на јавни санитарни јазли и поставувањето на соодветни садови за фрлање на отпадоци на јавните површини и на отворените простори пред јавните објекти.

Одржувањето на јавната чистота е во зависност од **:**

- густина на населеност
- фрекфенција на луѓе и моторни возила
- степен на нечистотија
- степен на пречки( паркирани возила и друго)
- инфраструктурните сообраќајни услови
- делувањето на градежната оператива, која со своите возила се јавува како еден од најголемите загадувачи на јавните сообраќајни површини.

Одржувањето на јавната чистота ќе се состои од **:**

- Машинско и рачно метење и миење на улиците како и сите други јавни површини и отворени простори и јавни објекти наведени во Законот за јавна чистота,
-Празнење на уличните корпи за отпад кои ќе се поставаат во поширокото централно градско подрачје;
- Одржување на јавните површини во зимски услови.

## II.Одржувањето на јавната чистота ќе го вршат дежурни метачи.

Дежурните метачи ќе вршат рачно метење во поширокото централно градско подрачје, односно на:

- ул.”Маршал Тито” од погонот на поранешната фабрика за електроматеријали се´ до мостот на реката Треска,
- ул. “Партизанска”,
- тротоарите,
- плоштадот,
- патеката покрај кејот на реката Треска,
- спомен паркот и фонтаната како и празнење на уличните корпи за отпад и уличните пепељари и тоа од 7до15 часот пет дена во седмицата.

-Еднаш неделно на градскиот пазар (петок),
-Два пати неделно на детските и спортските игралишта.
-Одржување на фудбалскиот стадион по потреба
-Одржување на паркови и зелени површини
-Одржување на јавната чистота кај локалитетот Пешна по потреба
-Одржување на јавната чистота, урбаната опрема и обезбедување на услови за безбедно движење на посетителите по патеката кон пештерата Пешна –еднаш месечно
-Чистењето на одводните канали и сливниците за атмосферски води ќе се врши по потреба или еднаш месечно
- Одржување на јавната чистота на скалите кои водат до турбето
Исто така ќе се врши редовно одржување на чистотата на гробиштата во Македонски Брод и населените места и дополнително пред постојните верски празници.

Одржувањето на јавната чистота ќе го вршат дневните метачи.

Периферните делови на градот ќе се чистат периодично.

Миењето на улиците ќе се врши во летниот период и тоа во ноќните часови почнувајќи од месец Јуни па се до крајот на месец Септември. Интензитетот на миењето ќе биде еднаш месечно во поширокото централно градско подрачје и периодично во периферните делови на градот. За таа цел ќе биде ставена во употреба една цистерна.

Потоа ќе има периодично косење на банкини и тротоари на улиците во пролетниот и летниот период, кастрење на дрворедите еднаш годишно и периодично метење и подигање на отпадот на останатите улици и уништување на вегетацијата околу бетонските рабници како и на патеката покрај реката Треска.

ЈКП "Комунална хигиена" се задолжува да ги чисти и одржува безбедни за игра на децата, детските игралишта (сите три) два пати месечно.

Во зимскиот период, во услови на снег, дежурните метачи ќе работат на рачно чистење на снегот од тротоарите, пешачките патеки (покрај кејот и патеката што води до пештерата Пешна) и плоштадот како и ослободување на сливниците за нормално функционирање на атмосферската канализација.

Исто така ќе се врши посипување со индустриска сол, машински и рачно. Посипувањето со сол да се врши и пред главните влезови на јавните установи.

Чистењето на јавните објекти, дворните површини, колективни и индивидуални објекти, покрај редовното ќе се врши и вонредно со организирани акции два пати годишно и тоа еднаш напролет и еднаш наесен, со претходно известување. На тој начин на граѓаните и институциите во општината ќе им се овозможи да ги исчистат своите подруми и дворни места.

Чистењето на јавните површини после јавни манифестации,собири и други масовни собирања ќе се врши од страна на ЈКП по претходен договор со организаторот на истите.

Јавните површини кои по поројните врнежи се прекриени со наноси од песок и друг материјал ќе се чистат веднаш по престанувањето на врнежите и се со приоритет пред другите активности.

Во населените места Суводол, Девич, Манастирец, Требино и Самоков ќе се врши чистење на центарот и главната влезна улица два пати месечно.

**III.Поставување садови за отпад и јавни санитарни јазли**

Согласно Законот за јавна чистота ќе се продолжи со поставување на улични корпи за отпад, почнувајќи од централното градско подрачје кон периферните делови на градот, особено на пофрекфентните места во градот (пред училиштата, кај детските игралишта, кај болницата и на сл.места)

Поставување на контејнери да се реализира и во следните населени места: Суводол, Девич, Манастирец, Требино и Самоков, што значи дека има потреба од набавка на контејнери по селата заради одржување на јавната чистота.Да се определат места каде ќе се врши одлагање на отпадот кој ќе го собира еднаш месечно ЈКП Комунална хигиена.
Да се обезбедат и контејнери во кој ќе се врши селекција на отпад.

За одржување на јавната чистота меѓу другото да се изградат и јавни санитарни јазли, кои во моментот ги нема.

**IV.Чистење на диви депонии и поставување на табли за забрана на фрлање на отпад**

Физичкиот обем на работите и локалитетите се одредува месечно, според согледувањата на терен, од страна на Секторот за урбанизам, комунални дејности, ЛЕР и животна средина. Исчистените диви депонии се потврдуваат со месечен преглед доставен од страна на Јавното комунално претпријатие, а се одобруваат од Секторот за урбанизам, комунални дејности, ЛЕР и животна средина.

**V.Финансиски средства**

За успешно спроведување и реализација на предметнава програма и за успешно реализирање на програмски предвидените задачи и активности се предвидува да се обезбедат финансиски средства во износ од 2 500 000 денари во буџетот на Општина Македонски Брод.

**VI.Извршител на програмата**

Општина Македонски Брод го задолжува ЈКП "Комунална хигиена" – Македонски Брод за извршување на активностите предвидени со оваа Програма.

ЈКП "Комунална хигиена" Македонски Брод, се задолжува да изготви годишна програма за работа во која ќе бидат содржани вкупните површини, бројот на извршителите, ангажираната механизација, динамиката и степенот на услугата, како и финансиските показатели.

**VII.Надзор над извршување на програмата**

Надзор над извршувањето на Програмата согласно Законот за јавна чистота врши надлежниот општински орган.

Инспекциски надзор над извршувањето на Програмата врши комуналниот инспектор и инспекторот за животна средина на Општина Македонски Брод.

**VIII.Завршна одредба**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Македонски Брод."

Бр.18 – 893/6
29 .11.2019г.
Македонски Брод

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Бране Јованоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Програма
за одржување на јавната чистота во Општина Македонски Брод
за 2020 година**

Се прогласува Програма за одржување на јавната чистота во Општина Македонски Брод за 2020 година, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Бр.08- 893/25**
**02.12.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**дипл.шум.инг Живко Силјаноски с.р**

МАКЕДОНСКИ БРОД

# ПРОГРАМА за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2020 година

Врз основа начлен 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), член 12 став 1 точка 4, став 2 член 14 од Законот за Заштита на населението од заразни болести (Сл.весник на РМ бр.66/2004, бр.139/08, бр.99/09 и бр.86/11), врз основа на Стручното мислење добиено од ЈЗУ „Центар за јавно здравје“ Прилеп и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.02/03.........бр.4/2017), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 29. 11.2019година, ја донесе следната:

# ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2020 ГОДИНА

## 1.ВОВЕД

Општина Македонски Брод врз основа на Законот за заштита на населението од заразни болести и Стручното мислење за спроведување на превентивна десинсекција и дератизација за спречување и сузбивање на вектор преносливите заболувања на територијата на Општина Македонски Брод, добиено од ЈЗУ „Центар за јавно здравје“ Прилеп во 2020 година ќе ги превземе општите мерки за заштита на населението од заразни болести на нејзината територија, односно ќе изврши превентивна дезинсекција и дератизација.

Превентивната дезинсекција претставува планирана, систематска и долгорочна мерка за намалување на популацијата на штетни инсекти до праг на биолошка толеранција, како и спречување на растот,развојот и размножувањето на инсектите кои претставуваат вектори на голем број заразни болести, делуваат вознемирувачко, но исто така предизвикуваат и алергиски реакции.

Превентивната дератизација претставува низа на мерки и активности кои се превземаат со цел уништување на глодарите со користење на хемиски средства, односно родентицидни мамци.

## 2.ЦЕЛ

Целта на оваа програма е планирање, организирање и спроведување на општите мерки, односно, превентивна дезинсекција и дератизација, за заштита на населението од заразни болести на територијата на Општина Македонски Брод.

## 3.ПРЕВЕНТИВНА ДЕЗИНСЕКЦИЈА

Целта на превентивната дезинсекција е редуцирање на густината на популацијата на штетни инсекти до праг на биолошка толеранција на територијата на Општина Македонски Брод, зголемување на степенот на здравствена заштита на луѓето и животните, како и одржување на стабилна хигиенско-епидемиолошка состојба на ова подрачје.

### 3.1. Сузбивање на комарци и нивните развојни облици

Спроведувањето на дезинсекцијата е комплексен процес кој се спроведува со примена на механички, физички, биолошки и хемиски методи и средства кои се еколошки прифатливи и на начин кој оневозможува да се доведе во опасност здравјето на населението и животните како и на корисните инсекти.

Општина Македонски Брод во соработка со Центарот за јавно здравје – Прилеп, сузбивањето на комарците ќе го спроведува на четири нивоа при што постојано ќе се води грижа за зачувувањето на биолошката различност на одредено подрачје.

**-Санациони мерки** имаат за цел намалување или отстранување на условите за раст и размножување на комарците. Тоа значи затрупување на блатата, обезбедување на проточност на водата, правилна диспозиција на цврстиот отпад, редовно косење на зелените површини и други хигиено технички мерки.

**-Здравствена едукација на населението** има за цел редовно информирање на населението за вектор преносливите заразни заболувања, изработка на информативно едукативни летоци, брошури и флаери, како и непосредна комуникација на терен со месното население за подигање на степенот на индивидуалната можност на населението за самозаштита и отстранување на леглата на комарци.

**-Биолошки мерки за сузбивање на комарците -** имаат за цел зачувување на животната средина и биолошката разновидност.Ефикасни резултати се постигнуваат (онаму каде што е можно) со користење на предатори на ларвите на комарецот како што е малата риба Gambusiaholbrookiнајчесто во езера.Во сузбивањето на комарците голема улога има и примената на биоцидни производи како што е Bacilusthurigiensisvarisraelensis во форма на течност, прашак или гранули.

**-Хемиски мерки за сузбивање**

А) Примена на регулатори на растот кои ги има во форма на гранули кои се користат за чисти води и не се штетни за останатите видови на животни.

Б) Ларвицидни инсектициди кои имаат за цел да го нарушат развојниот стадиум на комарецот т.е делуваат на ларвената форма, при што спречуваат развивање на зрели адултни комарци.Постојат ларвицидни инсектициди во форма на течност, гранули, прав а во однос на апликацијата можат да се распрскуват или рачно расфрлаат во водените површини. Ларвицидните инсектициди имаат исклучително висок ефект. Апликацијата е многу полесна и не го нарушуваат биодиверзитетот. За да може да се користи одреден ларвициден инсектицид потребно е за истиот да има дозвола од Министерството за здравство.

Ц) Адултицидна дезинсекција- може да се спроведува како резидуално прскање во затворени објекти или како ладно/топло замаглување од земја при третман на поголеми површини. Претставува сложена акција која бара голема внимателност во однос на дозирањето на средството како и личната заштита на изведувачите и месното население. Има далеку помал ефект од ларвицидната дезинсекција. Инсектицидот задолжително треба да има дозвола за употреба од Министерството за здравство.

**3.2. Динамика и начин на спроведување на активностите**

За да се постигне значаен ефект при спроведување на дезинсекцијата неопходно е постојано и континуирано следење на состојбата на теренот, при што треба да се земат во предвид сите биолошки, хидрометеоролошки и еколошки карактеристики на површините каде што ќе се спроведуваат третирањата. Потребно е на територијата на Општина Македонски Брод да се спроведат два вида на третирање и тоа:

**Ларвицидна дезинсекција** која ќе се изведува од месец Април па се до месец Септември според претходно утврдена динамика во зависност од степенот на инфестираност на комарци. Проценката и увидите ќе бидат извршени од стручната служба при Центарот за јавно здравје – Прилеп.

**Адултицидната дезинсекција** се спроведува во неколку наврати во месеците Мај, Јуни, Јули и Август.

**Површини за ларвицидни и адултицидни третирања се:**
- Емо колектор
- Љиљачко долче
- Вител
- Градски базен
- Шумско стопанство
- Пат за с.Самоков до мотел Пешна
- Централно градско подрачје
- Горни лозја
- Пат за Кичево до с.Латово
- Фудбалско игралиште

- Требински пат и
- Реон Расадник.

**4.ПРЕВЕНТИВНА ДЕРАТИЗАЦИЈА**

Целта на превентивната дератизација е редуцирање на густината на популацијата на глодари и нејзино доведување до праг на биолошка толеранција, зголемување на степенот на здравствена заштита на луѓето и животните како и одржување на стабилна хигиенско-епидемиолошка состојба на територијата на Општина Македонски Брод.

**Предмет на превентивна систематска дератизација** е комплетниот канализационен систем на градот со посебен акцент на објекти од јавен интерес, како што се детската градинка, училиштата, здравствениот дом, ученичкиот дом, други јавни институции и дивите депонии во градот.

**Динамика на спроведување на активностите:**

Дератизацијата ќе се спроведува во два наврати и тоа:

Пролетна дератизација во месец Април и

Есенска дератизација во месец Септември.

**5.ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Средствата за спроведување на превентивните мерки предвидени со оваа Програма се обезбедени од Буџетот на Општина Македонски Брод.

**6.** Оваа програма стапува во сила веднаш по донесувањео од страна на Советот.

**Бр.18 – 893/7**
**29. 11.2019 год.**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Бране Јованоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Програма**
**за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето во Општина Македонски Брод за 2020 година**

Се прогласува Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето во Општина Македонски Брод за 2020 година, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Бр.08- 893/25**
**02.12.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**дипл.шум.инг Живко Силјаноски с.р.**

# ПРОГРАМА за одбележување годишнини на значајни настани и личности во Општина Македонски Брод за 2020 година

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа Сл. весник на РМ бр.5/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник на Општина Македонски Брод бр.2/03......бр.4/2017), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 29 .11.2019 година донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за одбележување годишнини на значајни настани и личности за 2020 година**

Тргнувајќи од историските традиции, културните и други збиднувања во Република Македонија, а особено во Општина Македонски Брод, во 2020 година Општина Македонски Брод ќе се вклучи и во одредени случаи ќе биде и носител на одбележувањето на следните значајни настани и личности:

| Ред. бр. | датум | Активност | Износ во денари |
|---|---|---|---|
| 1. | 6 јануари | Сеќавање на 103 поречани загинати на Бадник Положување цвеќе на спомен костурницата | 3 000 |
| | носител | Општина Македонски Брод | |
| 2. | 12 февруари | Посета на спомен –обележјето Барбарос-почит кон паднатите борци од февруарскиот поход и спомен обележјето на Слободан Пепоски-борец во НОБ | 3 000 |
| | | Општина Македонски Брод ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво | |
| | Носител | СБ Мак.Брод.СБ Кичево и СБ Гостивар | |
| 3. | 8 – ми Март | Меѓународен ден за правата на жената | 3 000 |
| | | Општина Македонски Брод ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво | |
| | Носител | Организација на жени на Општина Македонски Брод | |
| 4. | 24 – ти Мај | Ден на македонските просветители "Св.Кирил и Методиј" | 3 000 |
| | | Општина Македонски Брод ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво | |
| | носител | ООУ" Св.Климент Охридски" | |
| 5. | 2 – ри Август | Одбележување на Илинден посета на спомен обележјето во М.Брод –Калето и спомен обележјето во с.Сланско – положување цвеќе | 3 000 |
| | | Општина Македонски Брод ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво | |
| | носител | СБ Макед.Брод | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | 25-ти Август | Одбележувањето на денот на формирањето на 15-та Поречка НОУБ во с. Брезница | 3 000 |
| | | Општина Македонски Брод ќе се вклучи во активностите<br>што ќе бидат организирани на општинско ниво | |
| | Носител | СБ Макед.Брод | |
| 7. | 28 –ми Август | Одбележување на борбата во с.Здуње | 3 000 |
| | | Општина Македонски Брод ќе се вклучи во активностите<br>што ќе бидат организирани на општинско ниво | |
| | Носител | СБ Македон.Брод и СБ Прилеп | |
| 8. | 7-ми Септември | Ослободување на Македонски Брод<br>Организирање пригодна свеченост и посета на спомен обележјата | 10 000 |
| | Носител | Општина Македонски Брод и СБ Макед. Брод | |
| 9. | 8- ми Септември | Ден на самостојноста на Република Македонија<br>Организирање на свечено одбележување | 5 000 |
| | носител | Општина Македонски Брод | |
| 10. | 23 –ти Септември | 109 години од загинувањето на Ѓурчин Наумов - Пљакот | 3 000 |
| | | Положување на цвеќе | |
| | носител | Општина Македонски Брод | |
| 11. | 28 –ми Септември | Формирање на 48-та македонска дивизија на НОВ<br>Општина Македонски Брод ќе се вклучи во активностите<br>што ќе бидат организирани на општинско ниво | 3 000 |
| | носител | СБ Макед.Брод | |
| 12. | 11-ти Октомври | Ден на востанието на Македонскиот народ<br>Положување цвеќе на спомен обележјата | 3000 |
| | носител | Општина македонски Брод и СБ Макед. Брод | |
| 13. | 28-ми Ноември | Положување цвеќе на местото Русјачки воденици - Спомен обележје на стреланите борци на Првата МКУБ | 3 000 |
| | | Општина Македонски Брод ќе се вклучи во активностите<br>што ќе бидат организирани на општинско ниво | |
| | носител | СБ Макед.Брод и СБ Прилеп | |
| 14. | 8-ми Декември | Денот на Св.Климент<br>Организирање на свеченост | 3 000 |
| | | Општина Македонски Брод ќе се вклучи во активностите<br>што ќе бидат организирани на општинско ниво | |
| | носител | ООУ Св.Климент Охридски | |
| | | **ВКУПНО:** | **51 000ден.** |

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.18 –893/8**
**29 .11.2019 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**БРАНЕ ЈОВАНОСКИ с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Програма**
**за одбележување годишнини на значајни настани и личности во Општина Македонски Брод за 2020 година**

Се прогласува Програма за одбележување годишнини на значајни настани и личности во Општина Македонски Брод за 2020 година, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Бр.08- 893/25**
**02.12.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**дипл.шум.инг Живко Силјаноски с.р.**

**ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

# ПРОГРАМА

**во областа на еднаквите можности на мажите и жените во Општина Македонски Брод**

**Ноември, 2019**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02)., член 14 став 1 став 2 од Законот за еднакви можности на мажите и жените (Сл. весник на РМ бр 6/12) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.02/03), Советот на Општина Македонски Брод на седница, одржана на ден 29.11.2019год. ја донесе следната:

# ПРОГРАМА

## во областа на еднаквите можности на мажите и жените во Општина Македонски Брод за 2020 година

### I. Вовед

**<u>Демографски податоци на Општина Македонски Брод</u>**

Во Општина Македонски Брод според податоците од последниот попис на населението, домаќинствата и становите, спроведен во 2002 година, живеат вкупно 7141 жител на површина од 888,7 км$^2$, што претставува густина на населеност од 8,28 жители/км$^2$.Од вкупно 7141 жител , 3435 се жени и 3706 се мажи.

Стрктурата на населението според националната припадност врз основа на пописот од 2002 година е следна: Македонци 6 927, Турци 181, Срби 22, Роми 3, Бошњаци 1, Албанци 0, други 7.

**<u>Појдовна основа за унапредување на родовата еднаквост</u>**

Основите во функционирањето на политикатаза поттикнување, развивање и јакнење на родовата рамноправност во Општина Македонски Брод се поставени во акциониот план за родова рамноправност за период 2020 – 2024 година , донесен од страна на Советот на Општина Македонски Брод.

Врз основа на член 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Македонски Брод има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката,економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област од општествениот живот. За остварување на оваа цел, општината, согласно одредбите од член 14 од овј закон, а заради суштинска имплементација на целите, покрај другото, должна е да изработи годишна програма во која ќе бидат утврдени мерките за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.

Локалната власт може преку своите надлежности и преку координација со многубројни локални фактори, да превзема конкретни акции во корист на половата еднаквост, намалување на неднавостите и промовирање и градење на реална локална заедница и општество во кои, еднаквоста ќе биде пракса.

Нееднаквостите се јавуват како резултат на размислувањата, ставовите и убедувањата наметнати поради бројни стереотипи присутни во рамките на семејството, образованието, културата, медиумите, работната средина, организацијата на општеството итн. Има толку многу области во кои може да се делува со востановување на нов пристап и правење на структурни промени.

Основните области кон кои треба да бидат насочени активностите и да се интензивира работата во 2020, за воведување и подигнување на нивото на родова рамноправност се:

✓промоција на човекови права,

✓зајакнување и вклучување на жената во одлучувачките процеси во заедницата,

✓информирање и подигање на свеста за грижа на жената за сопственото здравје,

✓информираност за видовите и последиците од семејно насилство,

✓јакнење на капацитетите на општинската администрација за воведување на родов пристап во програмирањето (едукација на носителите на активностите) и

✓воведување на родово одговорно буџетирање

**II.Цели што треба да се постигнат со имплементирање на оваа програма**

Основни цели на активностите на Општина Македонски Брод во областа на родовата еднаквост предвидени со оваа Програма се:

✓промоција на родовата еднаквост како суштинска вредност на општината како локална заедница, (преку спроведување на информативни кампањи и манифестации, редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност), зајакнување на институционалните капацитети на Општина Македонски Брод за вклучување на родов пристап во програмирањето и буџетирањето, (преку обуки на КЕМ и општинската администрација), развивање на интерни принципи, норми, постапки и механизми за координирано дејствување,

✓зајакнување на свеста н ашените и мажите за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје. Постои потреба од поголема информираност за подобрување на здравствената заштита, поголема едукација за малигните заболувања на репродуктивните органи, за болестите кои се својствени на современите услови на живеење,

✓унапредување на заштита од насилство врз жени,

✓унапредување на механизмите за учество на жените во процесот на носење на одлуки во заедницата со посебен акцент на вклучување на маргинализираните жени,

✓поттикнување на можностите за економски јакнење на жените преку информирање за правата од работен однос и можностите за економска самостојност преку започнување со сопствен бизнис,

✓подигање на свеста кај населението за придобивките од здрава животна средина

**Активности**

За остварување на целите на програмата во 2020 година, Општина Македонски Брод ќе ги спроведе следните активности.

**Цел 1**

**Зајакнување на институционалните капацитети на општината и КЕМ за вклучување на родов пристап во програмирањето и буџетирањето**

**Мерки:**

Обука на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и интерсекторската група за родово одговорно буџетирање за интеграција на родов пристап во програмите и буџетот на општината и обука на администрацијата за родова анализа и буџети.

Целта на оваа активност е да се зголеми свесноста и разбирањето на претставниците на општинската администрација за потребата и начините за вклучување на родова перспектива во процесот на планирање на програмите и проектите од областите кои спаѓаат во нивниот делокруг на работа.

Потребни услови за спроведување на обуката се:

✓Подготвена програма и методологија за родова анализа на програмите и буџетите,

✓подготвени базични помошни алатки за практична примена на стекнатите знаења и

✓обезбедени услови за одржување на обуката

Со обуката за членовите на Комисијата за еднакви можности меѓу мажите и жените со ќе се зајакнат нивните знаења и вештини за остварување на специфичните обврски од нивната надлежност. Обуката треба да се фокусира на процесите на планирање и одлучување во врска со интеграција на родовиот пристап во програмите и буџетот на општината преку примена на листи за проверка дали програмата е основана на родовата анализа и има интегрирано родов пристап како и дали се издвоени соодветни средства за нејзина реализација што ќе овозможи подеднакво распределување и корист од јавните ресурси за мажите и жените во општината.

**Цел 2**

**Зајакнување на свеста на жените и мажите за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје**

**Мерки:**

Подигнување на свеста за поголема и континуирана грижа за репродуктивното здравје.

Целта на оваа мерка е да се подигне свеста за кај жените за редовни гинеколошки прегледи, скрининг за рак на дојка и сл.. Во соработка со одредени структури да се спроведат активности за подигнување на свеста за негата на детето од најмала возраст до тинејџерски години, а во соработка со матичните лекари и здравствениот дом на подрачјето на општината да се организираат трибини, работилници и информативна кампања за редовни прегледи со цел рано откривање и превенција од малигни и други заболувања.

Подигнување на свеста за грижа за здравјето на мажите.

Со цел да се подигне свеста кај мажите за редовни уролошки прегледи, скрининг за рак на тестиси и сл.. Во соработка со одредени организации да се спроведат активности за подигнување на свеста за негата и одржувањето на личното здравје.

**Цел 3**

**Унапредување на превенција и заштита од насилство врз жени**

**Мерки**:

Со цел унапредување на знаењето, но и препознавање на сите форми на семејно насилство, како и достапните мерки и механизми за превенција од, и заштита од семејно насилство, преку организирање на трибини во Општина Македонски Брод и месните заедници во соработка со граѓански организации. Во овие рамки освен едукативни трибини ќе бидат организирани дебати, советувања ( презентации на опции и регулативи на граѓаните во однос на наведените теми и превентивни мерки за истите).

**Цел 4**

**Унапредување на механизмите за рамноправно учество на обата пола во процесот на носење на одлуки во заедницата**

**Мерки:**

Со цел унапрдување на механизмите за рамноправно учество на обата пола во процесот на носење на одлуки во заедницата, комисијата за еднакви можности ќе ги

распространи листите за проверка за вклучување во одлучувањето на локално ниво од аспект на рамномерна застапеност на обата пола.

Со цел унапредување на механизмите за рамноправн учество на обата пола во процесот на носење на одлуки во заедницата ќе се организира јавна расправа, трибини и дискусии на тема од областа на креирање на политики и мерки за поттикнување на пракса на рамноправна застапеност на мажите и жените на раководни позиции во јавни и приватни претпријатија.

**Цел 5**

**Поттикнување на можностите за економско јакнење на жените преку информирање за правата од работен однос и можностите за економска самостојност преку започнување на сопствен бизнис**

**Мерки:**

Со цел унапредување на можностите за економско јакнење на жените преку информирање за правата од работен однос и можностите за економска самостојност преку започнување со сопствен бизнис ќе бидат организирани стручни прдавања и трибини за информирање на мажите и жените за нивните права од работен однос и издавање на печатени материјали – брошури и флаери за правата на вработените.

Реализирање на активности за инфорнирање за активните мерки на пазарот на труд за самовработување, субвенционирање и можните начини на кредитирање и финансиска поддршка за започнување на бизнис.

**Цел 6**

**Подигање на свеста на населението за придобивките од здрава животна средина**

**Мерки**

Организирање на јавни дебати и едукативни работилници во градот и населените места од општината со сите заинтересирани субјекти за правилно управување и селектирање на отпад.

**III.Финансиски план за имплементирање на Програмата**

За спроведување на активностите предвидени со програма, предвидени се следните финансиски средства:

| Реден број | Активност | Рок и место на одржување | Носител на активноста | Предвидени с-ва во буџетот на Општина Макед. Брод |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Обука на администрацијата и КЕМ во Општина Македонски Брод | Мај – Јуни 2020 | Општина Македонски Брод | 30 000 |
| 2. | Зајакнување на свеста на жените и мажите за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје | Мај – Јуни 2020 | КЕМ во соработка со здравствени институции, училишта | 20 000 |
| 3. | Унапредување на превенција изаштита од насилство | Јуни- Август 2020 | КЕМ во соработка со здравствени институции, училишта, ЦСР, МВР | 25 000 |
| 4. | Унапредување на механизмите за рамноправно учество на обата пола во процесот на носење на одлуки во заедницата | Јуни – Септември 2020 | Градоначалник, КЕМ, координатор, заменик координатор,Совет на општината | 30 000 |
| 5. | Поттикнување на можностите за економско јакнење на жените преку информирање за правата од работен однос и можностите за економска самостојност преку започнување со сопствен бизнис | Септември - Октомври 2020 | КЕМ, координатор, заменик координатор, Граѓански организации | 20 000 |
| 6. | Подигање на свеста кај населението за придобивките од здрава животна средина | Октомври – Декември 2020 | КЕМ, координатор, заменик координатор, Комунално претпријатие, инспекциски | 20 000 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | служби од областа | |
| 7. | Унапредување на механизмите за родовата еднаквост на локално ниво преку еднаква застапеност на обата пола во процесите на одлучување, политиката, едукацијата за креирање на одговорно буџетирање на локално ниво | Октомври – Декември 2020 | КЕм, координатор, заменик координатор, граѓански организации, општинска администрација | 25 000 |
| **ВКУПНО** | | | | **170 000** |

IV. **Имплементација**

Одговорни субјети за имплементација на Програмата во областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Македонски Брод за 2020 година се Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Македонски Брод, координаторот и заменик координаторот за еднакви можности.Нивна обврска е да креираат, иницираат и организираат реализација на политики, активности и проекти согласно Програмата и Планот за родова рамноправност, да предлагаат мерки и да ја менаџираат реализацијата на мерки кои ќе придонесат за унапредување на односите во оваа сфера.

**Бр. 18 – 893/9**
**29.11.2019 год.**
**Макед. Брод**

**Претседател**
**на Совет на Општина Македонски Брод**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Програма**
**во областа на еднаквите можности на мажите и жените во Општина Македонски Брод за 2020 година**

Се прогласува Програма во областа на еднаквите можности на мажите и жените во Општина Македонски Брод за 2020 година, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Бр.08- 893/25**
**02.12.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**дипл.шум.инг Живко Силјаноски с.р.**

# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

# ПРОГРАМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

# (2020 ГОДИНА)

**Ноември 2019**

**1. Процена на видот и количеството на различните видови отпад**

Врз основа на Планот за управување со отпад, на територијата на општина Македонски Брод за период 2020 година Јануари-Декември се очекува да се создадат 1065 тони комунален отпад. Од генерираниот отпад се очекува истиот дабиде организирано собран, транспортиран и одложен на привремената депонија „Барбарас “, во непосредна близина на градот Македонски Брод.

**Табела бр.1**

| **Вид на отпад** | **Количина т** |
|---|---|
| Измешан комунален отпад | 946.451 |
| Биоразградлив отпад | 53.200 |
| Мил од преработка | 7.200 |
| Остатоци од сита и гребла | 5.400 |
| Отпад од пескофрлач | 12.000 |
| Смеси од посебни фракции | 40.000 |

**2.Мерки / активности за реализација на барањата на Планот за управување со отпад**

- Селекција на отпадот, повторно користење и рециклирање;
- Компостирање на биоразградливиот отпад;

- Се препорачува да се спроведе јавна кампања за домашното компостирање.

- Се промовира модел на компостирање.

## 3. Начин на работа на објектите за преработка и отстранување на отпадот

ЈП „Комунална хигиена“ изработува годишна оперативна програма која што е поврзана со годишната програма на општината Македонски Брод.

Доследно спроведување и следење на имплементација на условите дадени во дозволата за усогласување со оперативен план за постојна депонија (Барбарас), се до моментот на воспоставување на регионално управување со отпадот, кадешто ќе се почитуваат процедурите за добивање на интегрирана еколошка дозвола за регионална санитарна депонија.

Воведување на катастар на загадувачи (отпад како загадувач) каде што сите оние индустриски капацитети кои создаваат оптад ќе бидат евидентирани и врз основа на годишните количини на создаден отпад ќе бидат обврзани да доставуваат годишни програми за сопственото управување со отпад.

## 4. Мерки и активности за селекција на отпадот, вклучувајќи го и издвојувањето на опасните состојки од отпадот

Во една избрана населба каде што е доминантно колективно живеење, ќе се оформат 4 локации – зелени острови, на коишто ќе се собира комуналниот отпад. Тоа ќе бидат пунктови на селекција на отпадот, затоа што на истите локации ќе се постават 3 контејнери со запремина од 1.1 $m^3$, различно обоени во коишто посебно ќе се одлага пластика, хартија и комунален отпад.

## 5. Мерки и активности за поттикнување на компостирањето на биоразградливиот отпад

### 5.1 Јавна кампања

За прифаќање на концептот за искористување на биоразградливиот отпад, Општината ќе спроведе јавна кампања за подигање на јавната свест, која што ќе содржи: организирање на јавни презентации, подготовка на популарен материјал (постери), информирање преку јавните медиуми, едукации на младата популација.

### 5.2 Техничка докуменатација

Врз основа на проценети количини на биоразградлив отпад и инвентарот на инсталации кои генерираат ваков вид на отпад, Општината ќе превземе активност на подготовка на проектна документација за управување со овој вид на отпад, која ќе даде предлози за капацитетот на објектот, применетата технологија и пласирање на крајниот продукт.

**6. Начините за едукација и за подигање на јавната свест на граѓаните во врска со управувањето на отпадот**

Изработка на програма за подигање на јавна свест, која ќе содржи елементи на информирање на населението и едукација на неколку старосни категории од населението за соодветно управување со отпадот.

**7. Реализација на обврските за намалување на количеството на биоразградливиот отпад што се отстранува на депониите**

Реализација на обврските за намалување на количеството на биоразградливиот отпад што се отстранува на депониите, ќе се спроведе низ едукација на населението и подготовка на проектна документација.

**8. Начинот на функционирање на интегрираната мрежа за преработка и за отстранување на отпадот**

Набавката на метални контењери за собирање на отпад со зафатнина од 1.1 м3 е еден од чекорите што е направен од Општина Македонски Брод во насока на подобрување на јавната чистота и подобро управување со отпадот.Потребно е понатаму да се превземат активности на нивна правилна лоцираност со цел истите да бидат ставени на располагање на подрачјата каде навистина постои најголем притисок по животната средина.

Дополнително одобрени се Грант средства за набавка на возила и опрема преку Проектот за подобрување на општинаските услуги. Во план е овие средствада да се искористат за набавка на опрема и возила за подобрување на работењето на ЈП "Комунална хигиена" за извршување на нивните работни обвски на ниво кое граѓаните од општината го очекуваат.

Домаќинското користење и одржување на постоечката но и новата опрема и средста за работа треба да биде приоритет кон кој ќе се стремат вработените во ЈП "Комунална хигиена".

**9. Реализација на мониторингот и на информативниот систем во областа на управувањето со отпадот**

Мониторинот на состојбите со отпадот ќе се реализира преку база на податоци која што ќе ја оформи ЈП во соработка со општината. Достапност до базата на податоци ќе имаат надлежните вработени од ЈП и Секторот за урбанизам,комунални дејности, ЛЕР и заштита на животна средина во општината.

Мониторингот за 2020 г. ќе се спроведе со пополнување на обрасците за идентификација и транспорт на отпад, како и со изготвување на годишните

извештаи за управувањето со отпадот. Овие обрасци се задолжителни за приватните прептријатијата, како и за ЈП.

### 10. Реализација на мерки за спроведување на увоз, извоз и транзит на отпад низ територијата на Република Македонија

Реализација на мерки за спроведување на увоз, извоз и транзит на отпад низ територијата на Република Македонија ќе се спроведува во согласност на постојната законска регулатива.

### 11. Други мерки од важност за реализација на Планот за управување со отпад

Инвентаризација на бројот на дивите депонии, приближно определување на количините на депониран материјал, како и видот на депониран материјал.

Расчистување на депониите и нивна рекултивација.

**Табела 2 - Активности за 2020 година за управување со отпад**

| Активност | финансиски средства |
|---|---|
| 1.Јакнење на оперативните капацитети:<br>- Јакнење на капацитетите на ЈКП и Општина Македонски Брод<br>- Нова организациона поставеност во ЈКП и подобрување на ефикасноста во делот на отпад<br>- Зголемување на капацитетите во Општина Македонски Брод за следење на проблемите во делот на животната средина | 20 000 |
| 2.Уредување на постојната депонија(постигнување стандарди за технички минимум) | 50 000 |
| 3.Изработка на општински катастар на загадувачи | 10 000 |
| 5.Воведување на систем за селектирање и собирање на отпад | 100.000 |

| | |
|---|---|
| - Припремни работи за воведување на системот( набавка на садови за оваа намена)<br>- Прибирање на иницијативи за можни локации за складирање на собраниот селектиран отпад. | |
| 6.Управување со биоразградливиот отпад<br>- Изработка на студија и проектна документација | 30 000 |
| 7.Мониторинг на управување со отпад<br>--Изработка на база на податоци<br>- предлог мерки за решавање на проблемот со дивите депонии | 10.000 |
| 8.Мерки за подигање на јавната свест | 10 000 |
| Вкупно: | 230.000 |

**10.Преодни и завршни одредби**

Надлежен за оваа програма е Градоначалникот на Општина Македонски Брод и ЈКП Комунална хигиена

Програмата може да претрпи измени и дополни.

11.Програмата за управување со отпад за 2020 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл.Гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр. 18 - 893/10**

**29.11.2019 год.**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**за прогласување на Програма**
**за управување со отпад во Општина Македонски Брод**
**за 2020 година**

Се прогласува Програма за управување со отпад во Општина Македонски Бродза 2020 година, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Бр.08- 893/25**
**02.12.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**дипл.шум.инг Живко Силјаноски с.р.**

## ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

# ПРОГРАМА ЗА
# ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА

2020

Врз основа на Законот за животна средина (Сл. Весник на Р.М, бр 53/05,81/05,24/07, 159/08,83/09, 48/10,124/10 ,51/11,123/12, 93/13 183/13,42/14, 44/15,129/15,192/15 и ,3916 и 99/18.),член 22 став 1 точка 2 и член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправ (Сл. Весник на РМ бр.05/02) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл. Гласник бр.02/03,… 04/17 пречистен текст),Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29 .11.2019 г. ја донесе следната:

# П Р О Г Р А М А

## за заштита на животната средина и природата во Општина Македонски Брод

## за 2020 година

**ВОВЕД** Со програмата за заштита на животната средина и природата за Општина Македонски Брод за 2020 година се планирани активности врз основа на анализата на проблемите од аспект на заштита на животната средина и природата во општината, а кои се во функција на истите во сите медиуми,( вода, воздух, почва )во природата.Програмата на Општина Македонски Брод за заштита на животната средина е насочена кон спроведување на активности за заштита на животната средина во надлежност на локалната самоуправа, исполнување на барањата на македонското законодавство за животна средина, обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината.

**ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА** Општа цел на Програмата: - да се обезбедат практични и финансиски изводливи решенија за приоритетните проблеми и активности во областа заштита на животната средина; - прифаќање на еколошката проблематика во останатите секторски програми во насока на одржлив развој на локалната заедница. Специфични цели на Програмата: - Системска контрола на квалитетот на животната средина во општината; - Спроведување на Оцена на влијанието врз животната средина уште во процесот на планирање на проектите за да се превенираат последиците од загадување на животната средина; - Изработка на стратешки документи за заштита на животната средина; - Систематизирано спроведување на постојани подобрувања со постојниот систем за управување со отпадот во општината; - Зголемување на новите зелени површини во општината, уредување на запуштени зелени површини, амортизирање на загадувањето на почвата, воздухот и бучавата, подобрување на визуелниот изглед на урбаната средина, како и активности за пошумување.

Средствата за реализација на оваа програма се планира да бидат обезбедени од буџетот на Општина Македонски Брод.

Оваа програма се однесува на проекти кои директно ќе бидат реализирани преку Секторот за урбанизам ,комунални дејности , локален економски развој и заштита на животната средина, а се дел од поголем корпус на активности од делот на заштитата на животната средина и природата кои заради специфичноста и начинот на реализирање се имплементирани во програмите на други сектори и одделенија во рамки на локалната самоуправа на Општина Македонски Брод. Дел од тие програми се: Изградба на системи за водоснабдување, изградба на системи за за одведување и прочистување на отпадни води, јавна чистота.

Дел од планираните активности од Програмата за заштита на животната средина се започнати во 2019 година и се во фаза на реализација, а заради обемноста и специфичноста на истите се планира да бидат завршени во 2020година.\

Останатите планирани активности ќе бидат започнати со реализација во 2020 година.

**Предвидени проекти и активности во програмата за животна средина:**

**I.СТУДИСКА ПОДДРШКА НА ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

**На следната табела се дадени активностите со проценети финансиски потреби:**

| Ред.бр. | Активност | Износ во денари |
|---|---|---|
| **1.** | **Изработка на студија за заштита на животната средина и природата во општина Македонски Брод** | **80.000** |

| | | |
|---|---|---|
| **2.** | **Изработка на елаборати за заштита на животната средина за сите проекти што се планирани да се реализираат и што подлежат на обврска за истото** | **70.000** |
| | **ВКУПНО** | **150. 000** |

**II.ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ ДЕНОВИ НА ЕКОЛОГИЈАТА**

| Ред.бр. | Активност | Износ во денари |
|---|---|---|
| **1.** | **Одбележување на „Денот на планетата земја“ -22 април (акција за собирање и одлагање на електронски отпад)** | **20. 000** |
| **2.** | **Одбележување на „Светскиот ден на животната средина“ - 5 јуни (акција за собирање на стара хартија и картон во соработка со училиштата во Општина Македонски Брод )** | **20. 000** |

| | | |
|---|---|---|
| **3.** | **Акција за пошумување во соработка со јавните установи од општината и јавното претпријатие Сандански (градивото од учебниците по природни науки да се спроведе во пракса)** | **20.000** |
| **4..** | **Едукација на граѓаните и подигање на јавната свест за значењето на животната средина(одржување на трибини и изработка на флаери) во соработка со ЕД„Треска“** | **30.000** |
| | **ВКУПНО** | **90.000** |

**III.СОБИРАЊЕ И СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАД**

| Ред.бр. | Активност | Износ во денари |
|---|---|---|
| **1.** | **Поставување на контејнери за селектиран отпад** | **70.000** |
| **2.** | **Организирање на акции за отстранување на дивите депонии** | **20.000** |

| | | |
|---|---|---|
| **3.** | **Поставување на корпи за отпадоци** | **20.000** |
| **4.** | **Поставување на контејнери по селата** | **100.000** |
| | **ВКУПНО** | **210.000** |

За буџетската 2020 година за реализација на горе спомenатите проекти се предвидени средства во висина од **450.000 денари.**

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.18 – 893/11**

**29 .11.2019 год.**

**Македонски Брод**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА**

**МАКЕДОНСКИ БРОД**

**Претседател,**

**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Програма**
**за заштита на животната средина и природата во Општина Македонски Брод**
**за 2020 година**

Се прогласува Програма за заштита на животната средина и природата во Општина Македонски Бродза 2020 година, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Бр.08- 893/25**
**02.12.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**дипл.шум.инг Живко Силјаноски с.р.**

# ПРОГРАМА
# ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ
# НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
# ЗА 2020 ГОДИНА

*Ноември, 2019 година*

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/2002) и член 21 став 3 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник“ бр.02/03…04/17),Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 29.11.2019 година ја донесе следната:

**ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2020 ГОДИНА**

## 1.ВОВЕД

Со Законот за локална самоуправа од 2002 година, општините имаат надлежност и улога да го водат и спроведуваат планирањето на локалниот економски развој како двигател заедно со граѓанскиот и приватниот бизнис сектор.

Програмата за локалниот економски развој претставува дефиниран збир на мерки и проектни активности кои се планира да се реализираат во текот на 2020 година, а кои воедно ќе бидат насочени кон зголемување на буџетските приходи од донации, од домашни и меѓународни агенции и фондации.

Реалиацијата на оваа Програма ќе обезбеди континуиран одржлив развој на општината и во значителна мера ќе влијае врз подобрување на општинските услуги, како и врз подобрување на квалитетот на живот на локалното население.

Програмата за поддршка на локалниот економски развој се подготвува и усвојува врз основа на надлежностите на локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр.05/02 ), Статутот на Општина Македонски Брод (Сл. гласник на Општина Македонски Брод бр. 02/03 ), препораките на Европската Унија за забрзување на процесот на децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа, согласно начелата за транспарентност и отчетност во демократското општество.

Процесот на креирање на оваа програма е основан врз непосредното партиципирање на јавните институции, бизнис секторот и здруженијата на граѓани, преку заедничките активности за да се овозможи достигнување на заедничката визија за создавање на услови за одржлив економски развој.

Подготовката на програмата се базира врз претходно изработените проценки и анализи на заедницата во сите тематски области во кои локалната самоуправа има законски надлежности. Во тој контекст Општина Македонски Брод е во тек на подготовка за ревидирање на стариот стратешки документ врз чија основа и надградба ќе произлезе новата Стратегија за локален развој на Општина Македонски Брод. Воедно подготовката на програмата е согласно насоките на Европската Унија за користење на ИПА фондовите,

што во основа ја имаат неопходноста од примена на оваа методологија за подготовка на програми за работа и буџетско планирање.

Носител на Програмата е Секторот за урбанизам, комунални дејности, локален економски развој и заштита на животната средина кој во соработка и координација со Градоначалникот ја изготви истата и тој ќе биде одговорен за реализацијата на програмските активности.

## 2. ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

Секторот за урбанизам, комунални дејности, ЛЕР и заштита на животната средина преку одделението за ЛЕР, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети ја базира Програмата за локален развој за буџетската 2020 година.

- **ПРЕДВИДЕНИ МЕРКИ ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ:**

Во контекст на подинамичен локален развој, Општина Македонски Брод и во 2020 година ќе ги превзема следните мерки, како приоритетни потреби за придонес кон локалниот економски развој:

1. Изготвување на потребна техничка документација која е неопходна за аплицирање пред домашните и меѓународните финансиски фондови;

2. Содавање на поволности при инвестирање во однос на намалување на комуналните такси при изградба на нови погони во зависност од бројот на вработени;

3. Поддршка на мали и средни претпријатија за полесен пристап до инвестициски фондови;

4. Поттикнување и поддршка на партнерства со странски и домашни субјекти со локалните стопански субјекти;

5. Ажурирање на општинската Веб страница за промотивна и информативна цел;

- **ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ:**

**ГА.ИЗГРАДБА НА КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ**

| Ред.бр. | Активност | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Доизградба на комуналната инфраструктура (водовод и канализација) во индустриската зона во Македонски Брод | 2.000.000 |

**Г1.ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

| Ред.бр. | Активности | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Поддршка на ЛАГ „Порече“ и манифестацијата „Поречки фармер“ | 50 000 |
| 2. | Аплицирање со предлог проекти до АФПЗРР и БРР на РМ и други домашни и странски фондови | / |
| 3. | Изработка на проектна документација за проект за енергетска ефикасност на зградата на локалната самоуправа во Македонски Брод | Средства ќе се обезбедат преку ЦРЈЗПР |
| 4. | Изготвување на комплетна техничка документација за проектот „Регулација на речното корито на река Треска во централното градско подрачје со партерно уредување на кејот“ | Финансиските средства ќе се обезбедуваат од домашни фондови |
| 5. | Мапирање на локации за иградба на пешачко рекреативни патеки во Македонски Брод и изготвување на техничка документација за истите | 30.000 |
| 6. | Активна поддршка, соработка и учество со предлог проекти од регионален карактер во Центарот за развој на ЈЗПР | 71.410 |
| 7. | Активно учество во работата на мрежата за инклузивен рурален развој | / |
| 7. | Активна соработка и поддршка на НВО, односно, здруженија на граѓани | 50.000 |
| 8. | Изработка на е - инвестиционен водич за афирмирање на бизнис можностите во општината | / |
| 9. | Активна соработка со бизнис секторот и развивање на можности за формирање јавни-приватни партнерства | |

| | | |
|---|---|---|
| | | / |
| **10.** | **Организирање на разни форуми и состаноци со заинтересираните граѓани за разни отворени прашања во општината** | **30.000** |
| **11.** | **Локално учество за реализација на проекти со цел аплицирање пред домашни и меѓународни финансиски институции** | **3.000.000** |
| **12.** | **Изработка на проектна документација за ревитализација на селска воденица во с.Белица** | **60.000** |
| **13.** | **Изработка на Студија за валоризација на пештерата Пешна со цел прогласување на заштитено подрачје** | **250.000** |
| | **Вкупно** | **3.541.410** |

За буџетската 2020 година за реализација на наведените проекти потребни се средства во висина од 5.541.410 денари, кои ќе бидат обезбедени од буџетот на општината или од домашни или меѓународни финансиски институции.

Програмата за активностите на Општина Македонски Брод од областа на локалниот економски развој во 2020 година ќе се имплементира преку Одделението за ЛЕР во соработка со Одделението за урбанизам, Одделението за комунални работи, Одделението за заштита на животната средина и другите релевантни фактори во општината.

## 3. ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА

Динамиката ќе се одвива согласно приходите на Буџетот на општината М.Брод во текот на календарската година. Оваа програма во текот на календарската година може да се изменува и дополнува согласно барањата и потребите на граѓаните.

## 4.ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

Бр.18 – 893/12
29.11.2019 г.
Македонски Брод

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**БРАНЕ ЈОВАНОСКИ с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Програма**
**за Локален економски развој на Општина Македонски Брод за 2020 година**

Се прогласува Програма за Локален економски развој на Општина Македонски Брод за 2020 година, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Бр.08- 893/25**
**02.12.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**дипл.шум.инг Живко Силјаноски с.р.**

# *ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2020 ГОДИНА*

*Ноември, 2019година*

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ “ бр.05/2002) и член 21 став 3 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник“ бр.02/03….04/17), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 29.11.2019 година ја донесе следната:

**ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2020 ГОДИНА**

**1.ВОВЕД**

Програмата за развој на туризмот во Општина Македонски Брод се подготвува и усвојува врз основа на надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа, Статутот на Општина Македонски Брод и други законски одредби за забрзување на процесот на децентрализација и креирање на буџетите на ЕЛС, а во согласност со развојните документи.

Туризмот има значајна улога во економскиот развој и преку него може да се привлечат нови инвестиции, да се креираат нови работни места и да се промовираат културните вредности и природните богатства на Општина Македонски Брод.

Општината ќе го поддржува овој сегмент од локалниот економски развој преку соодветни мерки, политики, конкретни проекти за изградба на модерна туристичка инфраструктура и промоција на Општината како атрактивна туристичка дестинација.

Развојот на туризмот ќе се темели на понуда според карактеристиките на општината пред се во делот на еко-туризмот, културен, езерски, планински, ловен, риболовен , селски и друг алтернативен туризам.

Програмата за развој на туризмот во Општина Македонски Брод претставува рамка во која се дефинирани насоките на развој, базирани на природното и културното наследство, уникатноста, квалитетот на производите, срдечноста и нашето препознатливо гостопримство.

**2.АКТИВНОСТИ**

Во таа насока Општина Македонски Брод, преку Секторот за урбанизам, комунални дејности, локален економски развој и заштита на животната средина, планира одредени активности.

| Ред.бр | Активности | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на студија за формирање на туристичка развојна зона - „Козјак“ | 200.000 |
| 2. | Изработка на мапа со туристичките потенцијали на општината | 30.000 |
| 3. | Подготовка и печатење на промотивен материјал | 60.000 |
| 4. | Учество на туристички саеми со цел промовирање на традиционални и културни вредности на општината | 50.000 |
| 5. | Креирање на пакет туристичка понуда „Македонски Брод - Спелеолошки парк“ во соработка со Агенцијата за поддршка и развој на туризмот на РМ | 60.000 |
| 6. | Изработка на проектна документација на проект за поврзување на локалитетот Пешна со локалитетот Девини кули | 120.000 |
| 7. | Мапирање на атрактивни зони по течението на река Треска и нивно уредување во насока на равој на еко и риболовниот туризам | 300.000 |
| 8. | Соработка со Средното општинско училиште „Св.Наум Охридски“ со цел заедничи придонес во развивањето на можностите за развој на туризмот | |
| 9. | Мапирање на велосипедски патеки на територијата на општината | 60.000 |
| | **ВКУПНО:** | **880.000** |

За буџетската 2020 година за реализација на наведените проекти потребни се средства во висина од 880.000 денари, кои ќе се обезбедат од буџетот на општината или од други домашни или странски донатори.

**3. МЕРКИ**

- Аплицирање пред домашни и меѓународни фондови за реализација на проекти од областа на туризмот
- Користење на социјалните интернет мрежи за промоција на локалните можности за развој како и на постоечките туристички капацитети
- Поттикнување на локалното население за адаптација на сместувачките капацитети за прием на туристи кои се во приватна сопственост со цел да се задоволат стандардите за категоризација на сместувачките објекти
- Активна соработка со Агенцијата за промоција и развој на туризмот на РМ

**4. ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

Бр.18 – 893/13
29.11. 2019 год.
Македонски Брод

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**БРАНЕ ЈОВАНОСКИ с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Програма**
**за развој на туризмот во Општина Македонски Брод за 2020 година**

Се прогласува **Програма за развој на туризмот во Општина Македонски Брод за 2020 година**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Бр.08- 893/25**
**02.12.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**дипл.шум.инг Живко Силјаноски с.р.**

# *ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА КУЛТУРАТА И СПОРТОТ ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2020 ГОДИНА*

*Ноември,2019г.*

Врз основа на член 7 точка 3 од Законот за култура (Сл.весник на РМ бр.59/03-пречистен текст), член 22 став 1 точка 5 и член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.02/03….04/17), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 29.11.2019г. година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА КУЛТУРАТА И СПОРТОТ**

**ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2020 ГОДИНА**

**1. Ц Е Л И**

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Општина Македонски Брод кон задоволувањето на потребите и интересите на граѓаните во областа на културата и спортот:

- Сочувување и афирмирање на спортот и материјално-духовното културно наследство на Општина Македонски Брод;

- Сочувување и афирмирање на спортот и културниот идентитет на Општина Македонски Брод;

- Создавање услови за квалитетно културно живеење, соодветно на статусот на Општина Македонски Брод;

- Промовирање и поддржувњае на нови идеи и проекти што ја афирмираат Општина Македонски Брод како развиен културен и спортски центар;

- Интензивирање и збогатување на меѓународната спортска и културна соработка.

**2. А К Т И В Н О С Т И**

Активностите на Општина Македонски Брод во областа на културата и спортот ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање на остварувањето на целите на оваа Програма;

Во таа смисла ќе се спроведуваат активностите за:

- Сочувување на континуитетот на одржувањето на традиционалните културно-уметнички и спортските манифестации со потврдени квалитети и присутен голем интерес на граѓаните;

- Реализирање на манифестации, програми и проекти со современи содржини кои квалитетно го збогатуваат спортот и културниот живот на општината;

- Помагање на манифестациите на младите со културни-уметнички,спортски и забавно-едукативни содржини;

- Претставување во општината во Република Македонија и странство на афирмирани уметници, ансамбли и институции, како и на млади творци и интерпретатори, во согласност со утврдени критериуми;

- Издавање публикации за историското наследство, културната традиција, современиот културен живот и уметничкото творештво во Општина Македонски Брод

**3. Ф И Н А Н С И Р А Њ Е**

Активностите на Општина Македонски Брод од областа на културата и спортот, утврдени со оваа Програма, ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2020 година, средства од Буџетот на Република Македонија, спонзорства и донации.

При реализација на Програмата, Општина Македонски Брод ќе ги поддржува организаторите на манифестациите и реализаторите на проектите при спроведувањето на нивните активности за обезбедување финансиски средства и друга помош од:

- Буџетот на Република Македонија за 2020 година (преку надлежните министерства);

- Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;

*Ноември, 2019 година*

- Заинтересирани партнери за меѓусебна соработка во земјата и странство и други извори

**4.ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИТЕ ВО БУЏЕТСКИ ПОДПРОГРАМИ**

К4. **ПОДДРШКА НА КУЛТУРНО – ПРОМТИВНИ МАНИФЕСТАЦИИ**

| **Ред.бр.** | **Активност** | **Износ во денари** |
|---|---|---|
| 1. | **Поддршка на културно-промотивни манифестации:**<br>**- Велигденски Кули;**<br>**- Костенијада;**<br>**- Поречки средби;**<br>**- Потписи на срцето**<br>**-Графичка ликовна колонија** | <br><br>10.000<br>10.000<br>20.000<br>10.000<br>10.000 |
| 2. | **Трансфер кон здруженија и институции за промоција на книжевно творештво и културното наследство** | 20.000 |
| 3. | **Одржување на постојните спомен обележја** | 20.000 |
| 4. | **Поддршка и реализација на проекти од областа на културата** | 20.000 |
| 5. | **Помагање на манифестациите на младите со културно уметнички и забавно едукативни содржини(организирање на детски фестивал)** | 20.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | **Културно претставување на општината во и надвор од РМ** | 60.000 |
| 7. | **Поддршка на верскиот обичај – фрлање на крстот во склоп на православниот празник Водици и помош при санација на верски објекти** | 70.000 |
| 8. | **Финансиска поддршка на КУД „7ми Септември“** | 40.000 |
| | **Вкупно** | **310.000** |

**L0 И LA Поддршка на спортски активности**

| **Ред.бр.** | **Активност** | **Износ** |
|---|---|---|
| **1.** | **Турнири во спортски дисциплини** | **100.000** |
| **2.** | **Поддршка и реализација на проекти од областа на спортот** | **60.000** |
| **3.** | **Изградба на мини спортско игралиште во близина на Дневниот центар за лица со ментална и телесна попреченост во с.Манастирец** | **240.000** |
| **4.** | **Спортско претставување на општината во и надвор од РМ** | **70.000** |
| **5.** | **Уредување на спортското игралиште во с.Косово** | **50.000** |
| **6.** | **Поддршка на фудбалскиот клуб „Пролетер“ и ЖФК „Порече 2015“** | **60.000** |
| **7.** | **Реконструкција и доопремување на детските игралишта** | **150 000** |
| **8.** | **Изградба на улични теретани во Македонски Брод и с.Самоков** | **60.000** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Вкупно:** | **790.000** | |

**За буџетската 2020 година за реализација на горе споменатите проекти се предвидени средства во висина од 1.100.000 денари.**

**5.ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.18 – 893/14**
**29.11.2019 год**
**Македонски Брод**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**БРАНЕ ЈОВАНОСКИ с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Програма**
**за развој на културата и спортот во Општина Македонски Брод**
**за 2020 година**

Се прогласува Програма за развој на културата и спортот во Општина Македонски Брод за 2020 година, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Бр.08- 893/25**
**02.12.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**дипл.шум.инг Живко Силјаноски с.р**

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

# ПРОГРАМА ЗА ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЦИ И ПАТИШТА

## 2020 година

Врз основа на член 22 став 2 точка 4, член 36 став 1 точка 6 и член 62 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 34 од Законот за јавни патишта (Сл.весник на Рм бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166,14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16), член 34 и член 35 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15) и член 15 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Македонски Брод, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.11.2019 година донесе:

# ПРОГРАМА

## за зимско одржување на улиците и локалните патишта на територијата на Општина Македонски Брод за 2020 година

## ВОВЕД

Со оваа Програма се утврдуваат приоритетот, начинот на извршување и превземање на обврски за непречено одвивање на работите за зимско одржување на улици и локални патишта во населени места во Општина Македонски Брод за безбедно и непречено одвивање на сообраќајот на локалните улици и патишта во Општина Македонски Брод.

## 1. АКТИВНОСТИ

1.1. Регионални патни правци кои поминуваат низ територијата на Општина Македонски Брод се во надлежност и во зимски услови ги одржува ЈП "Македонија пат", а такви патни правци се следниве:

- **Р-1303** Прилеп - Македонски Брод - Кичево
- **Р-1106** Сувидол – Калуѓерец – Беличка Река – Кула
- **Р-408** Калуѓерец – Самоков - Растеш

1.2. Според интензитетот на сообраќајот на локалните улици и патишта на подрачје на Општина Македонски Брод се распоредуваат во приоритетни групи и вонредна приоритетна група.

Програмата за зимско одржување на улици и локални патишта на територија на Општина Македонски Брод содржи три приоритетни групи и една вонредна приоритетна група. Во првата приоритетна група спаѓаат главите улици на градот кои овозможуваат влез и излез

на секое надворешно возило, пристап до болница, орган за регулирање на сообраќајот, училишта и административниот центар.

- **Прва приоритетна група**

Во првата приоритетна група спаѓаат градски улици и локални патишта.

Градски улици во оваа група се следниве:

- Ул."Маршал Тито" со кракот што води до трите стамбени згради и делот на регионалниот пат со уредно формиран тротоар (коловозна површина ја одржува ЈП "Македонија пат", а површината под тротоарот ја одржува локалната самоуправа).
- Ул. "Партизанска"
- Ул. "Вук Караџиќ"
- Ул. "Димитар Влахов"
- Ул. "Илија Игески Цветан"
- Ул. "Јане Сандански"

Локални патни правци се следниве:

- Македонски Брод – Требино
- Македонски Брод – Сланско
- Р1106 – Црешнево
- Р1106 – Горни Манастирец
- Р408 – Брест
- Р1106 – Белица
- Р1303 – Крапа
- Р1606 – Локвица
- Р1303 – Латово
- Р408 - Битово
- Р408 - Заград
- Р408 - Растеш

Доколку ЈП "Македонија пат" не е во состојба да ги расчисти евентуалните урнатини, одрони и снежни наноси од регионалниот пат на подрачјето на Општина Македонски Брод, Општинскиот штаб за заштита и спасување во соработка со Дирекција за заштита и спасување и Фондот за патишта на РМ, ангажираат механизација и работна рака од тие што се на располагање во општината, на сметка на ЈП "Македонија пат" и Фондот за патишта.

Надзорот над ангажиранаата механизација, времето на ангажирање и потрошените матријални и финанасиски средства го врши Секторот за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и животна средина.

- **Втора приоритетна група**

Во втората приоритетна група на улици за расчистување од урнатини, одрони и снежни наноси, спаѓаат улиците со посебен интензитет на сообраќај. Тие ги поврзуваат улиците од прв приоритет или даваат можност за побрз влез и излез на сообраќајот од поодделни реони на градот.

Улици кои спаѓаат во втора приоритетна група се:

- Ул."Првомајска"
- Ул. "Мирче Ацев"
- Ул. "Кирил и Методиј"
- Ул. "Крушевска Република"
- Ул. "7ми Септември"
- Ул. "Васко Карангелески"

Со расчистување на улиците од прв и втор приоритет, сообраќајот во градот може нормално да се одвива во сите правци и сите реони на градот.

- **Трета приоритетна група**

Во оваа приоритетна група спаѓаат сите останати улици во градот и населените места по кои се одвива слаб сообраќај и претставуваат кракови и џебови на улици од претходните два приоритети или пак сеуште не се асфалтирани или отворени па не е можна некоја поефикасна интервенција за одвивање на сообраќајот.

- **Вонредна приоритетна група**

На одредени улици во градот и населени места како и приоди до населени места каде е загрозен животот и здравјето на населението и матријалните добра по оценка и наредба на Општинскиот штаб за заштита и спасување, се пристапува кон вонредно расчистување на приодите до загрозените места, со цел што е можно понавремен пристап до загрозените лица и дистрибуирање на потребната помош.

За спасување од урнатини се ангажираат единиците на Дирекцијата за заштита и спасување, просторните универзални и специјални единици за заштита и спасување и потребната градежна механизација.

Зимско одржување на улици и патишта ќе се врши согласно утврдениот приоритет по оваа Програма и тоа на следниов начин:

- Во случај на голомразица и после чистење на снег ќе се врши посипување на коловозот со мешавина на индустриска сол и камен ситнеж.

- Во случај на снежни врнежи чистењето на снегот од коловозот ќе се чисти со соодветна механизација, а на јавните прометни површини и премини каде не гравитираат станбени делови и други административни јавни објекти чистењето ќе се врши рачно.
- На јавните прометни пешачки површини на кои гравитираат станбени, деловни, административни и други јавни објекти (училишта, амбуланти), се задолжуваат граѓаните односно правните лица кои се сопственици или корисници на истите сами да го извршат чистењето на снегот.
- Во случај на врнежи на снег поголеми од 30см, Општина Македонски Брод ќе ангажира и дополнителна механизација од други субјекти со кои ќе се договори, а ќе соработува со ПО на Дирекција за заштита и спасување и Регионалниот центар за управување со кризи, во насока на превземање понатамошни активности за расчистување на таквите снежни врнежи за благовремено решавање на проблемите настанати од такви состојби.
- Чистењето на снегот од коловозот на улиците и локалните патишта ќе се врши редовно, со обезбедување на потребна минимална ширина на очистен коловоз, а по целата должина на истите.
- Чистењето на снегот започнува со почетокот на врнежите, најдоцна во рок од 6 часа од почетокот на снежни врнежи и трае до целосно расчистување. При таква активност доколку се јави потреба на определени улици, во соработка со сообраќајна полиција може да се направи времено прекинување на сообраќајот се додека не се обезбедат минимални услови за одвивање на истиот.
- При снежни врнежи сите сопственици, односно корисници на објекти се должни веднаш да започнат со чистење на снегот на отворените простори пред јавните површини, со што непречено ќе се обезбеди движење.

1.3. Работите за зимското одржување на улиците и локалните патишта на територија на Општина Македонски Брод ќе ги врши ЈКП "Комунална хигиена" од Македонски Брод, согласно Програмата за зимско одржување на улици и локални патишта.

## 2. НАДЗОР НАД РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОГРАМАТА

Надзорот над спроведувањето на активностите предвидени со оваа Програма ќе врши стручна служба составена од вработени во Општина Македонски Брод во соработка со Подрачна единица на Министерството за внатрешни работи во Македонски Брод и ПО на Дирекција за заштита и спасување во Македонски Брод.

**3. ФИНАНСИРАЊЕ**

Општина Македонски Брод во буџетот за 2020 година ќе предвиди финансиски средства за реализација на активностите од оваа Програма во износ од 600.000 денари.

**4. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата за зимско одржување на улици и локални патишта на територија на Општина Македонски Брод за 2020 година може да се измени и дополни согласно законските одредби, услови и можности.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.18 - 893/15**
**29.11.2019год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

**Претседател,**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Програма**
**за зимско одржување на улиците и локалните патишта на територијата на Општина Македонски Брод за 2020 година**

Се прогласува Програма за зимско одржување на улиците и локалните патишта на територијата на Општина Македонски Брод за 2020 година, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Бр.08- 893/25**
**02.12.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**дипл.шум.инг Живко Силјаноски с.р**

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

# ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ГРАЃАНИ И МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ

## 2020 година

Врз основа на член 22, став 1, точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), како и член 9, член 34, став 5 и член 123 од Законот за заштита и спасување - пречистен текст (Сл.весник бр.93/2012, 41/2014, 129/2015, 71/2016, 106/2016) и член 5, став 2 од Законот за управување со кризи (Сл.весник бр.29/2005, 36/2011, 41/2014, 104/2015, 39/2016), Советот на Општина Македонски Брод на седница одржана на 29.11.2019 година, донесе:

# ПРОГРАМА

## за активности на Општина Македонски Брод во областа на заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи за 2020 година

## 1. ВОВЕД

Со оваа Програма се утврдуваат заедничките интереси и активности во областа на заштита, спасување и справување со природни непогоди и други несреќи кои претставуваат активности од јавен интерес.

Во 2020 година активностите што ќе се спроведуваат, ќе бидат согласно законските прописи, а во интерес на граѓаните од Општина Македонски Брод во остварување на нивните права, обврски како и нивна заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.

Општина Македонски Брод активностите ќе ги остварува преку Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на подрачје на општината, а во согласност со:

- Општинската Територијална противпожарна единица;
- Јавни претпријатија, установи и служби од локален карактер основани од општината;
- Општинска Комисија за процена на штети од природни непогоди, епидемии и други несреќи на територија на Општина Македонски Брод;
- Општински штаб за заштита и спасува

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основни цели на оваа програма за активности на Општина Македонски Брод во областа на заштита, спасување и справување со кризи се:

- Заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природни богатства, животинскиот и растителниот свет и културно наследство од природни непогоди и други несреќи на подрачје на Општина Македонски Брод;
- Создавање услови и можности за организирано остварување и релизирање на заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природни богатства, животинскиот и растителниот свет и културно наследство од природни непогоди и други несреќи на подрачје на Општина Македонски Брод;
- Обезбедување навремено истакнување на опасности, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на непогода;
- Овозможување на услови и можности за организирано остварување и реализација на заштита и спасување на луѓето и матријалните добра;
- Обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување.

## 3. АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА

За реализација и остварување на основните цели од оваа Програма, Советот, Градоначалникот и општината ќе преземат активности кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби пред се во:

- Обезбедување целосна заштита и спасување на луѓето и матријалните добра;
- Квалитетна, техничка и стручна подготвеност на силите за заштита и спасување;
- Доопремување на Просторните сили за заштита и спасување;
- Ажурирање на Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на територија Општина Македонски Брод;
- Отстранување на последиците настанати од природни непогоди и други несреќи.

## 4. ФИНАНСИРАЊЕ

Динамиката на извршување на Програма за заштита и спасување на граѓани и матријални добра од природни непогоди и други несреќи ќе зависи од приливот на средства во Буџетот на Општина Македонски Брод.

I-дел, потребни финансиски средства за формирање на Просторни сили за заштита и спасување

| Ред.бр. | Намена | Материјален состав | Износ (денари) |
|---|---|---|---|
| 1 | Обука на вработени во Општина Македонски Брод | обука ќе ја извршува територијалната противпожарна служба | 15.000,00 |
| 2 | Обука, тренинг и вежби на силите за заштита и спасување | обука на раководниот и командниот кадар | 16.000,00 |
| 3 | Просторен штаб и Универзални единици за заштита и спасување | ознака на припадност на силите за заштита и спасување | 2.500,00 |
| | | санитетска торба со опрема | 5.000,00 |
| | | прв завој | 2.500,00 |
| | | заштитна наметка | 21.000,00 |
| | | напртњачи за вода | 12.500,00 |
| | | челична метла | 15.000,00 |
| | | заштитни кожни ракавици | 5.000,00 |
| | | батериски лампи | 5.000,00 |
| | | лопати | 3.000,00 |
| | | чизми гумени | 2.500,00 |
| | | **Вкупно** | 105.000,00 |

II-дел, потребни финансиски средства доколку дојде до појава на природни непогоди и други несреќи на подрачје на Општина Македонски Брод

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Ангажирање на граѓани во силите за заштита и спасување | превоз, дневници и храна | 100.000,00 |
| 2 | Ангажирање на ЈП, установи и др.субјекти за заштита и спасување | градежна механизација, превозни средства, специјални возила и др. опрема и алат | 100.000,00 |
| **Вкупно** | | | 200.000,00 |
| 3 | Редовен сервис и одржување на ПП апарати и за поправка на внатрешната хидратанска мрежа | | 30.000,00 |
| 4 | Сервисна поправка на исправноста за заштита од атмосферски празнења од страна на овластен правен субјект | | 10.000,00 |
| 5 | Набавка на ПП апарати | | 5.000,00 |
| **Вкупно** | | | 45.000,00 |
| **Вкупно ( II дел)** | | | 245.000,00 |
| **Вкупно средства потребни за заштита и спасување ( I и II дел )** | | | **350.000,00** |

## 5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведување на оваа Програма се грижи Градоначалникот на Општина Македонски Брод, кој во соработка со Територијалната противпожарна единица, Регионалните одделенија на Дирекцијата за заштита и спасување и на Центарот за управување со кризи, Јавните претпријатија "Водовод и Канализација" и "Комунална хигиена" и други надлежни органи и тела, ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како и во покренување на иницијативи, давање на мислење и поднесување на предлози во врска со остварување на програмски цели и активности.

Оваа Програма влегува на сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Македонски Брод"

**Бр.18 - 893/16**
**29.11.2019 год**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**МАКЕДОНСКИ БРОД**
**Претседател**
**Бране Јованоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Програма**
**за заштита и спасување на граѓаните и матријалните добра од природни непогоди и други несреќи за 2020 година**

Се прогласува Програма за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи за 2020 година, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Бр.08- 893/25**
**02.12.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**дипл.шум.инг Живко Силјаноски с.р.**

# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

# ПРОГРАМА
# ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

2020

Врз основа на член 6, член 11 и член 142 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр.104/19 и 146/19 ), член 22 став 1 точка 7 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02), и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.04/2017-Пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 29.11.2019 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**

**за социјална заштита во Општина Македонски Брод за 2020 година**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Општината во остварувањето на својата надлежност од областа на социјалната заштита работи согласно важечката законска регулатива и подзаконските акти донесени од државата и локалната самоуправа.

Законот за социјална заштита, Програмата за остварување на социјалната заштита, Националната програма за развој на социјалната заштита, Законот за локална самоуправа, Законот за семејството, Законот за урбанистичко планирање и други, се акти, врз основа на кои се уредува социјалната заштита, специфичните потреби на населението и начинот на остварување на социјалната заштита.

Во Програмата за работа на советот на Општина Македонски Брод за 2020 година, за последното тромесечје утврдено е дека советот на Општина Македонски Брод треба да донесе Програма за социјална заштита за конкретни категории лица во Општина Македонски Брод.

Со оваа програма советот на Општина Македонски Брод има за цел поедини категории на семејства да добијат соодветен третман и заштита од социјален ризик, совладување на овие ризици како и со девијантните појави и однесувања.

**Видови ризици на кои се изложени граѓаните и категории на лица кои ги опфаќа оваа програма**

Основни социјални ризици на кои најчесто се изложени граѓаните, се следните:

- ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност)
- ризици од стареење ( старост и преживување)
- ризици по мајчинство и семејство
- ризици од невработеност и професионална неадаптираност и
- ризици од неадаптираност кон социјалната средина.

## 2. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

Општина Македонски Брод, со цел обезбедување на социјалната заштита за нејзините граѓани, ќе ги спроведува следните мерки и активности:

**А.** Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на следните категории на лица кои ќе се најдат во исклучително тешка состојба, согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на општината за 2020 година:

-лица со попреченост,

-деца без родители и родителска грижа,

- деца со воспитно социјални проблеми,

- деца од еднородителски семејства,

- стари лица без семејна грижа,

- лица засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол,

- тешко болни лица и примател на терапија,

- лица погодени од елементарни непогоди, пожари и друго,

- жртви на семејно насилство и

- згрижувачки семејства

**Б.** Организирање на хуманитарна акција за финансиска и материјална помош на ранливите групи на население.

**В.**Хоризонтално обележување на паркинг простор за лица со посебни потреби и изградба на пристапни рампи во објекти од јавен интерес.

**Г.** Организирање на трибини за едукација против зависности и реализација на проект за превенција од болестите на зависност.

**Д.** Поддршка на центарот за деца со посебни потреби..

**Ѓ.**Реконструкција на постоечкиот клуб за стари лица кој се наоѓа во с.Самоков.

## 3. ПОСТАПКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

**А. Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на одредени категории на лица кои ќе се најдат во исклучително тешка состојба.**

### 1.Цел

Целта за остварување на паричната помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на одредени категории на лица е согласно надлежноста на општината во областа на социјалната заштита утврдена во Законот за локалната самоуправа и Законот за социјалната заштита како и други законски и

подзаконски акти во оваа област, општината да им излезе во пресрет на здравствено, финансиски или друг начин загрозените лица кои имаат потреба од социјална заштита и помош, а согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на општината за 2020 година.

**2.Мерки**

Висината на надоместокот, видовите на мерките и услугите за социјална заштита и превенција, за наведените категории на лица ќе се утврдуваат врз основа на поднесено барање со комплетна документација, согласно Законот за Социјална заштита со која би се потврдил основот на барањето, а по дадено позитивно мислење од страна на Комисијата за општествени дејности и по донесена одлука од страна на Советот на Општина Македонски Брод.

**3.Носител**

Оваа активност како мерка во рамките на реализацијата на програмата за социјална заштита на Општина Македонски Брод за 2020 година, ќе се спроведува од страна на Општина Македонски Брод преку надлежните сектори и одделенија а по претходно позитивно мислење дадено од Комисијата за општествени дејности и донесена Одлука од страна на Советот на Општина Македонски Брод.

**4.Извори на средства**

Средствата за исплата на парична помош и за обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на наведените категории лица ќе се обезбедуваат согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на општината за 2020 година и се предвидени во следните потпрограми:

АО- Совет,потставка 464990- други трансфери

АО- Совет,потставка 412110 – постојана резерва

ДО- Градоначалник,потставка 464990-други трансфери

ЕО – Општинска администрација ,потставка 464990 – други трансфери

**Б. Организирање на хуманитарна акција за финансиска и материјална помош на ранливите групи на население**

Целта на оваа активност е преку организарање на акција за собирање на облека и друга опрема да им се помогне на социјално загрозени лица.

Носители на спроведување на активност покрај Општина Македонски Брод, ќе бидат вклучени и јавните установи, Меѓуопштинскиот центар за социјална работа, невладини организации и здруженија.

**В. Хоризонтално обележување на паркинг простор за лица со посебни потреби и изградба на пристапни рампи во објекти од јавен интерес**

Целта на оваа активност е воспоставување на подобар пристап на лицата со посебни потреби до јавните институции и објекти .

**Г. Организирање на трибини за едукација против зависности и реализација на проект за превенција од болестите на зависност**

Со спроведувањето на оваа активност се превземаат мерки за спречување на настанување на социјални ризици, рано откривање и третман на граѓанинот односно на лицата кои злоупотребуваат droги, други психотропни супстанции, прекурсори и алкохол.

Оваа активност ќе се спроведе во соработка со Меѓуопштинскиот центар за социјална работа од Македонски Брод, со училиштата, здраствената установа, невладини организации и здруженија на граѓани како и други правни и физички лица.

За реализација на оваа активност во Буџетот на општина Македонски Брод за 2020 година, се предвидени финансиски средства во следната подпрограма:

ЕО – Општинска администрација ,потставка 464990 – други трансфери

ЕО – Општинска администрација,потставка 463110 – трансфери до здруженија

**Д.Поддршка на центарот за деца со посебни потреби**

Целта на оваа активност е да им се помогне на децата со посебни потреби кои што се сместени во Дневниот центар за деца со посебни потреби кој се најдува во с.Долни Манастирец.

**Ѓ. Реконструкција на постоечкиот дневен центар за стари и возрасни лица кој се најдува во с.Самоков**

Организирање на сервисни служби за услуги на стари и возрасни лица

Целта на оваа активност е да им се помогне на старите и изнемоштени лица и да им се обезбеди подостоинствен живот.

Оваа активност ќе се спроведе во соработка со Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Македонски Брод и Министерството за труд и социјална политика.

**4.ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ СО ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА**

| Ред.бр. | Активност | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Хоризонтално обележување на паркинг простор за лица со посебни потреби | 50.000 |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| **2.** | **Изградба на пристапни рампи во објекти од јавен интерес** | **100.000** |
| **3.** | **Реализација на проект за превенција од болестите на зависност** | **100. 000** |
| **4.** | **Помош за стари и изнемоштени лица** | **150.000** |
| **5.** | **Помош на социјално загрозените семејства** | **200.000** |
| **6.** | **Помош на лица погодени од елементарни непогоди** | **500.000** |
| **7.** | **Поддршка на Центарот за деца со посебни потреби** | **100.000** |
| **8.** | **Организирање на хуманитарна акција за финансиска и материјална помош на ранливите групи на население** | **30.000** |
| **9.** | **Организирање на трибини за едукација против зависности** | **20.000** |
| **10.** | **Еднократна помош за секое новородено дете** | **200.000** |
| **11.** | **Помош на лица со здравствени проблеми** | **200.000** |
| **12.** | **Финансиска поддршка на НВО за реализација на проекти за социјално загрозени семејства и поединци** | **100.000** |
| **13.** | **Жртви на семејно насилство** | **50.000** |

| | | |
|---|---|---|
| **14.** | **Згрижувачки семејства** | **100.000** |
| | **ВКУПНО:** | **1.900.000** |

**5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата за социјална заштита на Општина Македонски Брод за 2020 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Македонски Брод, а ќе се применува во текот на 2020 година.

**Бр. 18 – 893/17**
**29.11.2019 год.**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Програма**
**за социјална заштита во Општина Македонски Брод за 2020 година**

Се прогласува Програма за социјална заштита во Општина Македонски Брод за 2020 година, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Бр.08- 893/25**
**02.12.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**дипл.шум.инг Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 27 и 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод(„Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр. 02/03), Советот на општина Македонски Борд , на седницата одржана на 29.11. 2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за заштита и благосостојба на животните преку потикнување на одговорното сопственишво и решавање на проблемот со бездомните кучиња затекнати на јавни површини на територија на општината за 2020 година**

## 1. Вовед

Согласно Законот за заштита и благосостојба на животните, општината во соработка со здруженијата за заштита на животните можат да поттикнува одговорно сопственишво и да донесат програми кои ги поттикнуваат сопствениците соодветно да се грижат за своите миленици, да ги кастрираат, односно ојаловат и ја подигнуваат јавната свест во однос на важечките прописи кои се однесуваат на домашните миленици .

Во надлежност на општината е да врши собирање на бездомните кучиња, односно нерегистрирани кучиња и регистрирани кучиња доколку ги затеке на јавни површини без присуство на сопственикот и привремено да ги сместат во соодветни објекти - прифатилишта.

## 2. Активности

Потикнување на одговорното сопственишво со цел заштита и благосостојба на животните ќе се спроведе преку запознавање на сопствениците на кучиња на нивните законски обврска и должност:

- да ги пријават своите кучиња еднаш годишно во ветеринарните амбуланти, клиники и болници кои се овластени за спроведување на ветеринарно здравствена заштита од јавен интерес во нивното место на постојан престој
- на влезната врата во дворот на видливо место да постават табла со која недвосмислено се укажува на присуство на куче, без разлика дали кучето или кучињата чиј е сопственик се опасни или не.
- кучињата кога ги шетаат на јавно место да ги врзат на поводник освен кога се на јавни места каде е дозволено кучињата слободно да се движат во придружба на нивните сопственици , исклучок се ловечките кучиња за време на лов и овчарски кучиња кои придружуваат стадо истите не треба да бидат врзани на поводник.

Решавањето на проблемот со бездомните кучиња затекнати на јавни површини на територија на општина Македонски Брод ќе се спроведе преку следните активности за хумано третирање

**-заловување на кучињата** е неопходно да се врши од страна на обучен тим, кој пред самото заловување ќе разработи соодветна тактика за пристап и техника на заловување на кучињата на места кои нема да претставува опасност за кучињата, граѓаните кои би се нашне во близина и околниот сообраќај. Техниката која ќе се одбере за заловување на кучињата зависи од местото на заловување, социјализацијата на кучето со луѓето и од самиот карактер на кучето;
**-евиденција при заловување***:* добри евиденциони постапки претставуваат еден од основните елементи за адекватно функционирање на стационарите за бездомни кучиња.Евиденцијата при заловување треба да содржи повеќе информации како што се време и датум на заловување,место каде е заловено, опис на кучето, лице кои го заловилои начин на заловувење. Овие податоци секогаш треба да се надополнуваат кога животните се сместени во стационарот
**-транспорт до прифатилиште**, оптимални услови за транспорт се спроведуваат преку обезбедување на соодбетно возило за транспорт на кучиња по нивното заловување. Добро дизајнирано возило дава поголема безбедност за заловувачите при внесувањето и изнесувањето на кучињата. Заловените кучиња треба во најкраток временски рок да се донесат во стационарот, а притоа во возилото треба да бидат заштитени од временски услови и од ситуации кои можат да го зголемат нивниот стрес и агресивност. Возилото треба редовно да се чисти и дезинфицира бидејќи претставува можен извор на зарази.
-**прием и преглед од доктор по ветеринарна медицина**, евиденција при прием секогаш треба да се спроведе во присуство на ветеринарен доктор, кој треба да ја дополни со податоци кои се однесуваат на кондиција на животното, надворешни знаци и карактеристики, евентуални клинички знаци на заболување или повреди. Секако дека основните идентификациони податоци за секое животно претставуваат дел од евиденцијата при приемот;
-**лабараториско испитување** на заразни болести согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство, вклучувајќи испитување од болеста лајшманиоза,
**-ветеринарно медицински третман на кучињата,постоперативно сместување и нега,вакцинација и дехелментација**,
**-обележување со микрочип,**
**-враќање на заловените кучиња** на реонот на нивно заловување или вдомување .
**-еутаназија на кучињата** согласно прописите од областа на ветеринарното здравство,
**- едукација и подигнување на јавната свест кај населението.**

**3. Престој во прифатилиште, ветеринарно-медицински третман и понатамошно постапување со третираните кучиња**

Заловените кучиња се транспортираат до прифатилиште, кое е регистрирано и има одобрување од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија.

Спецификација и нормативи за објектите
Организација на просторот: секој објект за сместување на кучиња треба да ги исполнува условите за благосотојба на животните, согласно националната легислатива и меѓународните стандарди. Целокупната организација на просторот во објектот треба да биде соодветен за потребите на околината во која егзистира но воедно да ги исполнува минималните пропишани стандарди.
Кучињата се сместуваат во просториите за прием во кои се врши набљудување на кучињата од страна на докторот по ветеринарна медицина кој врши преглед на заловените кучиња и ги спроведува сите мерки согласно закон и тој одредува кои од нив ги исполнуваат критериумите за еутаназија.
Еутаназијата се врши во согласност со важечките законски прописи и наредби; кога животното е заболено од заразна или паразитска болест која може да се пренесе на други животни или луѓето, животното е заболено од други болести кај кои лечењето е долго и со несигурна прогноза, тешко повредени животни животни кои видливо страдаат или стари изнемоштени животни, кога кучињата преставуваат опасност кон луѓето или другите животни и кога кучињата поминале минимум временски период потребен за исцрпување на можноста за вдомување.

Медицински третман на здрави кучиња се врши на следниот начин:
Сите клинички здрави животн и се транспортираат до ветеринарно друштво кое е одобрено од Агенцијата за храна и ветеринарство за ветеринарно-медицински третман на бездомните кучиња од прифатилиштето за што треба да се поседува валиден склучен договор, односно во посебен дел за оперативно и болничко лекување во прифатилиштето доколку го поседува. Сите животни кои по мислење на ветеринарен доктор ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат-стерилизирааат. По завршената операција и пост оперативно опоравување животните се враќаат назад во прифатилиштето,односно во делот за престој во прифатилиштето каде се врши нивно редовно хранење и постојан надзор од страна на обучени лица. Прифатилиштето се одржува согласно санитарно-хигиенските прописи: боксовите во прифатилиштето редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор.
Изведувачот на Програмата е должен да склучи договор со овластен оператор за нештетно отстранување на лешеви и нус производи од животинско потекло, во специјално изградена гробна јама на соодветна комунална депонија, а истотака ќе ги собира и транспортира фекалиите/отпадот од прифатилиштето.

Непосредно при напуштање на прифатилиштето кучињата се вакцинираат против болеста беснило и се третираат со средство против ендопаразити и ектопаразити. Третираните кучињатаи обележани со микрочип се враќаат на реонот на заловување или се вдомуваат, а вдомените се регистрираат во в е т е р и н а р н о и н ф о р м а т и в н и о т с и с т е м .
Приоритет ќе се дава на вдомување на животните.

**4.Финасирање**

Трошоците за заловување и третман односно ветеринарна здрвствена заштита се на товар на сопствениците на кучиња, а во случај на бездомни кучиња истите се на товар на буџетот на општината.
Активностите утврдени со оваа програма кои се финасиска обврска на Општина Македонски Брод ќе се планираат на расходни конта 425510 ветеринарни услуги на износ од 150.000 денари.

**5. Известување**

Известување и информирања на граѓаните ќе се врши преку соопштенија истакнати на јавни места, веб страната на општината, соработка на општината со локалните надлежни органи: полиција, противпожарна служба, здравствен центар, за точниот термин на акциите и начинот на изведување на третманот.

**6.Мониторинг**

За спроведувањето на оваа Програма ќе се грижи Одделението за инспекциски надор во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарсво.

**7. Заврши одредби**

Во случај на потреба од активности кои не се предвидени со истата, ќе се донесат измени и дополнувања.

**Бр.18-893/18**
**29.11.2019 год.**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Програма**
**за заштита и благосостојба на животните преку потикнување на одговорното сопственишто и решавање на проблемот со бездомните кучиња затекнати на јавни површини на територија на општината**
**за 2020 година**

Се прогласува Програма за заштита и благосостојба на животните преку потикнување на одговорното сопственишто и решавање на проблемот со бездомните кучиња затекнати на јавни површини на територија на општината за 2020 година, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Бр.08- 893/25**
**02.12.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**дипл.шум.инг Живко Силјаноски с.р.**

**ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

# ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ 2020 – 2024

**Македонски Брод, ноември 2019**

**СОДРЖИНА**

**I. Анализа на состојбата........................................................................................ 2**

**II. Основни поими од областа на родовата еднаквост......................................... 2**

**III. Стратегиски области и цели ...................................................................... 3**

**1. Стратегиски области на дејствување ................................................................ 3**

**2. Стратегиски цели ............................................................................................ 4**

**3. Имплементација .............................................................................................. 5**

**IV. Комисија за еднакви можности при Општина Македонски Брод ................ 5**

**V. Заклучок ........................................................................................................ 5**

## I.Анализа на состојбата

Политиката на родовата рамноправност претставува едно од фундаменталните начела на демократијата и општествениот поредок. Родовата рамноправност во Република Северна Македонија е загарантирана со Уставот, и како фундаментално човеково право претставува една од најважните цели и приоритети за државата.

Постигнувањето на вистинска рамноправност меѓу родовите и справувањето со нееднаквостите претставува грижа за целата држава а тоа значи отстранување на сите бариери и пречки во обезбедувањето на услови за постигнување на целосна еднаквост меѓу мажите и жените.

Целта на институционализирањето на активностите и мерки за родова рамноправност значи обезбедување на услови за воспоставување на еднакви можности за жените и мажите во сите области и сегменти на живеење и работење: економскиот, политичкиот, социјалниот, културниот, образовниот, здравствениот сегмент и сите други аспекти од живеењето во општествена заедница.

Анализирајќи ги сите аспекти на современото живеење во Општина Македонски Брод како локална заедница, а имајќи ги во предвид културните и традиционалните обележја на Општина Македонски Брод, се издвојуваат следните заклучоци:

✓На подрачјето на Општина Македонски Брод не е евидентиран ниту еден облик на дискриминација по било кој основ

✓ на подрачјето на Општина Македонски Брод во практичното работење (во приватниот и јавниот сектор) и секојдневното живеење се забележува соодветно ниво на еднаквост меѓу половите, еднаков статус и третман во остварувањето на сите;

✓ на подрачјето на Општина Македонски Брод во сите области на живеење и работење (во јавниот и приватниот сектор), воспоставен е однос на рамноправен третман за жените и мажите со што се отстранети сите форми на родова дискриминација.

Имајќи ги во предвид овие заклучоци, а врз основа законската регулатива која се однесува на оваа област, Општина Македонски Брод како единица на локалната самоуправа е креатор и врз таа основа има обврска да ги спроведе политиките и програмите за унапредување на односите меѓу мажите и жените, системски да го промовира принципот на еднакви можности, да работи на градее подобри услови за постигнување на повисоко ниво на родова еднаквост.

## II. Основни поими од областа на родовата еднаквост

***РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ*** **-** праведност при постапувањето со мажите и жените во согласност со нивните лични потреби, праведност особено во врска со правата, придобивките, обврските и можностите. Унапредувањето на личната, социјалната, културната, политичката и економската рамноправност за жените и мажите;

***РОДОВА ЕДНАКВОСТ*** **-** различните однесувања, аспирации, потреби на жените и мажите се почитувани, земени во предвид, вреднувани и подеднакво потпомогнати.Родовата еднаквост е заснована на принципите на човековите права и социјалната правда**;**

***ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ*** – подразбира промовирање на начелото за воведување еднакво учество на жените и на мажите во сите области од јавниот и од

приватниот сектор, еднаков статус, еднаков третман во остварување на сите права и во развојот на нивните индивидуални потенцијали, преку кои тие придонесуваат во општествениот развој и еднакви придобивки од резултатите произлезени од тој развој;

***ПОТПОЛНА ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ*** – подразбира еднакви права, можности, услови и третман во сите области на јавниот и приватниот живот и отсуство на сите услови кои може да придонесат за нееднакви односи на моќ и нееднаква распределба на општествените добра меѓу мажите и жените;

***РОДОВА ПЕРСПЕКТИВА*** – претставува општо прифаќање на родовата перспектива во процесот на проценување на импликациите на секое планирано дејство врз жените и мажите, вклучувајќи го и законодавството, политиките или програмите во сите области и на сите нивоа.Тоа е стратегија за прашањата и за искуствата на жените и на мажите во настојувањето да станат интегрална димензија на дизајнирањето, спроведувањето, следењето и евалуацијата на политиките и програмите во сите политички, економски и општествени области, при што мажите и жените ќе имаат еднакви придобивки во процесотна постигнување на родова рамноправност;

***РОДОВО БУЏЕТИРАЊЕ*** – претставува резултат во постигнувањето на родовата рамноправност со примена на практиките на вклучување на родовите перспективи во процесите на буџетирање.Родовото буџетирање на имплицира посебни буџети за жените, туку значи проценка на буџетите од аспект на родова рамноправност и вклучување на родовите перспективи на сите нивоа во процесите на буџетирање;

***ВКЛУЧУВАЊЕ НА РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ ВО ГЛАВНИТЕ ТЕКОВИ, ПОЛИТИКИ И ПРАКСИ*** – интегрирање на родовата перспектива во секоја фаза на процесот градење, донесување, спроведување, следење и евалуација на политики во чија основа е промовирањето и унапредувањето на еднаквоста меѓу мажите .Значи, проценка на влијанието на политиките врз животот и местото на жената и мажот и превземање одговорност во процесот на градење на заедничка визија за постигнување одржлив развој.

***БАЛАНСИРАНО УЧЕСТВО НА МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ*** – претставува важен услов за рамноправност меѓу мажите и жените, поделба на позициите на моќ и одлучување (од 40 до 60% од секој пол) меѓу мажите и жените во секој сегмент од општествено- политичкиот живот;

***РОДОВ ЈАЗ*** – јаз кој се јавува во било која област во општествениот живот меѓу жените и мажите и се однесува на учество, пристап, права, хонорари и придобивки.

## IV. Стратегиски области и цели

### 1.Стратегиски области на делување

Врз основа на уставните вредности, законската регулатива со која се регулира областа на родовата еднаквост во републикава и одредбите содржани во Акцискиот план за родова рамноправност во нашата република(АПРР), локална годишна, Локалниот акциски план за родова рамноправност на Општина Македонски Брод ќе се фокусира на следните области:

- Човекови права;
- Одлучување;
- Здравје;
- Социјална заштита;
- Образование;
- Вработување;
- Претприемништво;
- Справување со насилство;
- Медиуми;
- Мировни активности;
- Животна средина.

За да може навистина квалитетно да се дјствува на планот на сите овие области и да се постигнат позитивни резултати, многу важно е пристапот да биде целосен и системски.Тоа значи во сите политики и програми за кои е надлежна општината, уште во фазата на планирање не само да промовира туку и да се применува политиката на еднакви можности.Тоа бара градење и постојано унапредување на човечките капацитети на локално ниво, механизми за координација на активностите и ефикасни средства и алатки за имплементација на сите активности од сферата на еднаквите можности меѓу половите.

За да може да се постигне високо ниво на унапредени односи на полова рамноправност и да се стекнат позитивни вредности и резултати во претходно наведените области на дејствување, Општина Македонски Брод ќе се фокусира кон постојано зајакнување и унапредување на капацитетите и механизмите за вклучување на родовите можности во јавните политики, стратегии и акциски планови и ќе го применува методот на родово буџетирање.

**2.Стратегиски цели**

Локалниот акциски план за родова рамноправност на Општина Македонски Брод за периодот 2020 – 2024 година ќе се реализира заради остварување на следните стратегиски цели:

✓ зајакнување на институционалните капацитети на општината на родов пристап во програмирањето и буџетирањето преку обуки на членовите на КЕМ и општинската администрација, развивање на интерни постапки и механизми за координирано дејствување;

✓ промоција на родовата еднаквост како вредност, преку информативни кампањи и манифетации и информирање на обата пола за услугите и можностите кои ги нуди општината;

✓промовирање на концептот за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје и информираност на жените и мажите за грижата на нивното севкупно здравје, поголема едукација за малигните заболувања на репродуктивните органи како и создавање реална слика за најчестите заболувања на подрачјето на Општина Македонски Брод и причинителите за тоа изразено низ јасни податоци во кои ќе бидат содржани релевантни и навремени полово разделени статистички податоци;

✓унапредување на механизмите за учество на обата пола во процесот на носење одлуки во општествената заедница со посебен акцент на вклучување на маргинализираните групи;

✓промовирање на концептот на правна писменост со што се овозможува правна заштита на припадниците на обата пола во случај на ускратување или повреда на нивните права;

✓подобрување , унапредување и зајакнување на економскиот статус на жените преку обуки за започнување и водење на бизнис односно концепт на женско претприемништво;

✓активно учество на обата полаво имплементацијата на Локалниот еколошки акционен план ( ЛЕАП) на Општина Македонски Брод.

**3.Имплементација**

Одговорни субјекти за имплементација на овој акциски план се Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Македонски Брод и координаторот за еднакви можности. Нивна обврска е да иницираат а соодветните општински органи да институционализираат локална мрежа на субјекти кои во континуитет ќе ја следат состојбата и ќе предлагаат, поддржуваат и реализираат мерки и активности што ќе го унапредуваат процесот на родова рамноправност во сите области на живеењето на подрачјето на Општина Македонски Брод.

**IV.Комисија за еднакви можности**

Комисијата за еднакви можности е формирана при Советот на Општина Македонски Брод. Комисијата за еднакви можности (КЕМ) при Советот на Општина Македонски Брод во периодот кој следува ќе ги искористи позитивните искуства од оваа област својствени за Општина Македонски Брод како и другите локални заедници од државата и ќе се фокусира на реализацијата на локалниот акциски план како и на годишната програма за родова рамноправност.

**V. Заклучок**

Имајќи ги во предвид специфичните карактеристики на факторите кои се својствени за Општина Македонски Брод, а се однесуваат на остварувањето на родовата рамноправност, може да се констатира дека акцискиот план за родова еднаквост е направен врз основа на реалните показатели и информации за Општина Македонски Брод а се однесуваат на етничкиот состав на населението на подрачјето на Општина Македонски Брод, процентот на вработеност меѓу мажите и жените, процентот на писменост и застапеноста на обата пола во процесите на одлучување.

Имплементацијата на овој акциски план значи активна улога на клучните субјекти – Комисијата за еднакви можности, координаторот и заменик координаторот, при остварување на политиките за родова еднаквост, креирање, поддржуваање и реализирање на конкретни мерки и активности со цел подобрување на состојбата со родовата еднаквост на подрачјето на Општина Македонски Брод.

**Бр.18-893/19**
**29.11.2019 год.**
**Македонски Брод**

**Претседател**
**на Советот на Општина Македонски Брод**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Локален Акционен План за родова рамноправност 2020-2024 година**

Се прогласува Локален Акционен План за родова рамноправност за 2020-2024 година, што го донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Бр.08- 893/25**
**02.12.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**дипл.шум.инг Живко Силјаноски с.р.**

# ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА ПЕРИОД 2020 – 2025 ГОДИНА

Ноември **2019 год.**

## Вовед

Планирањето е есенцијална алатка за воспоставување на одржлив систем за управување со отпад. Поглавјето II на Законот за отпад (Службен весник бр. 68/2004, 71/2004, 107/2007, 102/2008 ,143/2008, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15 ,192/15). и 63/2016) - Стратегија, планови и програми за управување со отпадот, детално го опишува процесот на планирање, како на национално, така и на локално ниво, и ги дефинира барањата за планско-програмските документи. Основни документи за планирање и развој на управувањето со отпад се:

1. Национална стратегија за управување со отпад (ја донесува Владата за период од 12 години на предлог на МЖСПП) - (член 16);
2. Национален план за управување со отпад (го донесува МЖСПП за период од 6 години) - (член 17);
3. Национална програма за управување со отпад (се донесува за период од една година) - (член 19);
4. **Планови и програми за управување со отпад на ЕЛС - (член 18 и 19).**

Плановите за управување со отпадот на Единиците на Локалната самоуправа треба да бидат во согласност со Националната стратегија за управување со отпад (Сл. Весник 39/08) и Националниот план за управување со отпад на Република Македонија и се донесуваат за период не пократок од три години, а не подолг од шест години. При изработка на плановите за управување со отпад на локално ниво исто така треба да бидат земени предвид насоките дадени во другите стратешки и плански документи, донесени на национално и локално ниво, особено Националниот акционен план за животна средина (НЕАП) и Локалните акциони планови за животна средина (ЛЕАП).

Програмата за управување со отпад, која е алатка за реализација на Планот за управување на отпадот, на годишно ниво, претставува основен документ за планирање на сите активности во текот на планираната календарска година, како и основа за пресметување на делот од општинскиот буџет, наменет за целите дадени во Планот и Програмата за управување со отпад.

Овој документ треба да ги определи стратешките цели на Општина Македонски Брод во идниот шестгодишен развоен период димензионирани во приоритети, реално изводливи во определено време и со реална финансиска конструкција и да предложи Програма за реализација на активностите за 2020 година.

Согласно став 1 од член 18 и согласно точка 2 од став 1 од член 19 од Законот за управување со отпад, Градоначалникот му ги предлага на усвојување Планот (2020 -2025) и Програмата за управување со отпад (2020), на Советот на Општината.

## ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

**(2020 -2025)**

### 1. Опис и оцена на постоечката состојба за управување со различните видови отпад

Општината Македонски Брод е ридско планинска општина лоцирана во централниот дел од Македонија со површина од 888,7 км$^2$ (3,63% од територијата на Македонија) и спаѓа во редот на средно големи територијално-административни целини. Општината го зафаќа средното течение на реката Треска, западно од планинскиот масив Јакупица, целосно ја опфаќа областа Поречје и се протега на југ до Бушова Планина, на запад до Коњарник и Добра Вода, на север до Сува Гора и на исток до Караџица,Јакупица и Даутица.



Општината има 51 населено место со општински центар Македонски Брод (едно урбано место и 50 рурални населени места). Соседни општини се: Општина Пласница, Општина Крушево ,Општина Долнени, Општина Чашка, Општина Студеничани, Општина Сопиште, Општина Желино, Општина Брвеница, Општина Гостивар и Општина Кичево.

Согласно член 42-а од Законот за отпад (Службен весник на РМ бр. 68/2004, 71/2004, 107/2007, 102/2008,143/2008,124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15 ,192/15). и 63/2016), управувањето со комуналниот отпад во општина Македонски Брод му е доверено на ЈП „Комунална хигиена", кое е основано со Одлука бр. 07 – 889/3 од 27.11.2014 година, од страна на општината.

Во согласност со податоците од Пописот 2002, општина Македонски Брод има вкупно 7.141 жители.

Три населени места во Општината, ги добиваат услугите на ЈП „Комунална хигиена": градот Македонски Брод, Самоков и Девич со околу 4169 жители, што претставува 58% од населението во целата Општина. Во однос на домаќинства, тоа изнесува вкупно 1120 домаќинства додека вкупно правни лица корисници на услугата се 134. Од туристичките места смет се собира во "Пешна" и "Долна Белица" додека останатите населени рурални места, кои се простираат по целата територија на Општината, не ги добиваат услугите од ЈП „Комунална Хигиена" заради малиот број на жители и економската неисплатливост и заради лошата демографска положба, но со текот на времето , како ќе се создаваат услови така ќе бидат вклучени . Овие населени места претставуваат проблем кој ќе се решава во иднина.

Годишната количина на цврст отпад во градот и населените места, кои се опслужени од ЈП „Комунална хигиена" кој е подигнат, изнесува околу 1064,2т/г (количините се утврдени според секојдневната евиденција за постапување со отпад од страна на ЈП „Комунална хигиена" Македонски Брод). Ако кон оваа количина се додаде и отпадот од селските населби, кој се складира исклучиво на диви депонии, сериозноста на проблемот добива уште поголема димензија.

Изнесување, транспортирање и депонирање на комуналниот цврст отпад се реализира во согласнот со Одлуката за комунален ред на Општина Македонски Брод (Сл. гласник на Општина Македонски Брод бр.06/13)

Собирањето на комуналниот цврст и индустриски отпад се врши во специјални садови и тоа: 60 контејнери со запремнина од 1,1 $m^3$, распоредени во централното градско подрачје , пред колективните станбени објекти и пред поголемите институции ,14 пластични контејнери за селективно собирање на отпад , односно пластика и хартија со зафатнина од 1,1 м3, пластични канти за отпад од 120 l, 3 контењери за собирање на стакло врз основа на договор со "Пакомак" и 1 контењер за собирање на електричен отпад во договор со "Елоколект" како и други садови поставени пред секое домаќинство. Пред образовните институции, се поставени садови за целосна

селекција на отпадот во соодветните бои на садовите со цел да се развие еколошката свест кај учениците и кај најмладите.

Динамиката на изнесување, транспортирање и депонирање на комуналниот цврст отпад е димензионирана во зависност од густината на населението, количината на отпадот и условите за изнесување на истиот.

Физичкиот обем на задачите е дефиниран преку регистрирањето на станбените, дворните и индустриските површини, како и предвидените превозни сретства со кои се извршуваат работите. Во годишната програма, која што ЈП "Комунална хигиена" ја доставува до Општината на разгледување и усвојување е дефинирана динамиката на собирање, транспортирање и депонирање на отпадот. Во Табела 1 е даден преглед на возниот парк со кој располага ЈП „Комунална хигиена"

**Табела 1 - Возен парк**

| р.бр. | опис на возилото | количина |
|---|---|---|
| **1** | **камион** | **1** |
| **2** | **Специјално возилоРОВОКОПАЧ сопственот на општината** | **1** |
| **3** | **трактори** | **1** |

Или пак преточено во капацитет на собирање на отпад:

- 1 трактори -4 $m^3$
- 1 камион за кревање на отпад

На користење за потребите на комуналното претпријатие се дава и универзален ровокопач натоварач со придружна механизација марка Хидромак год на производство 2019.

Од досегашното искуство на ЈП „Комунална хигиена", дадена е една општа динамика на подигање, транспортирање и депонирање на отпадот и таа се однесува на компании/комерцијални/индустриски субјекти каде подигањето на отпад е 1 до 3 пати неделно. Понатаму, изнесувањето на отпадот од централното градско подрачје од контејнери 1,1 $m^3$ се врши два пати неделно. Празнењето на кантите во Урбаните заедници се врши еднаш во неделата. Во зависност од количината на отпадот изнесувањето на отпадот се врши со дневна смена Изнесувањето на отпадот се врши непрекинато, систематски и без застој. Повремен застој може да се појави само во случај на лоши временски услови.

Димензионирањето на работната рака е извршено врз основа на просечните норми и преку снимање на работните дневни задачи и утврдување на норми.

Направени се пресметки за продуцираната/генерирана количина на отпад и истата е претставена во табелата подолу. Показателот за генерирање на отпад по жител во година за урбана средина е земен 288 кг/жител, просечна вредност која е измерена при анализата на отпадот по количина и состав во рамките на Проектот "Национален план за управување со отпад и физибилити студии" (DHV Prowa-SWC,, проект финансиран од ЕУ, управуван од ЕАР-2005), споредена со количините дадени во Стратегијата за управување со отпад (Сл. Весник 39/08) кои изнесуваат 285-350 kg/жител. За рурални средини овој показател е помал и изнесува околу 140 kg/жител.

**Табела 2 - Генериран отпад во општина Македонски Брод од претходни години**

| **Година** | **2002** | **2003** | **2004** | **2005** | **2006** | **2007** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. жители во урбана средина (52%) | 3700 | 3710 | 3720 | 3730 | 3740 | 3750 |
| Генериран отпад во урбана средина (t/год) | 1066 | 1069 | 1072 | 1075 | 1077 | 1080 |
| Бр. жители во рурална средина (48%) | 3441 | 3441 | 3441 | 3441 | 3441 | 3441 |
| Генериран отпад во рурална средина (t/год) | 482 | 482 | 482 | 482 | 482 | 482 |
| Вкупен број на жители | 7141 | 7151 | 7161 | 7171 | 7181 | 7191 |
| **Вкупно генерирање на отпад во општина М.Брод (t/год)** | **1548** | **1551** | **1554** | **1557** | **1560** | **1563** |

Управувањето со отпад во Општина Македонски Брод од 2014 год се одвива преку ЈП "Комунална хигиена ", додека годините наназад задолжени за комуналната хигиена и водоснабдувањето во општината беша ЈП “Водовод и канализација” основано во 2001 год со одлука на советот на општината

Цените за собирање и депонирање на смет по категории на корисници по метар квадратен се определени со одлука на советот на општината и истите изнесуваат:

**Табела бр.3**

| Ред,бр. | Опис на услугата | Цена без ДДВ | Цена со ДДВ 5% |
|---|---|---|---|
| 1. | Собирање смет - домаќинства | 180,00 | 189,00 |
| 2. | Собирање смет-правни субјекти(двор)м2 | 2,20 | 2,31 |
| 3. | Собирање смет кровна површина м2 | 4,35 | 4,57 |
| 4. | Собирање смет(паушално)за деловен простор до 20м$^2$ | 435,00 | 457,40 |
| 5. | Собирање на отпад домаќинства Самоков | 95 | 100 |

Општата состојба се оценува како несоодветна за достигнување на критериумите дадени во Европските директиви за отпад, како во однос на соодветноста и квалитетот на превозните средства, покриеноста со услугата за собирање на отпад, непостоењето на интегрално управување со отпад и посебно во однос на општинската депонија.

**Табела бр.4 - Број на население по пописи**

| Општина | Години на попис | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски Брод | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1991 | 1994 | 2002 |
| жители | 15244 | 16244 | 15711 | 13190 | 9093 | 8012 | 7574 | 7141 |

**Табела бр5- Индивидуални домаќинства со просечен број на жители**

| Вкупен број на индивиду-ални домаќинства | Вкупен број на членови на домаќинства |
|---|---|
| 2.392 | 7.141 |

Врз основа на статистичките податоци се гледа дека во општината Македонски Брод имаме намалување на бројот на жители од пописот во 1948г.до пописот во 2002 г.

Заради тоа во однос на следните години (планскиот период што треба да биде опфатен со овој документ) ќе претпоставиме дека прирастот на населението е многу мал, што значи дека бројот на населението ќе остане речиси ист во дадениот период со тенденција на намалување на бројот на жителите.Затоа ќе претпоставиме дека степенот на создавање на отпад ќе остане речиси ист, заради тоа што не се очекува драстично зголемување на животниот стандард на населението што е основа за зголемено создавање на отпад.

Депонирањето на цврстиот комуналниот отпад, што е производ на животните и работни активности на луѓето, како и од работата на индустриските капацитети е еден од посериозните проблеми во Општината.

Сегашната локација, на која што сега се одложува отпадот е местото викано Барбарас. Истата локација е одобрена преку Одлука за определување на депонија за депонирање на комуналниот цврст отпад и технолошки отпад на подрачјето на општина Македонски Брод донесена од Советот на оштината. Депонијата е позиционирана на локалитеот „Барбарас“, на оддалеченост од 8 km од Градот, а од најблиското населено место е одалечена 5км. и на 500м од регионалниот пат Македонски Брод - Прилеп. Оваа локација е во употреба од 1997 година, а се планира и понатаму да се користи се до нејзино пополнување. Истата има капацитет да ја прими количината на отпад, која се создава во градот Македонски Брод и околните населени места за подолг временски период. Локацијата на депонијата е опкружена со заштитна ограда, но истата е далеку од стандардите кои треба да се применуваат за една санитарна депонија или пак депонија со запазени минимум технички критериуми. Општина Македонски Брод во соработка со ЈП „Комунална хигиена “ континуирано ќе ја уредува постојната депонија Барбарас , односно ќе се набавуваат средства за депонирање на отпадот, ќе се намести нова физичка ограда , вода, струја и сл. и постојано ќе се стреми на исполнување на минимални технички услови.

Општината има назначено локација за депонирање на шут (на влезот од градот) и за нејзино уредување се грижи ЈП „Комунална хигиена“. Дивите депонии во Општината се расчистуваат инцидентно, преку акции спроведени од страна на Локалната самоуправа, во кои учествуваат ЈП „Комунална хигиена“ и локалните јавни институции. Досега не се спроведени активности за уредување на просторот каде што се наѓаат дивите депонии после расчисутвањето. И покрај постоењето на официјална депонија за одлагање на комуналниот отпад, создавањето на диви депонии или нерегулирано одложување на комуналниот отпад, како и на другите места во Републиката е редовна пракса и во Општина Македонски Брод.

ЈП „Комунална хигиена“ во својата организациона структура има назначено лице кое ги следи состојбите врз животната средина, меѓу кои и управувањето со отпадот. Истото лице е во секојдневна комуникација со општината, која има вработено инспектор за животна средина, инспектор за комунални дејности и тројца комунални редари. Преку комуникацијата на двата субјекти се следи состојбата со управувањето со отпадот. Понатаму се планира да продолжи ваквата меѓусебна соработка, со понатамошно зајакнување на знаењата и реализирање на предвидените цели и активности за подобрување на управувањето со отпад во општината.

### *1.1 Состојби со селектирање и рециклирање на комуналниот отпад*

Постојниот начин на собирање и третман на комуналниот цврст отпад го опфаќа делумно селектирањето и рециклирањето на оние фракции на комуналниот цврст отпад кои може да бидат рециклирани.

Структурата на отпадот, односно фракциите од кои се состои отпадот, е анализирана од страна на ЈП „Комунална хигиена”. Врз основа на претходно дефинираните количини на комунален отпад кој се создава на територијата на општината Македонски Брод на годишно ниво, како и врз основа на структурата на фракции од отпадот идентификувана со Националниот план за управување со цврст отпад-Специјална Студија за состав на отпад (Проект финансиран од ЕУ преку CARDS Програмата 2001), на годишно ниво се претпоставува дека се создаваат следниве видови и количини на фракции од отпадот:
Извор(Консолидиран годишен извештај за постапување со отпад за 2018 година доставен од ЈП “Комунална хигиена”

**Табела бр.6 Состав на отпад**

| **Вид на отпад** | **Количина т** |
|---|---|
| Измешан комунален отпад | 946.451 |
| Биоразградлив отпад | 53.200 |
| Мил од преработка | 7.200 |
| Остатоци од сита и гребла | 5.400 |
| Отпад од пескофрлач | 12.000 |
| Смеси од посебни фракции | 40.000 |

Во моментов во Р. Македонија постои ланец на претпријатија кои се занимаваат со собирање на видови на отпад или фракции кои може да се рециклираат. Материјалите кои може да бидат искористени или преработени, претежно се собираат од страна на

неформалниот сектор и потоа се продаваат на претпријатија кои се занимаваат со откуп, продажба или процесуирање на секундарни суровини.

### *1.2 Состојби со биоразградливиот отпад*

Праксата за собирање на биоразградливиот отпад во општината е воспоставена, но исто така има и традиционална употреба на истиот во земјоделието. Биоразградливиот органски отпад како фракција во комуналниот отпад што се создава на територија на Општина Македонски Брод е даден во следната табела:

**Табела 7 - Генерирање на биоразградлив отпад**

| Година | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на жители | 7141 | 7141 | 7141 | 7141 |
| Вкупно генерирање на отпад во општина Македонски Брод (t/год) | 53.040 | 57.880 | 58.590 | 53.200 |

Иако продукцијата на биоразградлив отпад не е особено голема и не дава индикации за изградба на централна компостара за потребите на Општина Македонски Брод , не би смееле да се занемарат количините биоразградлив отпад кои потекнуваат од земјоделието.

Со оглед на географската положба што ја има Општина Македонски Брод, земјоделието не е значајна стопанска гранка во оваа општина, но сепак количините на биоразградлив отпад од овој извор нетреба да се занемарат. Во следната табела се дадени видовите на биоразградлив отпад од полјоделски култури и праксата на постапување со истиот.

**Табела бр.8**

| **Тип на земјоделско производство** | **Потенцијален отпад** | **Забелешки/ пракса на постапување со отпадот** |
|---|---|---|
| **Зрнести култури**<br>Пченица,,Јачмен,,Пченка Рж | Слама.пченкини стебла и сл. | Овој материјал воглавно не се третира како отпад поради неговата употреблива вредност како храна за преживарите или како простирка за добитокот |
| **Индустриски култури**<br>Тутун | Остаток од растително ткиво по собирањето на листовите од тутунот | Отпадот останува на површините по собирањето и се заорува |
| **Градинарски култури**<br>Компир<br>Останати градинарски култури | Остаток од растително ткиво по собирањето на растенијата | Отпадот останува на површините по собирањето и се заорува |
| **Фуражни култури**<br>Луцерка<br>Фуражна пченка<br>Добиточен грашок | Остаток од растително ткиво по собирањето на растенијата | Отпадот останува на површините по собирањето и се заорува |

Секако не би смеела да се занемари и улогата на сточарството при генерирање на биоразградливиот отпад.

Според податоците од Подрачната единица на Министерството за земјоделсво, шумарство и водостопанство во Општина Македонски Брод нема позначајни сточарски фарми ниту пак кланици, така да отпадот од овој тип не претставува проблем во општината.

Вкупно се одгледуваат 330 говеда, 2976 овци и 966 кози, а отпадот од овие животни се користи како ѓубриво.

**Табела бр.9 Количини на биоразградлив отпад отпад од сточарство**

| **Вид** | **Број** | **Потенцијален отпад** | **Отпад по грло (просечно)** | **Вкупно дневно** |
|---|---|---|---|---|
| Говеда (просечно животно од 500 кг) | 330 | Фецес, екскрет, простирка | 20 кг на ден | 6.6 тони фецес и простирка |
| Овци Просечно животно од 50 кг) | 2976 | Фецес, екскрет, простирка | 4 кг | 11.9 тони фецес и простирка |
| Кози (просечно животно од 50 кг) | 966 | Фецес, екскрет, простирка | 4 кг на ден | 3.8тони фецес и простирка |

Тоа се состојбите во поглед на количините на биоразградлив отпад кои дневно се создаваат во Општина Македонски Брод.

### *1.3 Состојби со индустрискиот отпад*

Врз основа на податоци од ЛЕАП нема некои позначајни индустриски капацитети кои создаваат поголеми количини на индустриски неопасен отпад.

Целокупниот создаден неопасен отпад од индустријата се собира и од ЈП "Комунална хигиена" и се депонира на општинската депонија.

Индустриските капацитети, кои работат на територијата на Општина Македонски Брод, воглавно се многу мали и се поврзани со производство на производи од дрво, текстил и ископување на минерални суровини. Кај инсталациите нема развиен систем на сепарирање на отпадот. Истиот најчесто се собира во контејнери од кои редовно се отстранува генерираниот отпад.

### *1.4 Состојби со опасниот отпад*

Опасниот отпад, како што е дефинирано во член 6 од Законот за отпад (Службен весник бр. 68/2004, 71/2004, 107/2007, 102/2008 , 143/2008,124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15 ,192/15). и 63/2016,), не смее да завршува на ниту едно нерегулирано место и не смее да се одложи на депонија за комунален неопасен отпад. На територијата на Република постојат правни субјекти регистрирани за управување со опасниот отпад а во ресорното министерство се води РЕГИСТАР НА ИЗДАДЕНИ ДОЗВОЛИ ЗА СКЛАДИРАЊЕ НА ЕЛЕКТРИЧЕН И ЕЛЕКТРОНСКИ ОТПАД, БАТЕРИИ И АКУМУЛАТОРИ И ОТПАДНИ МАСЛА и РЕГИСТАР НА ИЗДАДЕНИ ДОЗВОЛИ ЗА ТРАНСПОРТ НА ОПАСЕН ОТПАД. Достапноста на податоците е олееснителна околност на создавачите на опасен отпад за истите полесно да стапат во контакт за склучување на договори за превземање и транспортирање на истоиот на соодветен начин.

### *1.5 Состојби со финансиската ситуација при управување со отпад во Општината*

Управувањето со комуналниот отпад во општината му е доделено на ЈП ”Комунална хигиена” со одлука на советот на општината бр.07-889/3 од 27.11.2014 год. Дејности кои ги обавува комуналното претпијатие се:собирање на безопасен отпад,обработка и отсранување на безопасен отпад, услуги поврзани со одржување на згради, чистење и одржување на паркови и зеленила и други дејности.

Во прилог е даден Прегледот на приходи и расходи на ЈП “Комунална хигиена“ (Извор: Финансискиот извештаја на ЈП “Комунална хигиена“ за 2018 година)

**Преглед на приходи и расходи на ЈП “Комунална хигиена“**

***ЈКП Комунална хигиена М. Брод во деловната 2017 година ги оствари следните приходи:***

***Во табела 1 се дадени фактурираните приходи од 2017 година.***

*ТАБЕЛА 1*

| *р. бр.* | *Вид приход* | *2017* |
|---|---|---|
| *1.* | *Собирање смет* | *4.763.093,оо* |
| *2* | *Локални патишта и улици, паркови, зеленило (ЕЛС Македонски Брод)* | *1.200.000,оо* |
| *3* | *Управување со градски гробишта* | *886.873,00* |
| *4* | *Пазар* | *82.274,00* |
| *5* | *Останати услуги* | *4.680,00* |
| *6* | *Останати приходи (камати)* | *9,00* |
| *7* | *Приходи од судски побарувања* | *79.855,00* |
| | *Вкупно:* | *7.016.784,00* |

***Од прикажаната табела се гледа дека вкупниот фактуриран приход за 2017 год. изнесува 7.016.784,оо денари .***

***2.НАПЛАТА РЕАЛИЗАЦИЈА За деловната 2017 година ЈКП Комунална хигиена М. Брод ги има следните резултати на наплата (реализација) прикажани во***

ТАБЕЛА 2

| | 2015-2016 | 2017 | | Вкупно ненаплатено |
|---|---|---|---|---|
| | Долг | Фактурирано | Наплатено | |
| Правни лица – Државни | 1.210.207,00 | 3.022.223,00 | 2,972,140.00 | 1,260,290.00 |
| Правни лица приватни | 435,656.00 | 884.414,00 | 794,205.00 | 525,865.00 |
| Физички лица | 802.818.00 | 3,430,358.00 | 3,087,662.00 | 1.145.703.00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 2.448.681.00 | 7,336,995.00 | 6,854,007.00 | 2,931,858.00 |

Од табела 2 се гледа дека во 2017 год. вкупно се наплатени фактури во висина од 6.854.007,оо денари.

Фактурираната вредност за 2017 год. од 7,336,995.00ден. во однос на наплатената вредност (реализација) од 6,854,007.00 ден. го дава процентот на наплата од 93%, односно ЈП Комунална хигиенаМ. Брод за деловната 2017 год.

## 3.РАСХОДИ

Во табела 3 прикажани се троШоците за 2017 година по економски категории.

***ТАБЕЛА 3***

| | |
|---|---|
| ***Плата и надоместоци на плата*** Бруто | ***5,313,596.00*** |
| ***Надоместоци за отпремнина при заминување во пензија*** | ***44,760.00*** |
| ***Униформирана работна облека и обувки - ХТЗ*** | ***27,373.00*** |
| ***Останати трошоци за вработените(***вакцини***)*** | ***12,949.00*** |
| Трошоци за Адвокати,Нотари и Извршители | ***658,633.00*** |
| ***Гориво за камион*** | ***103,873.00*** |
| ***Гориво за трактор*** | ***89,133.00*** |
| ***Гориво за багер*** | ***91,992.00*** |
| ***Гориво за одржување пз и јпп*** | ***12,811.00*** |
| ***Гориво за одржување на гробишта*** | ***18,352.00*** |
| ***Моторни масла*** | ***20,244.00*** |
| ***Електрична енергија*** | ***3,348.00*** |
| ***Потрошени материјали за одржување на хали постројки објекти*** | ***24,714.00*** |
| ***Останати надвор. услуги за израб. на добра и изврш. услуги*** | ***19,020.00*** |
| ***Услуги за одржување на депонии*** | ***21,441.00*** |

| | |
|---|---|
| *Услуги за сервис и одржување на моторни возила* | *15,582.00* |
| *Услуги за одрж. на ЈПП* | *10,000.00* |
| *Услуги за одрж. на градски гробишта* | *26,000.00* |
| *Трошоци поврзани со управување на гробишта - обештетување* | *99,000.00* |
| *Потрошени материјали и р. делови за одржување на гробишта* | *4,619.00* |
| *Регистрација на патнички автомобили и товарни возила* | *3,320.00* |
| *Трошоци за автогуми* | *7,373.00* |
| *Останати материјали и резервни делови за одржување и сервис.* | *14,219.00* |
| *Трошоци за одржување на гробишта* | *3,769.00* |
| *Трошоци за одржување на пз и јпп* | *703.00* |
| *Потрошен помошен материал* | *6,472.00* |
| *Потрошени канцелариски материјали* | *14,344.00* |
| *Потрошен материјал за чистење и одржување* | *5,995.00* |
| *Отанати потрошени материјали за админ., управа и продажба* | *496.00* |
| *Трошоци за ситен инвентор* | *2,208.00* |
| *Трошоци за рекламен и пропаганден материјал* | *22,350.00* |
| *Трош. за користење на сопст. возило на сл. пат* | *21,248.00* |
| *Трошоци за храна и пијалоци* | *4,813.00* |
| *Трошоци за репрезентација во земјата* | *47,725.00* |
| *Консултантски, советодавни и сметководствени услуги* | *26,600.00* |
| *Услуги за одржување на софтвер и веб страница* | *30,000.00* |
| *Поштенски услуги* | *5,330.00* |
| *Интернет услуги* | *3,200.00* |
| *Останати услуги - Централен регистар* | *2,356.00* |
| *Банкарски услуги во земјата* | *34,529.00* |
| *Членарина за АДКОМ* | *12,000.00* |
| *Трошоци за радиодифузна такса* | *1,710.00* |

| | |
|---|---|
| *Трошоци за договор на дело* | *11,111.00* |
| *Трошоци за лиценцирање, сертификати и слично* | *2,559.00* |
| *Камати за ненавремено платени јавни давачки* | *1,305.00* |
| *Услуги за огласување во печат. и ел. медиуми* | *3,600.00* |
| Трошоци по спогодби со дел од вработените | *726.723.00* |
| Амортизација на основни средства | *21,217.00* |
| | |
| *ВКУПНО* | *7,654.715.00* |

***ЈКП Комунална хигиена М. Брод во деловната 2018 година ги оствари следните приходи:***

***Во табела 1 се дадени фактурираните приходи од 2018 година.***

***ТАБЕЛА 1***

| ***р. бр.*** | ***Вид приход*** | ***2018*** |
|---|---|---|
| ***1.*** | ***Собирање смет*** | ***4.773.192,оо*** |
| ***2*** | ***Локални патишта и улици, паркови, зеленило (ЕЛС Македонски Брод)*** | ***1.200.000,оо*** |
| ***3*** | ***Управување со градски гробишта*** | ***982.147,00*** |
| ***4*** | ***Пазар*** | ***91.283,00*** |
| ***5*** | ***Останати услуги*** | ***36.434,00*** |
| ***6*** | ***Останати приходи (камати)*** | ***1.857,00*** |
| ***7*** | ***Приходи од судски побарувања*** | ***4.752,00*** |
| ***8*** | ***Приходи од донации*** | ***103.980,00*** |
| | ***Вкупно:*** | ***7.193.645,00*** |

***2.НАПЛАТА РЕАЛИЗАЦИЈА***

***За деловната 2018 година ЈКП Комунална хигиена М. Брод ги има следните резултати на наплата (реализација) прикажани во***

Т А Б Е Л А 2

| | 2015-2017 | 2018 | | Вкупно ненаплатено |
|---|---|---|---|---|
| | Долг | Фактурирано | Наплатено | |
| | | | | |
| Правни лица - Државни | 1,260,747.00 | 3.020.511,00 | 3,488,741.00 | 792,517.00 |
| Правни лица - Приватни | 524,494.00 | 939.262,00 | 920,703.00 | 543,053.00 |
| Физички лица | 1.145.703.00 | 3,487,228.00 | 3,375,898.00 | 1.257.033.00 |
| | | | | |
| Вкупно | 2,930,944.00 | 7,447,001.00 | 7,785,342.00 | 2,592,603.00 |

Од табела 2 се гледа дека во 2018 год. вкупно се наплатени фактури во висина од 7.785.342,оо денари.

3.РАСХОДИ

Во табела 3 прикажани се трошоците во 2018 година по економски категории.

ТАБЕЛА 3

| | |
|---|---|
| ***Плата и надоместоци на плата*** Бруто | ***5,771,627.00*** |
| ***Трошоци по пресуди, извршители и адвокати*** | ***1,032,643.00*** |
| ***Регрес за годишен одмор*** | ***393,095.00*** |
| ***Персонален данок за регрес и новогодишен надоместок*** | ***43,690.00*** |

| | |
|---|---|
| ***Гориво*** | ***434,490.00*** |
| ***Моторни масла*** | ***19,010.00*** |
| ***Топлинска енергија - Огревно дрво*** | ***21,508.00*** |
| ***Електрична енергија*** | ***2,780.00*** |
| ***Услуги за сервис и одржување на моторни возила*** | ***15,690.00*** |
| ***Останати материјали и резервни делови за одржување и сервис.*** | ***29,960.00*** |
| ***Потрошени мат. и рез. дел.за мот.возила*** | ***9,788.00*** |
| ***Услуги за одржување на ЈПП - чистење на снег*** | ***22,000.00*** |
| ***Трошоци за договор на дело*** | ***47,441.00*** |
| ***Услуги за огласување во печат. и ел. медиуми*** | ***32,536.00*** |
| ***Униформирана работна облека и обувки - ХТЗ*** | ***14,628.00*** |
| ***Регистрација на патнички автомобили и товарни возила*** | ***13,878.00*** |
| ***Поштенски услуги*** | ***6,806.00*** |
| ***Интернет услуги*** | ***4,000.00*** |
| ***Банкарски услуги во земјата*** | ***44,332.00*** |
| ***Услуги за одржување на софтвер и веб страница*** | ***30,000.00*** |
| ***Консултантски, советодавни и сметководствени услуги*** | ***9,000.00*** |
| ***Членарина за АДКОМ*** | ***11,000.00*** |
| ***Административни и судски такси*** | ***720.00*** |
| ***Трошоци за рекламен и пропаганден материјал*** | ***6,460.00*** |
| ***Трошоци за репрезентација во земјата*** | ***32,340.00*** |
| ***Трош. за користење на сопст. возило на сл. пат*** | ***31,956.00*** |
| ***Трошоци за ноќевање во земјата*** | ***2,500.00*** |
| ***Трошоци за одржување на паркови и зеленило*** | ***5,339.00*** |
| ***Трошоци поврзани со управување на гробишта - обештетување*** | ***27,500.00*** |
| ***Потрошени материјали и р. делови за одржување на гробишта*** | ***14,640.00*** |
| ***Услуги за одрж. на градски гробишта*** | ***12,000.00*** |

| | |
|---|---|
| ***Услуги за заштита и оддр. на животна средина*** | ***12,000.00*** |
| ***Потрошен помошен материјал*** | ***14,941.00*** |
| ***Подлоги за изработка на сметки и фактури*** | ***11,055.00*** |
| ***Потрошени канцелариски материјали*** | ***10,377.00*** |
| ***Останати трошоци од работењето*** | ***7,662.00*** |
| ***Трошоци за лиценцирање, сертификати и слично*** | ***1,424.00*** |
| ***Потрошен материјал за чистење и одржување*** | ***1,076.00*** |
| ***Трошоци за ситен инвентар*** | ***648.00*** |
| ***Амортизација на недвижности, постројки и опрема*** | ***166,804.00*** |
| | |
| **ВКУПНО** | ***8,369,344.00*** |

Коефициентот на солвентност е со негативен предзнак што укажува на негатвна солвентност односно не постои добивка со која би се покриле обврските со кои се завршуваат годините.Овој показател се влошува од година во година и солвентноста останува сеуште негативна.

Општата констатација е дека во ЈП „Комунална хигиена“ е потребно подобро управување со ликвидноста.

Структурата на приходите и расходите може да варира од година во година. Сепак најбитните активности за непречено работење на претпријатието се покриени, што може да се види од прикажаните приходи и расходи. За подобра работа на претпријатието, а со тоа и подобрувавање на работата со управување со комуналниот отпад, општината треба да изнајде механизам за дополнително финансирање на комуналното претрпијатие. Општината можеби нема потенцијални можности за финансирање од сопствени сретства, но преку соработка со различни инвеститори може да придонесе кон подобрувањето на состојбата со управување со комуналниот отпад.

**ПРЕГЛЕД НА ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ**
**ПРЕСМЕТАНИ ЗА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2016, 2017 и 2018 ГОДИНА**

| **2016 г.** | **ПРИХОДИ** | |
|---|---|---|
| Категорија | Приходи планирани | Приходи реализирани |
| Даночни приходи | 24.811.483 | 19.262.695 |
| Неданочни приходи | 4.932.000 | 2.372.321 |
| Трансфери и донации | 94.284.049 | 45.056.152 |
| Капитални приходи | 63.169.468 | 14.192.992 |
| Вкупно | 187.197.000 | 80.884.160 |
| | **РАСХОДИ** | |
| | | |
| | **Трошоци планирани** | **Трошоци реализирани** |
| Резерви | 250.000 | 45.000 |
| Плати,наемнини и надоместоци | 32.036.000 | 28.773.693 |
| Стоки и услуги | 34.556.000 | 12.106.255 |
| Субвенции и трансвери | 5.180.000 | 1.038.968 |
| Капитални расходи | 115.175.000 | 38.920.244 |
| Вкупно | 187.197.000 | 80.884.160 |
| Резерви | 250.000 | 45.000 |
| Вкупно | 187.197.000 | 80.884.160 |

| **2017г.** | **ПРИХОДИ** | |
|---|---|---|
| Категорија | Приходи планирани | Приходи реализирани |
| Даночни приходи | 24.356.483 | 16.751.037 |
| Неданочни приходи | 4.933.000 | 2.376.506 |
| Трансфери и донации | 60.843.049 | 43.048.076 |
| Капитални приходи | 63.169.468 | 21.910.542 |
| Вкупно | 153.302.000 | 84.086.161 |
| | **РАСХОДИ** | |
| | Трошоци планирани | Трошоци реализирани |
| Плати,наемнини и надоместоци | 34.101.000 | 29.744.139 |
| Стоки и услуги | 35.377.000 | 15.554.226 |
| Субвенции и трансвери | 5.842.000 | 1.255.111 |
| Капитални расходи | 76.432.000 | 35.879.555 |
| Резерви | 250.000 | 30.000 |
| Камати | 1.300.000 | 28.460 |
| Вкупно | 153.302.000 | 82.491.491 |
| **2018** | **ПРИХОДИ** | |
| Категорија | Приходи планирани | Приходи реализирани |
| Даночни приходи | 24.780.000 | 13.130.615 |
| Неданочни приходи | 5.233.000 | 1.632.152 |
| Трансфери и донации | 64.192.429 | 33.826.580 |
| Капитални приходи | 61.556.571 | 3.489.778 |
| Вкупно | 155.742.000 | 52.079.125 |
| | **РАСХОДИ** | |
| | Трошоци планирани | Трошоци реализирани |
| Плати,наемнини и надоместоци | 33.354.000 | 28.525.875 |

| | | |
|---|---|---|
| Стоки и услуги | 29.061.000 | 13.423.080 |
| Субвенции и трансвери | 5.542.000 | 1.554.511 |
| Капитални расходи | 86.905.000 | 7.300.019 |
| Резерви | 250.000 | 90.000 |
| Камати | 630.000 | 81.098 |
| Вкупно | 155.742.000 | 50.974.583 |

Кај општината Македонски Брод се анализираа планираните и реализираните трошоци и приходи за изминатите три години според определни категории.

**1. Анализа на приходите**

Првиот показател е **соодносот меѓу планираните и реализираните приходи**. Показателот е пресметан за секоја категорија на приходите. Резултатите покажуваат дека во 2016 година реализираните приходи се околу 43% од планираните. Показателот се зголемува следната година и изнесува 55% , и во последната анализирана година, 2018, достигнува само 33,4% на реализирани приходи од планираните. Од ова произлегува заклучокот дека показателот не е задоволителен параметар за прибирање на планираните приходи во општинската каса. Затоа, ова треба да биде предмет на понатамошни анализи на раководството, со цел да се надминат причините за ваквите појави.

Врз основа на направената анализа се покажува дека општината не ги реализира во целост планираните приходи. *Ова укажува на фактот дека е потребна подобра организација на администрацијата со цел предвидените приходи да се остварат и така да се обезбедат повеќе средства во општинската каса во согласност со планираните преку општинскиот буџет, а кои пак ќе придонесат за реализација на вакви проекти.*

**2. Анализа на трошоците**

Првиот показател кој е пресметан го покажува **соодносот меѓу планираните и реализираните трошоци**. Показателот е пресметан за секоја категорија на трошоците. Сепак, вкупните трошоци за сите три години покажуваат дека реализацијата во 2016 година е 43% ,2017 год реализацијата е 53% додека во 2018 год реализацијата е 33%. Ова покажува дека кога општината ги планира трошоците се фокусира во главно да ги покрие основните расходи за нејзино функционирање.

**<u>Показателот за структурата на трошоците</u>** покажува во основа речиси подеднаква распределба на категориите трошоци низ годините. Доминираат трошоците за стоки и услуги и за плати, наемнини и надоместоци . Анализата покажува дека општината не ги реализира во целост и трошоците. Значи во иднина треба во планот за реализација да се вклучат најважните трошоци за општината, секако водеќи особено сметка за тоа тие да бидат и реално изводливи. Така, доброто планирање на трошоците води од една страна кон подобрување на овој процент за успешност во реализацијата на трошоците, а од друга страна, што е многу позначајно, доведува до тоа да се реализираат трошоци кои се од исклучителна важност за општината, како на пример имплементацијата на овој проект за планирање и управување со отпадот.

## 2. Предвидувања на идните состојби во врска со управувањето со отпад

### 2.1 Генерирање на отпад

Врз основа на фактот што бројот на населението во последните пописи спроведени на територија на Р. Македонија не покажува голем раст, (некаде околу 0,12% пораст на население на годишно ниво), вклучувајќи ги индикаторите за наталитет, морталитет и природен прираст на населението, се претпоставува дека ваквиот тренд ќе остане и за наредните 6 години.

Ако се претпостави исто така, дека создавањето на отпад по жител на годишно ниво нема да надмине 300 kg, заради спориот раст на економијата и стандардот на жителите на општината, тогаш трендот на продукцијата на отпад за следните 6 години би бил следниот:

**Табела 15 - Генерирање на отпад 2020 -2025**

| **Година** | **2020** | **2021** | **2022** | **2023** | **2024** | **2025** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. жители во урбана средина (52%) | 3820 | 3830 | 3840 | 3850 | 3860 | 3870 |
| Генериран отпад во урбана средина (т/год) | 1098 | 1101 | 1104 | 1107 | 1110 | 1113 |
| Бр. жители во рурална средина (48%) | 3441 | 3441 | 3441 | 3441 | 3441 | 3441 |
| Генериран отпад во рурална средина (т/год) | 482 | 482 | 482 | 482 | 482 | 482 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на жители | 7261 | 7271 | 7281 | 7291 | 7301 | 7311 |
| **Вкупно генерирање на отпад во општина Македонски Брод (т/год)** | **1580** | **1583** | **1586** | **1589** | **1592** | **1595** |

Во однос на воведување на систем за сепарирање и преработка на корисните фракции од отпадот предвидено е следното сценарио:

Количнините на фракциите кои можат да се рециклираат, согласно составот на комуналниот отпад, дадени се во следната табела:

**Табела 16 - Состав на отпад 2020 -2025**

| Фракција | Застапеност (%) | Вкупно (тони) |
|---|---|---|
| Органски отпад | 26.2% | 2495 |
| Дрво | 2.7% | 257 |
| Хартија и картон | 11.6% | 1104 |
| Пластика | 9.7% | 923 |
| Стакло | 3.5% | 333 |
| Текстил | 2.9% | 276 |
| Метали | 2.6% | 247 |
| Опасен отпад | 0.2% | 190 |
| Композити | 2.2% | 209 |
| Комплексни производи | 0.3% | 285 |
| Инертен отпад | 3.6% | 342 |

| Фракција | Застапеност (%) | Вкупно (тони) |
|---|---|---|
| Други категории | 3.6% | 342 |
| Ситни делови | 30.9% | 2943 |
| Вкупно | 100% | 9525 |

Органскиот отпад, како фракција, се издвојува со најголеми количини. Истиот варира од место до место и во најголема мерка зависат од прехрамбените навики на населението, како и од видот на стопанските активности. Дополнително, врз количината на отпадот во голема мерка влијае и сезоната. Сезонскиот карактер особено се манифестира во текот на пролетта и есента, кога се генерираат најголемите количини на биоразградлив отпад од домаќинствата.

### 2.2 Собирање, транспорт и одложување на отпадот

Системот за собирање, транспорт и одложување на отпадот го врши ЈП „Комунална хигиена". Истото е предвидено да стопанисува на територија на општина Македонски Брод се до моментот додека не се воведе регионално управување со отпадот, кое како насока е дадено во Стратегијата за управавување на отпад во РМ. Местото каде што ќе се одложува отпадот е депонијата „Барбарас", којашто и досега се користеше за одложување на комуналниот отпад. Доколку во периодот за којшто е изготвен овој План за управување на отпад не се воведе регионално управување со отпад, општината заедно со комуналното претпријатие ќе се обиде да го подобри управувањето со отпадот, преку исполнување на активностите предложени во Планот.

## 3. Насоки и цели во врска со управувањето со отпад

Општина Македонски Брод има за цел да го усогласи управувањето со отпадот, дадено во соодветните законски рамки и правни документи.

Законот за управување со отпадот е граден врз основа на фундаменталниот концепт или хиерархија за управување со отпадот, кој различните опции за справување со отпадот ги категоризира од најдобра до најлоша, согласно следниот редослед:

1. Превенција: (редукција / минимизација на создавање на отпад)
2. Повторна употреба
3. Рециклирање / компостирање
4. Искористување на енергијата содржана во отпадот по пат на согорување
5. Отстранување (на депонија)

Хиерархија за управување со отпад /

Приоритет при управување со отпад




Општината, заедно со комуналното претпријатие, ќе ги почитува насоките дадени во пропишаната легислатива и преку исполнување на активностите дадени во Планот и Програмата за управување со отпад, ќе ја подобри сосојбата со управувањето на отпад во општината.

## 4. Стимулативни мерки за реализација на активностите за избегнување и намалување на количеството на создадениот отпад, како и повторно користење, рециклирање и користење на отпад како извор на енергија

Основната цел при секое управување со отпад е да се минимизираат количините на отпад, кои ќе се депонираат и да се искористи секоја фракција од отпадот којашто има соодветна употребна вредност.

Многу од мерките кои можат да се применат со цел да се намали количината на создавање на отпад, како и негово повторно користење, рециклирање и користење на отпадот како извор на енергија, се спроведуваат или треба да бидат спроведени на државно ниво.

Доколку постојат соодветни пунктови, места за собирање на отпад кој може да се рециклира (хартија, пластика, метал, органски отпад исл.), што би се поставиле од приватниот сектор или пак преку програми на ЈП „Комунална хигиена” за воведување на селективно собирање на комуналниот отпад (доколку се изнајдат финансиски сретства за нив), количината на депонираниот отпад значајно ќе се намали.

Во однос на јакнење на свесноста и мотивираноста на населението за потребата од намалување и селектирање на отпадот, се препорачува да се воведат стимулативни мерки, изразени низ:

- **намалување на цената на собирање на отпад**, за оние лица кои ќе вршат селекција на отпадот. Вредностите, т.е. количините кои би завршувале на општинската депонија значително ќе се намалат, а со тоа ќе се подобри квалитетот на животната средина. Изводливоста на овој критериум може да се процени врз основа на анализа на трошоци за транспорт на отпад без претходно спроведена селекција и со применет систем на селекција на отпадот.

- **издавање на дозволи за интегрирано спречување и контрола на загадувањето**. Инсталациите, како мерка за намалување и избегнување на создавањето на отпадот од индустриските капацитети, треба да ги применуваат препораките од најдобрите достапни техники, што е основа за издавање на интегрирани еколошки дозволи за кои што е надлежна општината. Во најдобар случај пазарните услови треба да влијаат стимулативно врз бизнис секторот од оваа област.

## 5. Начини за отстранување на отпадот што не може да се избегне и да се преработи

При соодветно управување, т.е. започнување со системот на сепарирање на отпад, ќе се придонесе кон намалување на количините на депониран отпад на општинската депонија. Освен фракциите кои што имаат економска вредност и можат на различен начин да се искористат, другиот отпад мора да биде одложен на депонија.

Земајќи ја предвид сегашната состојба со управување на отпадот, во отсуство на сепарирање на истиот, како и минорни случаи на реупотреба и рециклирање, на тоа додавајќи ја сегашната состојба со депонијата „Барбарас", која што исполнува минимум техничките критериуми, треба да се стави посебен акцент при одложувањето на отпадот.

Веќе е отпочната идејата на регионално управување со отпад, каде што општината Македонски Брод, влегува во Југозападниот плански регион, каде се формира заедничко тело на управување. Доколку се изгради соодветна регионална санитарна депонија тогаш отпадот кој што неможе да се преработи, сепарира, реупотреби или рециклира, соодветно ќе се одложи на санитарна депонија и нема да претставува закана за животната средина.

Доколку се реализира концептот за регионално управување со отпадот, тогаш потребно е оваа опција детално да се разработи, преку изготвување на Студија за управување со отпадот на регионално ниво. Ваквиот начин на управување со отпад не само што ќе го реши проблемот на прекумерно создавање на отпадот, туку ќе придонесе кон правилно одложување на истиот, со што ќе се намали притисокот врз животната средина. Се до моментот на регионално управување со отпадот, целокупниот отпад кој се собира од страна на ЈП „Комунална хигиена" ќе биде депониран на општинската депонија.

Согласно пропишаната регулатива за формирање и одржување на депонии, треба да се внимава за состојбата за животната средина, особено на квалитетот на подземните води. Досега не се внимавало за правилно управување со депонијата и истата е без соодветна заштита, што може да резултира со загадување на подземните води.

Една од мерките за намалување на влијанието врз животната средина од постојната депонија за отпад во општина Македонски Брод, е Б-дозволата за интегрирано спречување и контрола на загадувањето.

Делумно како фракција во комуналниот отпад се сретнува и опасниот отпад. Општината треба да се погрижи овој отпад да се сепарира од комуналниот, додека пак државата, односно надлежниот орган за работите поврзани со животната средина, треба да се погрижи за финалното згрижување на опасниот отпад.

**6. Определување на видот и на количеството отпад, според кои се определува обврската за правните и физичките лица да изработуваат програми за управување со отпад**

Заради воведување на систем за управување со отпадот на ниво на Општина, треба да бидат вклучени сите создавачи на отпад (индивидуални, физички и правни лица) и да се воспостави соодветна база на податоци за сите правни и физички лица кои стопанисуваат во Општина Македонски Брод. По идентификувањето, треба да се разгледаат оние индустриски капацитети кои според Законот за животна средина (Сл. весникнаРМ.бр.53/05,81/05,24/07,159/08,83/09,47/10,124/10,51/11,123/12,93/13,187/13,42/14,44/15,129/15,192/1,39/16 и 99/18) и Законот за отпад (Сл. весник на РМ бр. 68/2004, 71/2004, 107/2007, 102/2008 ,143/2008,124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15 ,192/15). и 63/2016) се обврзани да изготвуваат програма за животна средина, т.е. инсталации кои припаѓаат под ИСКЗ (Интегрирано Спречување и Контрола на Загадување) режимот и член 21 од Законот за отпад, кој вели дека сите создавачи на отпад со годишни количини поголеми од 150 t неопасен отпад или 200 kg опасен отпад, се должни да изготват плански документи за управување со отпад. Ваквите субјекти потребно е планските документи за неопасен отпад да ги достават до Општината за нивно разгледување и одобрување, додека пак планските документи за опасен отпад треба да се достават до надлежниот орган поврзан со работите околу животната средина (Министерство за животна средина и просторно планирање) на разгледување и одобрување.

Општина Македонски Брод веќе има изготвено листа/база на инсталации, кои фигурираат на нејзината територија. За истите е проверено дали подлежат на ИСКЗ режимот. Информациите кои се добиени од пополнетите барања за интегрирана еколошка дозвола или пак дозвола за усогласување со оперативен план влезени се во соодветната база на податоци за управување со отпад од индустриските капацитети, а со тоа ќе се придонесе до соодветно следење на количините на отпад, создадени од правните

и физичките лица. Оние инсталации кои не припаѓаат кон ИСКЗ режимот, согласно член 24 од законот за животна средина, треба да изготват Елаборат за заштита на животната средина и истиот да го достават до МЖСПП или до општината за одобрување. Во него јасно треба да бидат нагласени сите видови на отпад кои се генерираат од таа инсталација. Ваквите информации Општината ги бара и ги систематизира во соодветна база за следење на создавањето, постапувањето со отпадот, неговиот транспорт и одлагањето.

**7. Реализација на системот за мониторинг при управувањето со отпад**

Согласно Законот за отпад и Поглавје IX, Мониторинг, општината треба да врши мониторинг на управувањето со отпад, преку реализација на активностите дефинирани во планот за управување со отпад на Општина Македонски Брод.

Мониторингот на управувањето со отпадот се состои од:

1) следење на состојбата со управувањето со отпадот;

2) собирање и доставување податоци за видот, количеството и за потеклото на создадениот, преработениот и отстранетиот отпад;

3) земање и испитување на мостри;

4) податоци за увозот, извозот и транзитот на отпадот;

5) контрола, обработка и анализа на податоците;

6) известување и предупредување на надлежните органи за можна опасност;

7) обезбедување информации за влијанието на создадениот отпад врз животната средина и

8) соработка и размена на податоци и информации со меѓународните информациони мрежи.

Добивањето на податоци за следење на реализацијата на планот и програмата воглавно треба да биде обезбедено со пополнување на формуларите за идентификација и транспорт на отпад како и со пополнување на годишните извештаи за управување со отпад. Сите овие документи се дел од подзаконскиот акт: “Правилник за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за транспорт и идентификација на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишните извештаи за постапување со отпад” (Сл. весник бр. 7/2006) и претставуваат обврска за претпријатијата кои управуваат со отпад, како и за општинските власти.

Локалната администрација преку овие инструменти во секој момент може да има преглед за состојбите во областа на управувањето со отпад..

Градоначалникот е должен да доставува годишен, консолидиран, извештај за состојбите во управувањето со неопасниот отпад во Општина Македонски Брод, до надлежното Министерство, најкасно до месец март за претходната година.

## 8. Конкретни мерки и активности за намалување на биоразградливите состојки во отпад наменет за отстранување и временскиот распоред и обемот на нивното реализирање

Сите активности, кои водат кон намалување на биоразградливите состојки од отпадот кој се носи на општинската депонија, се содржани во предвиденото воведување на селекција на биоразградливиот отпад и неговото компостирање. Според количината на создаден биоразградлив отпад од домаќинствата доколку не се воведе регионално управување со оптадот, се препорачува да се премине кон привремено решавање на проблемот со сепарирање на отпадот и изградба на компостара која би опфатила неколку општини кои се во близина на Општина Македонски Брод.

### 8.1 Основа за воведување на компостирањето на биоразградливиот отпад

Европската директива за депонирање упатува на потребата земјите да ги намалат количините на депониран органски отпад. Затоа органскиот отпад во иднина ќе треба да биде пренасочен и третиран надвор од депониите. Најефективната технологија за ова е компостирањето.

Доколку за отпадот се размислува на економски и одржлив начин, можно е дел од органската фракција на комуналниот цврст отпад да се искористи и да се произведе висококвалитетен подобрувач (бонификатор) на почва, компост, со споредлива или малку повисока цена од онаа за депонирање, а пониска од онаа за согорување, што би била втора опција за пренасочување на органскиот отпад надвор од депониите. Значи, произведениот компост ќе има индиректни ефекти врз количините и квалитетот на земјоделското производство, заради зголемување на квалитетот на почвата. При проценка на придобивките од компостирањето треба да се земат предвид и економските ефекти од намалување на депонискиот простор и продолжување на векот на траење на депонијата. За споредба, во Европа цената на депонирање е од 70-100 €/t, а за согорување повеќе од 120 €/t. Цената на произведен компост изнесува од 21-26 €/t, за годишен капацитет од 10.000 t.

Овие процеси треба да се изведувани под услови прифатливи за животната средина. Во општините со мал број на земјоделски производители, како што е Општина Македонски Брод, третманот на биоразградливиот отпад (од домакинствата, земјоделието и комерцијалниот-од пазарите) со компостирање, може да се гледа како повеќе домашно компостирање. Иако со сегашната пракса сеуште депонирањето е поефтино од компостирањето, со воведувањето на регионалните депонии трошоците за депониран тон ќе бидат многу повисоки од сегашните.

Придобивките од овој начин на третирање на отпадот не се само финансиски. Најголемата придобивка, како што напоменавме, е заштедата на простор за депонирање, но и намалувањето на транспортните трошоци од домовите до депонијата. Финансиската вредност на квалитетниот компост не е голема, но неговата вредност при апликацијата на земјоделските површини е од

огромна важност за подобрување на бонитетот на почвите и може да се пресмета и преку цената на добиениот производ (цената на производот и неговата конкурентност на пазарот).

Опциите за компостирање во Општина Македонски Брод се ограничени заради лимитираните количини на органска фракција во комуналниот отпад што упатува на опциите од индивидуално компостирање или регионално здружување на повеке општини со сличен квалитет на отпадот и изградба на централна компостара која би овозможила рентабилно компоститрање, со ниски цени на третманот и висок квалитет на компостот.

Сепак за реализација на оваа идеја е неопходно организирање на систем на управување со отпад, кој ќе овозможи соодветно селектирање и третман на материите кои може да се рециклираат (меѓу кои и биоразградливиот отпад), на финасиски одржлив начин.

Значи, како почетна активност во процесот на компостирање би била воведување на систем за селектирање на органската фракција и воведување на финансиски олеснувања за оние кои би го правеле тоа индивидуално во своите домаќинства или стопанства, а следна фаза би била здружување на повеке општини и изградба (или надоградба на постоечката) централна компостара на регионално ниво.

### 8.2 Типови на органски отпад за компостирање

Производството на квалитетен компост бара одделно собирање на органски отпад. Пред да биде поставен системот за сепарирање и компостирање на органски отпад, потребно е да се воспостави и одржливо да се финансира добро организиран целокупен општ систем за собирање и управување со отпад.

Како значителен извор на биоразградлив отпад се и земјоделието и сточарството, кои не можат да се занемарат, со оглед на бројот на руралните неселени места во општината.

### 8.3 Препораки за активности, кои треба да се преземат од страна на општината Македонски Брод за управување со биоразградлив отпад

Изводливоста на воведувањето на одвоено собирање на органската фракција на комунален цврст отпад и на земјоделскиот растителен и животински отпад и производство на компост би се потврдила низ:

- Подготовка и реализација на пилот проект при што органскиот отпад од зелените пазари како и другите типови на "чист" органски отпад, кој е одделно создаден, може да се користи за производство на компост. Тоа може да се направи во посточките капацитети во регионот.
- Стимулирање на индивидуални иницијативи за одвоено собирање и компостирање на органскиот отпад на локално ниво, преку ослободување од дел од надоместокот за собирање на отпадот.
- Контрола на квалитетот на компостот со цел да се определи неговата употребна вредност.

- Подготовка и имплементација на информативна кампања насочена кон производителите на отпад и компост.
- Подготовка на програма за развој на пазарот. Програмата треба да ги вклучи сите носители (локалните власти, потенцијалните компостери и целокупниот сектор за управување со отпад). Програмата треба да го промовира производство на компост и да ја дефинира инфраструктура за компостирање
- Трансфер на знаења и добри пракси, прво на општинско ниво, а потоа пошироко, на регионално ниво, со можност за окрупнување на активностите, со што би станале поефикасни и економски поисплатливи.

Компостот произведен од мешан комунален отпад не може да биде безбедно употребен во земјоделието. Во основа тој единствено може да биде употребен како покривачки материјал на депонии или во високо загадени рударски области за некои општи активности за ремедијација. Затоа мешаното компостирање може да биде прифатено само ако произведениот компост замени некој поскап материјал.

Сепак, земајки го во предвид руралниот карактер на Општина Македонски Брод, не би требало да се исклучи нејзиниот потенцијал за продукција на високо квалитетен компост, произведен само од растителните отпадоци кои потекнуваат од земјоделието.

### 8.4 Препорачана технологија за компостирање

За Општина Македонски Брод препорачливо е да одбере технологија на домашно компостирање или т.н. аериран куп за компостирање со ниски трошоци.

Инсталациите треба да бидат дизајнирани за работа на отворено со покриви или алтернативи за полупокриени површини. Се очекува дека со ваква поставеност ќе биде постигната најоптималната комбинација со ниски трошоци и контрола на процесот. Ова бара локација која нема да биде близу до урбана средина или друга рурална средина наменета за живеење, односно надвор од населено место и може да се комбинира со депонија, за да се избегнат проблемите кои ќе се појават како резултат на испуштање на непријатен мирис.

Како што е претходно кажано, како опција треба да се разгледа и можното искористување на постоечките капацитети за компостирање на регионално ниво. Ова сепак треба да е предмет на една сеопфатна и детална студија, која би ја утврдила потребата и финансиската изводливост на компостирањето на биоразградливиот отпад во Општина Македонски Брод.

## 9. Утврдување на потребите на општината за изградба на објекти и инсталации за преработка на отпад

### 9.1 Генерални правци за идниот плански период во однос на управувањето со отпад

Дефинирањето на најсоодветниот начин на управување со отпадот за Општина Македонски Брод, пред сé треба да зависи од реалните можности за имплементација на вака поставената задача. Се смета дека по сите основи (институционални, организациски, финансиски, технички како и човечки ресурси), општината Македонски Брод има многу ограничени можности. Во таква ситуација, барањата на ЕУ Директивите и на Законот за отпад заедно со Стратегијата за управување со отпад, треба да се преточат во концепт кој барем минимално ќе ги задоволува овие критериуми и ќе покаже дека Општина Македонски Брод во рамките на своите реални можности ќе даде свој придонес во приближувањето кон националните стандарди и оние на ЕУ во делот на управување со отпадот и ќе го подигне степенот на заштита на животната средина од негативните влијанија на отпадот. Генерално, концептот на планскиот период треба да биде насочен во два правци:

1. Воспоставување на нов систем на управување со отпад, преку т.н. регионален пристап;
2. Воведување на систем за примарна селекција на отпад.

Директивите на ЕУ, кои се преточени во националното законодавство, се водич за воспоставување на најсоодветен начин на управување со отпад. Во нив се бара целокупното управување со отпад да биде безбедно за здравјето на човекот и за животната средина. Врз основа на погоре спомнатите генерални правци за достигнување на минимално ниво на усогласеност со овие директиви потребно е да се спроведат следните активности во период од шест години:

- постепено воведување на нова пракса за депонирање на отпадот на постојната општинска депонија;
- калкулирање на сите трошоци создадени при управувањето со отпад при формирањето на цената на услугата;
- регионално решавање на системот за управување со отпад;
- подигнување на степенот на наплата од домаќинствата, индустријата и институциите;
- постепено воведување на селекција на комуналниот отпад на местото на создавање (домаќинства, индустрија и институции);
- спроведување на јавни кампањи за потребата и придобивките од селектирање на отпад и компостирање.

## 9.2 Основа за воведување на примарна селекција на отпадот

Стратешката основа во врска со селектирање на отпадот на ниво на држава е негово намалување, реупотреба и рециклирање, заради економската исплатливост и зачувување на животнта средина.

Процентуалното учество на секоја фракција во комуналниот отпад е земено од Националниот план за управување со цврст отпад-Специјална студија за состав на отпад, каде беа направени мерења на фракциите од комуналниот отпад во урбани, семи-урбани и рурални средини.

Рециклирањето и повторното користење на корисните фракции од отпадот е еден од базичните елементи на современото одржливо управување со отпадот. Вредноста на овие материјали, а особено на материјалите кои се производ од фосилните горива (пластика) од ден на ден е се поголема и со тоа нивната преработка станува поисплатлива.

Моментално во Република Македонија се врши откуп на отпадна пластика, разните видови метали, хартијата и текстилот и стакло.

Со цел согледување на можните приходи, кои би се оствариле со собирање, процесирање и продавање на материјалите од комуналниот отпад, кои можат да бидат подвргнати на рециклажа, извршена е процена на можните приходи. Бидејќи цените по кои се откупуваат секундарните суровини се во зависност од видот и квалитетот на истите (видот на хартија, пластика или метал), како и степенот на обработка (балирани, испрани, иситнети, сепарирани по боја и др.), користени се просечни цени и тоа:

**Табела 17 - Пазарни цени на одделни фракции од отпадот**

| Вид на суровина | Цена (од - до) | Просечна цена |
|---|---|---|
| Хартија | 1 кат.балирана 4.62 ден/kg до 2.12 ден/kg неселектирана | 2.5 ден./kg |
| Пластика | ПЕТ, земј.фолија 5-8 ден/kg | 6 ден./kg |
| Метал | 4.5 ден/kg дебелина < 3 mm<br>8 ден/kg дебелина > 6 mm | 6 ден./kg |
| Текстил | Разни видови 1-2 ден/kg | 1 ден./kg |

Вкупните можни приходи по основ на собирање и продажба на материјали кои можат да се преработат се прикажани во следната табела:

Може да се заклучи дека во Општина Македонски Брод фракции од отпадот којшто може да се преработи се релативно мали и начинот на воведување на примарна селекција ќе зависи од неговата исплатливост. Регионалниот пристап е еден од условите за успешно организирање на овој вид на селекција.

Бенефитите од рециклирањето, покрај обезбедувањето на стабилни приходи, би се однесувале на заштитата на животната средина, како и продолжување на векот на користење на која и да било санитарна депонија, бидејќи и од аспект на волумен и од аспект на тежина значително би се намалиле и количините на отпад кои завршуваат на депонијата.

### 9.3 Опис на системот на примарна селекција

Врз основа на горе изнесеното, постои оправданост за воведување на примарна селекција на отпадот, како од системски (правен) аспект, така и од финансискиот аспект. Овој систем може истовремено да служи за добивање на корисни фракции наменети за рециклажа и за компостирање.Концепциски, примарната селекција може да биде воведена на два начина, во зависност од структурата и организационата поставеност на општината:

1. Со целосна покриеност на системот преку општинското јавно комунално претпријатие и

2. Со препуштање на целосна организација на селектирање, транспорт и рециклирање на отпад на заинтересирани претпријатија (договор за услуги, концесија).

Од технички аспект, минимално селектирање на отпад може да се изведува на следниве начини:

- со воведување на систем од две канти (или ќеси) за селектирање на влажен (биоразградлив отпад) и за сув отпад (пластика и хартија) или т.н. индивидуално селектирање на отпад,
- со поставување на т.н. рециклажни острови во регионите каде има колективно домување (систем на повеке пластични или метални контејнери поставени на некое централно место кои граѓаните ги полнат со соодветни материјали за преработка) или
- со комбиниран систем од претходните системи.

Со воведување на селекцијата воедно би требало да биде опфатен и биоразградливиот отпад што е препорака од ЕУ Директивите, која обврзува на постепено намалување на количините на депониран биоразградлив отпад.

Изборот на најефикасниот и најсоодветниот систем треба да се направи врз детална анализа на техничките, финансиските, организациските и другите услови на работење.

За воведување на било кој систем од горенаведените, неопходно е претходно да се спроведе широка медиумска кампања заради информирање, едуцирање и инволвирање на јавноста во предвидените активности. За комерцијалните објекти и индустријата, интерното селектирање на отпадот може да се организира како било која друга работна задача, бидејќи веќе претходно треба да е воспоставен најопштиот систем на управување.

Интерес за спроведување на системот имаат:

**Локалната самоуправа**, заради тоа што се намалуваат количините на отпад наменети за депонирање со што се продолжува векот на траење на општинските или регионалните депонии (основниот принцип на современото управување со отпад), се создаваат можности за отворање на нови работни места и се ангажира јавноста како дел од процесот на заштита на животната средина и се остваруваат приходи од инсталациите кои се бават со рециклирање.

**Бизнис секторот** од локално или пошироко значење, кој се занимава со рециклирање, заради воспоставување на стабилен систем на дотур на селектиран материјал (со административно одобрување и ангажман на локалната администрација, во рамките на својот дел, преку издавање на локации за поставување на садови и потпишување на договор со бизнис секторот), кој има многу поголема вредност ако е селектриран во изворот на создавање (да не се меша со останатите видови на отпад, како што е денешната пракса).

**Јавните комунални претпријатија** би имале свој интерес заради помалите трошоци, како резултат од намалувањето на количините на отпад наменет за депонирање. Ова значи дека се намалува фрекфенцијата на собирање на отпад, било неделно или дневно. Ако ЈП е вклучено во организирање на системот на селекција и преработка на отпадот тогаш финансиските добивки можат значајно да го подобрат финансиското работење на истите.

**Невладиниот сектор** има свој интерес заради можноста да учествува во креирањето и практицирањето на целокупниот систем.

Овој заеднички интерес може да биде движечка сила за спроведување на целосниот концепт.

## 10. Локации и инсталации за отстранување на отпад

Досегашната пракса на одложување на комуналниот отпад е на времената локација за депонија “Барбарас”, која треба да ги исполнува минимум техничките критериуми за одложување на комуналниот отпад.

## 11. Податоци за интегрираната национална мрежа за отстранување на отпад и инсталациите за преработка на отпад

Интегрирана мрежа за отстранување на отпад и на инсталациите за преработка на отпад на ниво на Р. Македонија не постои заради тоа што депониите се сеуште на ниско ниво во однос на усвоените стандарди, за да можат да служат за прифаќање и депонирање

на отпад од другите општини иако во пракса тоа се случува но на несоодветен начин. Во однос на капацитетите за преработка на отпад (рециклажа) исто така не постојат средени податоци во вид на интегрирана национална мрежа.

Согласно Стратегијата за управување со отпад и Националниот план за управување со отпадот, преку развивање на регионален систем за управување со комуналниот отпад ќе се овозможи да се создаде интегрирана национална т.е. регионална мрежа за отстранување на отпадот.

## 12. Технички и други услови коишто треба да се исполнат при управувањето со отпад

Во Правилникот за постапување со комуналниот и другите видови на неопасен отпад (Службен весник на РМ бр. 147/07) јасно се поставени условите како правилно да се постапува со отпадот. Општината заедно со ЈП „Комунална хигиена" ги почитуваат условите поставени во овој Правилник и преку активностите наведени во овој план ќе продолжат со правилно управување со отпадот.

## 13. Мерки за санација на дивите депонии и на загадените области

Во Општина Македонски Брод не постојат индустриски загадени области кои имаат свое историско занчење. Сепак, свеста кај повеќето од населението не е подигнато до ниво кое може да гарантира правилно управување со отпадот.

Идентификуваните диви депонии на територија на целата општина, претставуваат сериозна закана за нарушување на медиумите на животната средина. Иако ЈП редовно ги отстранува некои од настанатите диви депонии кои се резултат од неправилното одложување на комуналниот, опасниот и инертниот отпад, сепак општината треба да изнајде начин како да ја подигне свесноста на неселнието околу начинот на селектирање, рециклирање и одложување на отпадот. Едукацијата на населението е една од приоритетни мерки кои треба да се спроведат со цел да се намали бројот на диви депонии. Дополнително, како мерка може да биде поставување соодветни контејнери на локациите (со поголем габарит), кадешто комуналниот отпад би се собирал на едно место и истиот лесно би бил отстранет од локацијата или да се формираат претоварни пунктови.

Дивите депонии во иднина ќе бидат опфатени со урбанистичките планови, при што ќе им биде дадена идна намена. Отпадот кој што се наоѓа на нив треба да биде дислоциран и во зависност од неговата категорија ќе се одложи на соодветната депонија.

## 14. Активности коишто се преземаат од страна на единицата на Локалната самоуправа во врска со управувањето со отпадот

Врз основа на претходните проценки и констатации, дефинирани се акции кои треба да се исполнат за следниот шест годишен период, дадени во табела 21. Предложените акции се дадени

земајќи ги предвид реалните можности на Општина Македонски Брод, како и барањата што произлегуваат од националната законска рамка и ЕУ директивите. Исполнувањето или неисполнувањето на акциите во голема мера ќе зависи од способноста на самата општина, постепено, во фаза, да планира, имплементира и целосно да се справи со оваа проблематика. Предложените проценти на опслужено население, ниво на селекција и рециклажа и нивото на компостирање, се дадени врз основа на претпоставки за влегување на приватен капитал во оваа дејност, како најлесно изводлива опција за постигнување на дадените цели. Во секој случај, остварувањето на Планот треба да се следи систематски и секогаш да се интервенира доколку е потребно.

Анализа на јаките и слабите страни на состојбите со управување со отпадот се претставени во следната табела:

**Табела 18 SWOT (ЈСМЗ) анализа**

| **Јаки страни** | **Слабост** |
|---|---|
| - Формирано јавно претпријатие<br>- Има воспоставен систем на собирање и одлагање на отпадот<br>- Има релативно добра наплата<br>- Има времена депонија, која ги задоволува минималните услови<br>- Постои јака волја за учество во регионалниот пристап на решавање на отпадот | - Слабо развиена свест кај населението<br>- Недостаток на финансики сретства/инвестиции (надворешни и на општината)<br>- Не се создадени услови за селектирање, собирање и транспорт на биоразградлив отпад<br>- Можно неприфаќање од соседните општини во воведување на регионален систем на управување со отпад |
| **Можности** | **Закани** |
| - Намалување на отпад по пат на сепарирање<br>- Употреба на корисни фракции од комуналниот отпад<br>- Правилно управување со депонија<br>- Формирање пунктови за прифаќање на корисен отпад | - Несоодветно управување со отпадот<br>- Загадена животна средина |

Индикаторите за остварувањето на Планот можат да се одредат врз основа на конкретни показатели во однос на предложените активности. Истите зависат од вкупниот број на опслужено население, што соодветно би создавало одредени количини на отпад кои организирано ќе се собираат и врз основа на планираните проценти на рециклирање и компостирање, дадени се количините на селектиран отпад кои треба да се соберат. Овие индикатори се променливи, што значи ако некој од нив не се исполнил треба да се направи детална анализа за причините и врз основа на таа оценка да се ажурираат планските барања за следните години. Тоа значи да се намалат одредените плански барања, ако е можно да бидат изразени во бројки или да се оптимизираат одредени активности. Ако некој од индикаторите покажува успех, тогаш треба да се стимулира таа одредена акција. Исто така треба да се анализираат и оние индикатори кои не покажуваат ниту раст ниту намалување.

Табела 19

| Акции | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | Финансиски ресурси |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Јакнење на административните и оперативноте капацитети | Јакнење на капацитети на ЈКП и Општината | Техничка опременост и екипирање на човечкиот потенцијал | Техничка опременост и екипирање на човечкиот потенцијал | Техничка опременост и екипирање на човечкиот потенцијал | Техничка опременост и екипирање на човечкиот потенцијал | Техничка опременост и екипирање на човечкиот потенцијал | Буџет / надворешни (кредити, донации) |
| 2. Уредување на постојна депонија | постигнување на стандарди и технички критериуми | постигнување на стандарди и технички критериуми | постигнување на стандарди и технички критериуми | постигнување на стандарди и технички критериуми | постигнување на стандарди и технички критериуми | постигнување на стандарди и технички критериуми | Буџет / надворешни (кредити, донации и финансиски програми) |
| 3. Воведување на систем за селектирање и собирање на отпад на целата територија | Припремни работи за воведување на системот | Покривање на 50% од неопслуж. население | Покривање на 60% од неопслужено население | Покривање на 70% од неопслуж. население | Покривање на 80% од неопслуж. население | Покривање на 100% од неопслуж. население | по пресметка заедничко вложување (договор со приватен оператор) |
| 4. Центри за рециклажа | Воведување на систем за примарна | Ниво на рециклажа 30 % | Ниво на рециклажа 40 % | Ниво на рециклажа 50 % | Ниво на рециклажа 60 % | Ниво на рециклажа 70 % | по пресметка заедничко |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | селекција | | | | | | вложување<br><br>(договор со приватен оператор) |
| 5. Управување со биоразградливиот отпад | Селектирање/собирање/Изградба на компостара | Ниво на застапеност 30% | Ниво на застапеност 50% | Ниво на застапеност 70% | Ниво на застапеност 75% | Ниво на застапеност 80% | Општина / инвестиција |
| 6. Подигање на јавна свест | Изготвување програма за подигање на јавна свест | Кампања за правилно управување со отпад и управување со органски отпад и сепарирање на отпад | Исполнување на активности од програмата | Исполнување на активности од програмата | Исполнување на активности од програмата | Исполнување на активности од програмата | Буџет / програма за животна средина на МЖСПП |

## 15. Мерки за едукација и за подигање на јавната свест за управување со отпад

### 15.1 Учество на јавноста во процесот - управување со отпад

Воспоставување на пракса за вклучување на јавноста е битен фактор во процесот на донесување на одлуки, значајни за животната средина, преку соработка со јавните комунални претпријатија, Локалната самоуправа и НВО секторот. Процедурата за вклучувањето на јавноста е дефинирана во Архуската конвенција и стана обврска за Р. Македонија со денот на нејзиното ратификување. Исто така, елементи од Конвенцијата се преточени во Законот за животна средина, кои го гарантираат правото на учество на јавноста во одлучувањето и пристапот до правдата за прашања поврзани со животната средина.

Најважна активност во целиот процес е организација за собирање на отпадот, како одлука на граѓаните. Јавноста ќе биде јасно и прецизно информирана за начинот на собирање на отпадот.

Јавноста треба да биде информирана и едуцирана за потребата од намалување на отпадот, како и негова реупотреба и рециклирање. За секоја активност која што ќе ја превземе оштината, јавноста ќе биде известена и вклучена во неа.

Во процесот на дефинирање на целите за извршување на услугите во областа на животната средина, јавноста треба да биде вклучена, а координатор на активноста може да биде локална НВО која се занимава со оваа дејност или други стручни лица кои се занимаваат со оваа проблематика. На ваков начин населението полесно ќе ја прими обврската и свесно ќе ја реализира.

Од голема важност е преземање на конкретни активности и проекти од типот "Заедно кон почиста општина", организирање на трибини, конференции за печат и следење на истото од страна на локалните медиуми. Највисока цел, која треба да се постигне со јавните кампањи, е зголемување на јавната свест кај населението, но и изнаоѓање на најдобро можно и одржливо решение со што ќе се воспостави баланс помеѓу потребите на населението, можностите на јавното комунално претпријатие и потребите на приватниот сектор.

Комуналните претпријатија или приватниот сектор ќе ја информираат јавноста за превземање на конкретни чекори во управувањето со отпадот и ќе побараат мислење од граѓаните во врска со тоа. Ова е битно за понатамошно успешно работење и одржливост на целиот систем на работа. Од голема важност е системот за собирање на отпад да биде прифатен од страна на населението со што би се постигнале саканите ефекти, а би било од корист и за идните инвеститори кои што би го искористиле отпадот, како и за Јавното комунално претпријатие.

Медиумите се алатка на општината и на ЈП за подобро запознавање на јавноста за сите активности кои се преземени од оние кои управуваат со отпадот, било да е ЈП „Комунална хигиена“ или приватно комунално претпријатие. Соработката со медиумите е важна поради:

- Пренесување на пораките преку медиумите;
- Можност да се чуе гласот на локалното население;
- Информирање и јакнење на свеста кај јавноста / целни групи во јакнење на животната средина;
- Можност за повикување на граѓаните на акција како и објаснување како тие можат да учествуваат;
- Можности за влијание врз државните органи (институции, власти, политичари).

Во согласност со горе наведеното, треба да се направи стратешки план за комуникација со медиумите при реализирање на Планот:

- Одредување на медиумски цели на Планот како резултат на општите проектни цели;
- Одредување на целни групи на кои ќе им се обраќаме и каков впечаток ќе оставиме врз нив;
- Одредување на пораки кои треба да бидат пренесени за постигнување на саканата цел.

### 15.2 Активности на јавната кампања

*Активности кои треба да се превземат за реализирање на "Кампања за подигнување на јавната свест":*

- Припрема, дизајн и печатење на промотивен материјал-флаери;
- Поставување на основни информации за Планот како и планираните активности кои следат за селективното собирање на комуналниот отпад и негово рециклирање;

*Подготовка на радио и телевизиски емисии под наслов "Правилно управување со отпад - пат до почист развој"*

Во соработка со заинтересирани телевизиски и радио канали со финансиска подршка од општината, Програмата за животна средина на МЖСПП и други спонзори, би се снимиле одреден број на телевизиски и радио емисии, заради подобро претставување на проблемот - управување со отпад во општина Македонски Брод. Темите кои ќе се опфатат во емисиите, се оние кои се застапени во самиот документ "План и програма за управување со отпад во општина Македонски Брод". Емисиите ќе бидат во два циклуса, при што првиот циклус на емисии ќе биде со цел да се презентираат активностите кои ќе

бидат превземени, а во вториот циклус ќе бидат презентирани постигнатите резултати од тие активности.

Овие емисии можат да одат два-три пати неделно, во ударни термини во текот на еден месец, а потоа да се повторуваат во одредени интервали.

*Кампања за подигнување на јавната свест во процесот на воспоставување на одржливо управување со отпад*

- *Прва фаза:*

- Доставување на флаери на корисниците на комунални услуги;
- Поставување постери на достапни места во општината со цел промоција на проектот и известување на јавноста за значењето на управувањето со отпадот и идниот одржлив развој на општината;
- Емитување на првиот циклус на радио и телевизиски емисии;
- Одржување на конференција за печат со цел претставување на проектот, неговите цели и активности. На конференцијата треба да бидат повикани претставници од електронските и печатените медиуми;
- Web презентација на изведените активности во оваа фаза.

- *Втора фаза:*

Еднодневна работилница - обука на наставниот кадар во основните училишта која ќе ги опфати следните активности:

- Наставници од основните училишта кои ќе покажат заинтересираност за проектот, ќе учествуваат во работилница со цел нивна обука за изведување на работилници во рамки на училиштата на тема "Правилно управување со отпадот - пат до почист развој";
- Обуката ќе ги опфати следните теми: сегашна состојба во областа со управување со отпад, економски и еколошки аспекти на рециклирањето, примарна сепарација, потреба од минимизирање на отпадот, промена на навиките на потрошувачите, негативни ефекти и неправилно третирање на отпадот, неопходна промена на односот кон животната средина итн;
- Емитување на вториот циклус на радио и телевизиски емисии;
- Web презентација на изведените активности и постигнатите резултати во оваа фаза.

- *Трета фаза:*

Преземање на конкретни активности кои ќе ја финализираат јавната кампања:

- Повик кон локалното население за учество во акција за собирање на материјали за рециклирање;

- Организација на наставниот кадар заедно со учениците практично да ги применат искуствата стекнати од обуките и работилниците;
- Награди од страна на општината до оние кои собрале најголема количина на материјали за рециклирање;
- Web презентација на изведените активности и постигнатите резултати во оваа фаза.

*Очекувани резултати од јавната кампања:*

- Развиен модел за едукација на населението за проблемите во животната средина;
- Развиен модел за едукација на наставниот кадар, подготвен да ги едуцира учениците во основните училишта за управување со отпадот, потребата од рециклирање, минимизирање и повторна употреба на отпадот. Развиена свест на просветните работници за потребата од интензивирана едукација;
- Повисоко ниво на свест кај најмладата популација и пошироката јавност за потребите од рециклирање и учество во примарната селекција на отпадот. Поголема заинтересираност на популацијата за проблемите во животната средина и учество во акции на ниво на општината;
- Развиена свест на медиумите за потребата од учество и сеопфатно и реално информирање на јавноста за сите аспекти за заштитата на животната средина (посебно за отпадот) и актуелните случувања на тоа поле;
- Воспоставување на соработка на НВО секторот, локалната самоуправа, медиумите, ЈП „Водовод и канализација“, приватниот сектор и сите заинтересирани во процесот за подигање на јавна свест и воспоставување на систем за управување со отпад.

Процесот на подигнување на јавната свест е неопходно да се продолжи и да се збогатува со нови содржини во склад со принципите на правилно управување со отпадот.

## 16. Финансиски инструменти за спроведување на планот за управување со отпад

Планот за финансирање на активностите за имплементација на планот и програмата во себе вклучува:

- финансиски сретства од сопствени извори и
- финансиски сретства од надворешни извори.

**За првата категорија на активности** од планот и програмата кои не можат да добијат карактер на т.н. проектни трошоци финансирани од надворешни извори, се оценува дека општината и ЈП „Комунална хигиена“ треба да ги ангажираат сопствените интелектуални ресурси или да ангажираат од сопствени средства локални/регионални консултанти за реализација на овие активности. Проценетите трошоци за овие активности би се движеле во граници од 2.000 - 4.000 евра.

Резултатите од направената анализа на финансиските податоци за општината и покрај негативните параметри укажуваат дека потребните средства и за двете активности општината може да ги издвои од сопствени средства. Анализата укажува дека во општината потребно е да се подобри начинот на кој се обезбедуваат приходите во општинската каса и начинот на кој тие се трошат. Имено, станува збор за подобрување на процесите на реализација на планираните приходи и трошоци, односно имплементирање на буџетот.

**За втората категорија на активности** од планот и програмата кои можат да добијат карактер на т.н. проектни трошоци финансирани од надворешни извори, се оценува дека треба да се подготви и спроведе тендерска постапка за нивна реализација. Трошоците за организацијата и спроведувањето на тендерската постапка ќе се подмири од сопствени извори и се очекува да се движи во граници од 1.000 - 2.000 евра, додека пак самата набавка ќе се финансира од надворешни средства.

**Структура на планот за финансирање на имплементацијата на планот и програмата за управување со отпадот во општината Македонски Брод:**

**а) задолжување од страна на општината, ЈП „Комунална хигиена“ или комбинирано;**

Според последните измени на Законот за финансирање на Локалната самоуправа, секоја општина за да се задолжи потребно е претходно да добие согласност од страна на Министерството за финансии. За да ја добие оваа согласност, општината треба да поднесе Барање за задолжување до Министерството за финансии, одделение за јавен долг и во тој предлог општината треба да наведе за што бара одобрение за задолжување, да даде опис на проектот за кој се задолжува, кои се предностите од неговото имплементирање, но најважно од се, во што ги препознава општината корисностите од имплементацијата на проектот. Откако ќе добие позитивен одговор од Министерството, општината ќе може да оди со опцијата задолжување**б) буџетска (владина) контрибуција;**

Според последниот Закон за задолжување на општините, а во согласност со новите правила за финансирање на општините од буџетски средства, општините можат да добијат буџетско (владино) учество во некој проект само доколку се докаже дека проектот е од јавен (државен) интерес.

**в) финансирање од страна на донатори во форма на грант;**

За да се обезбедат средства по овој основ, најповикано е раководството на општината затоа што општината самостојно, на основа на подготвен предлог проект или физибилити студија, треба да агитира кај потенцијалните инвеститори за обезбедување на средства. Најчесто користена практика е организирање на донаторски конференции од страна на општината на кои се покануваат сите меѓународни организации, институции или

претпријатија кои финансираат проекти, донираат средства или работат во областа за која се бара финансиска поддршка.

**г) комбинирано финансирање со донација и владина контрибуција;**

**д) со учество на приватен капитал за јавни услуги (договор за концесија);**

**ѓ) средства од сопствен буџет;**

Со цел општината да може да смета на сопствени средства за финансирање на овие активности, потребно е редовно да ја следи финансиската состојба на општината и јавното претпријатие преку следење на погоре пресметаните показатели со особено внимание на движењето на показателот за расположливиот работен капитал кој во основа покажува колку средства има општината и јавното прептпијатие на располагање за инвестиции.

17.Планот за управување со отпад за период 2020-2025 година влегува во сила од денот на објавување во Сл.Гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18-893/20**

**29.11.2019 год.**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на План за управување со отпад во Општина Македонски Брод за период 2020-2025 година**

Се прогласува План за управување со отпад во Општина Македонски Брод за период 2020-2025 година, што го донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Бр.08- 893/25**
**02.12.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**дипл.шум.инг Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14 ,1/15 и 4/17-пречистен текст), по поднесено барање од Нада Богдановска бр.18-872 од 12.11.2019 година, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29 Ноември 2019 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за постапување по барање од лицето Нада Богданоска**

1 Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29 Ноември 2019 година по предлог од советниците донесе Заклучок да се задолжат службите во Општина Македонски Брод во рамките на можностите да помогне во изградбата на црквата Св.Спас во с.Звечан.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Број 18 - 893/21**
**29 .11.2019 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Заклучок за постапување по барање од лицето Нада Богданоска**

Се прогласува Заклучок за постапување по барање од лицето Нада Богданоска, што го донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Бр.08- 893/25**
**02.12.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**дипл.шум.инг Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02), а согласно со член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 22/18 и 101/2019), член 21 точка 32 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод" бр. 02/03, 1/06, 1/11, 11/14,1/15 и 4/17-пречистен текст), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на времено користење на деловни простории на месна заедница с.Девич**

Член 1

Со оваа Одлука, општина Македонски Брод на месната заедница с.Девич и го пренесува правото на времено користење на една просторија во стара училишна зграда, опишани во Имотен лист бр 14, на КП бр.479 во КО Девич, објект 1, сопственост на општина Македонски Брод согласно Решение број 23-1430/18 од 23.03.1999 година од Влада на РМ.

Член 2

Наведениот простор се дава на користење за време од 5 години и без надоместок за извршување на дејноста на месната заедница Девич.

Тековните инвестиции, одржувањето, како и плаќањето на сите давачки (струја, вода и др.) паѓаат на терет на корисникот.

Член 3

Советот на општината го овластува Градоначалникот на Општина Македонски Брод да склучи договор за издавање на користење на наведениот простор со корисникот, каде подетално ќе бидат договорени правата и обврските на странките во договорот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод".

**Број 18-893/22**
**29.11.2019 година**
**Мак.Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Одлука за давање на времено користење на деловни простории на месна заедница с.Девич**

Се прогласува Одлука за давање на времено користење на деловни простории на месна заедница с.Девич, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Бр.08- 893/25**
**02.12.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**дипл.шум.инг. Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03...4/17-пречистен текст), по доставено барање од ЈКП „Комунална хигиена“ - Македонски Брод бр.18-862/1 од 11.11.2019 година, Советот на Општина Македонски Брод на 30-та седница одржана на ден 29.11.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање на согласност на Одлуката на УО на ЈКП „Комунална хигиена“ Македонски Брод бр.02-241/3 од 18.10.2019 година за измена и дополна на висината на сметките за собирање на отпад**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, дава согласност на Одлуката на УО ЈКП „Комунална хигиена“ Македонски Брод бр.02-241/3 од 18.10.2019 година за измена и дополна на висината на сметките за собирање на отпад.

**2**. Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 18 - 893/23**
**29.11.2019 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО на ЈКП „Комунална хигиена“ Македонски Брод бр.02-241/3 од 18.10.2019 година за измена и дополна на висината на сметките за собирање на отпад**

Се прогласува Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО на ЈКП „Комунална хигиена“ Македонски Брод бр.02-241/3 од 18.10.2019 година за измена и дополна на висината на сметките за собирање на отпад, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Бр.08- 893/25**
**02.12.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**дипл.шум.инг. Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03...4/17-пречистен текст), по доставено барање од ЈКП „Комунална хигиена“ - Македонски Брод бр.18-862/2 од 11.11.2019 година, Советот на Општина Македонски Брод на 30-та седница одржана на ден 29.11.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за недавање на согласност на Одлуката на УО на ЈКП „Комунална хигиена“ Македонски Брод бр.02-241/5 од 18.10.2019 година за нова методологија за фактурирање на сметки за отпад**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, недава согласност на Одлуката на УО ЈКП „Комунална хигиена“ Македонски Брод бр.02-241/5 од 18.10.2019 година за нова методологија за фактурирање на сметки за отпад.

2. Се задолжува ЈКП „Комунална хигиена“ да изготви нова методологија за фактурирање на сметки за отпад со подршка на службите од Општина Македонски Брод и истата ја достави до Советот во најкраток можен рок.

**3**. Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 18 - 893/24**
**29.11.2019 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на Одлука за недавање на согласност на Одлуката на УО на ЈКП „Комунална хигиена“ Македонски Брод бр.02-241/5 од 18.10.2019 година за нова методологија за фактурирање на сметки за отпад**

Се прогласува Одлука за недавање на согласност на Одлуката на УО на ЈКП „Комунална хигиена“ Македонски Брод бр.02-241/5 од 18.10.2019 година за нова методологија за фактурирање на сметки за отпад, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.11.2019 година.

**Бр.08- 893/25**
**02.12.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**дипл.шум.инг. Живко Силјаноски с.р.**

**Службен гласник број 13 од 02.12.2019 година на Совет на општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А


Програма за урбанистичко планирање на територијата на Општина Македонски Брод за 2020 година ........................................................................................ стр. 2

Заклучок за прогласување на Програма за урбанистичко планирање на територијата на Општина Македонски Брод за 2020 година ........................................................ стр. 7

Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2020 година ..................................................... стр. 8

Заклучок за прогласување на Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2020 година ..................................................................................................................стр. 13

Програма за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод за 2020 година ................................................................................................................ стр. 14

Заклучок за прогласување на Програма за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод за 2020 година .................................................................. стр. 19

Програма за одржување на јавната чистота во Општина Македонски Брод за 2020 година ........................................................................................................................ стр. 20

Заклучок за прогласување на Програма за одржување на јавната чистота во Општина Македонски Брод за 2020 година .................................................................. стр. 25

Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2020 година ......................... стр. 26

Заклучок за прогласување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2020 година ........................................................................................................................ стр. 31

Програма за одбележување годишнини на значајни настани и личности во Општина Македонски Брод за 2020 година ........................................................................... стр. 32

Заклучок за прогласување на Програма за одбележување годишнини на значајни настани и личности во Општина Македонски Брод за 2020 година ............................. стр. 36

Програма во областа на еднаквите можности на мажите и жените во Општина Македонски Брод за 2020 година ........................................................................... стр. 37

Заклучок за прогласување на Програма во областа на еднаквите можности на мажите и жените во Општина Македонски Брод за 2020 година ................................. стр. 45

Програма за управување со отпад во Општина Македонски Брод за 2020 година ........................................................................................................................................ стр. 46

Заклучок за прогласување на Програма за управување со отпад во Општина Македонски Брод за 2020 година ........................................................................... стр. 52

Програма за заштита на животната средина и природата во Општина Македонски Брод за 2020 година ........................................................................................... стр. 53

Заклучок за прогласување на Програма за заштита на животната средина и природата во Општина Македонски Брод за 2020 година ........................................... стр. 59

Програма за Локален економски развој на Општина Македонски Брод за 2020 година ............................................................................................................... стр. 60

Заклучок за прогласување на Програма за Локален економски развој на Општина Македонски Брод за 2020 година ........................................................................... стр. 65

Програма за развој на туризмот во Општина Македонски Брод за 2020 година ........................................................................................................................................ стр. 66

Заклучок за прогласување на Програма за развој на туризмот во Општина Македонски Брод за 2020 година ........................................................................... стр. 70

Програма за развој на културата и спортот во Општина Македонски Брод за 2020 година ............................................................................................................... стр. 71

Заклучок за прогласување на Програма за развој на културата и спортот во Општина Македонски Брод за 2020 година .......................................................... стр. 77

Програма за зимско одржување на улици и патишта на територијата на Општина Македонски Брод за 2020 година ........................................................................... стр. 78

Заклучок за прогласување на Програма за зимско одржување на улици и патишта на територијата на Општина Македонски Брод за 2020 година ....................................... стр. 84

Програма за заштита и спасување на граѓани и материјални добра од природни непогоди и други несреќи ................................................................................ стр. 85

Заклучок за прогласување на Програма за заштита и спасување на граѓани и материјални добра од природни непогоди и други несреќи .......................................... стр. 90

Програма за социјална заштита во Општина Македонски Брод за 2020 година ........................................................................................................................................ стр. 91

Заклучок за прогласување на Програма за социјална заштита во Општина Македонски Брод за 2020 година ........................................................................... стр. 98

Програма за заштита и благосостојба на животните преку потикнување на одговорното сопственииштво и решавање на проблемот со бездомните кучиња затекнати на јавни површини на територијата на општината за 2020 година .................................... стр. 99

Заклучок за прогласување на Програма за заштита и благосостојба на животните преку потикнување на одговорното сопственииштво и решавање на проблемот со бездомните кучиња затекнати на јавни површини на територијата на општината за 2020 година ........................................................................................................ стр. 103

Локален акционен план за родова рамноправност 2020-2024 година ............ стр. 104

Заклучок за прогласување на Локален акционен план за родова рамноправност 2020-2024 година ........................................................................................... стр. 111

План за управување со отпад во Општина Македонски Брод за период 2020-2025 година ........................................................................................................ стр. 112

Заклучок за прогласување на План за управување со отпад во Општина Македонски Брод за период 2020-2025 година ........................................................................ стр. 161

Заклучок за постапување по Барање од лицето Нада Богданоска .................... стр. 162

Заклучок за прогласување на Заклучок за постапување по Барање од лицето Нада Богданоска ..................................................................................................... стр. 163

Одлука за давање на времено користење на деловни простории на месна заедница с.Девич .................................................................................................... стр. 164

Заклучок за прогласување на Одлука за давање на времено користење на деловни простории на месна заедница с.Девич ...................................................................... стр. 165

Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО на ЈКП „Комунална хигиена“ Македонски Брод бр.02-241/3 од 18.10.2019 година за измена и дополна на висината на сметките за собирање на отпад ....................................................................... стр. 166

Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО на ЈКП „Комунална хигиена“ Македонски Брод бр.02-241/3 од 18.10.2019 година за измена и дополна на висината на сметките за собирање на отпад ............................................. стр. 167

Одлука за недавање на согласност на Одлуката на УО на ЈКП „Комунална хигиена“ Македонски Брод бр.02-241/5 од 18.10.2019 година за нова методологија за фактурирање на сметки за отпад ......................................................................................... стр. 168

Заклучок за прогласување на Одлука за недавање на согласност на Одлуката на УО на ЈКП „Комунална хигиена“ Македонски Брод бр.02-241/5 од 18.10.2019 година за нова методологија за фактурирање на сметки за отпад ...................................................... стр. 169